## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Сто дваесет и шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 февруари 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Дами и господо пратеници,

Ја отварам Сто дваесет и шесттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Рафет Муминовиќ, Ванчо Ѓорѓиев, Благој Голомеов, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Абдуладител Вејсели, Љубчо Ѓеорѓиевски, Мендух Тачи, Али Ахмети, Абдилаким Адеми, Фазли Велиу, Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на државната Комисија за спречување на корупцијата.

Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Тито Петковски, Ефтим Манев и Драго Шајноски.

Министерот за образование и наука достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Славица Грковска и Илија Китаноски.

Министерот за економија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Славица Грковска, Славе Арсовски, Илија Србиновски и Драго Шајноски.

Министерот за здравство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ристо Пејоски, и Тома Глигоријвски.

Министерот за правда одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Назлие Даути и Сашо Дохчев.

Министерот за локална самоуправа достави одговор на пратеничкото прашања поставено од пратеникот Ѓорѓе Паљошковски.

Министерот за финансии достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Драго Шајноски.

Министерот за внатрешни работи достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Илија Србиновски.

Го молам пратеникот Тито Петковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Тито Петковски не е тука.

Го молам пратеникот Ефтим Манев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ефтим Манев.

**Ефтим Манев:** По однос на поставеното прашање кое што е поставено во месец јули минатата година дадениот одговор укажува на едно идно решение на тоа прашање, што не би имал дополнително прашање, се до месец мај да видиме што ќе направи Владата.

Немам дополнително прашање, бидејќи одговорот на Владата е за во едно идно време дека тоа ќе се реши во месец мај оваа година, а прашањето е поставено минатата година во месец јули. И не е решен и не можам да поставам дополнително прашање. Ќе причекаме да дојде месец мај.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Драго Шајноски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Драго Шајноски.

Министерот за економија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Славица Грковска, Славе Арсовски, Илија Србиновски и Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Од одговорот не сум задоволен. Но, задоволен сум што сепак е напишан одговор каков што јас очекував. Овој одговор во себе содржи признание за незаконитоста на решението од Комисијата за хартии од вредност за поништување на трансакцијата за купување на акции од ЕМО од страна на српско-црногорскиот инвеститор Миодраг Марковиќ. Фактот што за одговор на Комисијата за хартии од вреднст и требаа четири месеци, а во тој период не се случи ништо по однос на овој предмет што можеше да влијае на одговорот, сите пресуди, одлуки списи, записи, закони, итн, се исти и денес како и пред четири месеци. Во сувопарниот одговор нема некои детални образложенија кои што би барале долго време, а зборува дека Комисијата за хартии од вредност имала голем проблем да објасни што направила. Ова и било особено тешко, ако се знае дека оваа Комисија за хартии од вредност само со друг претседател кој бил пред Весна Пендевска и само пред некој месец од наименувањето на Весна Пендевска на неговото место, го одбил барањето, ова исто барање за преиспитување на приватизацијата во АД ЕМО и барателот го упатила на суд како што Весна Пендевска го направи тоа во случајот со Тиквеш. Незаконитоста на решението на Комисијата за хартии од вредност уште еднаш е потврдена и со пишувањето на овој текст кога во образложението за решението за поништување на трансакцијата како доказ за законитоста ја наведува одлуката на второстепената владина комисија која беше и налогодавач на ова незаконито деание, како и претседателот на Врховниот суд.

Дополнително немам што да ги прашам, затоа што нема и што да се добие одговор од нив.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Славица Грковска да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од министерот за образование и наука или сака да постави дополнителни прашања.

Имате три прашања, за секое по три минути дали сте задоволни, или не.

Има збор пратеникот Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе што се однесува на одговорот на првото прашање кое се однесува на критериумите и правилата со кои се доделени средства од холандската донација за подобрување на квалитетот на образованието на здружението Нуредин Фетахи и група професори од Тетово за апликација на математичката теорија.

Не сум задоволна од одговорот и сакам да поставам дополнително прашање. Во 2004 година министерот има пратено писмо до Амбасадата на Кралството Холандија во име на благодарност и известување за ефектите на ваквата теорија. Ме интересира од кои средства тогаш се доделени средства за ваквата теорија. И повторно ме интересираат правилата и критериумите врз основа на кои се доделени овие средства. Затоа што, ако имаме во предвид дека ниту Институтот за математика, ниту Институтот за информатика, ниту МАНУ тврди дека ова е некоја нова теорија која може да придонесе за развој на математичкото образование. Како проценило Министерството дека господинот Фетаху кој што воопшто не е ни математичар, мислам дека има завршено степен на Технолошкиот факултет, може со ваква непотврдена теорија да придонесе за развој на математичкото образованите во средните училишта, поготово на меѓународен план, ако секоја година особено за меѓународните натпревари нашите ученици кои редовно се враќаат со освоени медали се соочуваат со проблем и финансирањето на нивните натпревари. Значи, ме интересира врз основа на кои тогаш средства, од која холандска донација и повторно врз основа на кои правила и критериуми се дозволени овие средства за финансирање на ваква апликација.

**Слободан Најдовски:** Во однос на ова прашање, мислам во сценариото господине министре тоа ви е како второ прашање, дополнителното прашање.

Има збор министерот за образование и наука господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Во однос на ова прашање пред некое време беше дигната поголема прашина, мислам непотребна и со што се ориентираше јавноста, или вниманието на јавноста кон една, да кажам сега како што беше кажано неоснована теорија и непотврдена теорија, која што јас ќе се обидам уште еднаш да ја објаснам, тоа што според мои информации може да биде предмет на одговор.

Како прво, ние велиме дека сите помошти, или донации од меѓународната заедница кои што не се поединечни туку во склоп на, значи ги прифаќаме во одреден правец. Тие се во функција на унапредување на образованието и каде што сигурно тие одлучуваат кој и како ќе ја користи таа донација. А ние со писмо сигурно дека подржуваме донации кои што одат во насока на зајакнување и подобрување на состојбата во образованието или во научната мисла, без разлика дали тоа е потврдена или непотврдена теорија. Министерството не оценува од стручен аспект, туку подржува политики кои што би довеле до некои сознанија кои со сигурност дека можат да бидат потврдени и непотврдени, без да одредиме цел која институција, или поединец кој тоа ќе го користи, затоа што тоа го одредуваат донаторите. И од тој аспект ако има потреба од некои дополнителни објаснување ние можеме подетално тоа да го образложиме. Но, мислам дека не се средствата од Министерството за образование, средствата се од донаторот, а ние принципиелно ги подржуваме таквите активности, не само оваа, туку и други. А дали се тие теории потврдени и непотврдени, тоа го кажува веројатно научната мисла, или фелата која што се занимава со тоа. Тука не гледам нешто што би можел повеќе да објаснам во тој правец.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓице Грковска, по однос на останатите две пратенички прашања. По однос на првото прашање кое што е за реконструкција на ОУ Григор Прличев.

**Славица Грковска:** Во однос на прашањето за ОУ Григор Прличев, јас би сакала да го прашам министерот, дали веќе се доделени средствата кои што се оделени, средствата од еден милион денари за реконструкција на санитарните јазли во училиштетот. Сакам уште еднаш да апелирам, овие средства колку е можно, а доколку не се стигнати, колку е можно побрзо да стигнат, затоа што состојбата со санитарните јазли во ОУ Григор Прличев е прилично алармантна. Практички, прашање е на време кога би можело да настане некој поголем проблем. Еден дел од санитарните јазли се затворени и не се користат токму заради тоа што може да се сруши санитарниот јазол во секој момент.

Значи, ме интересира, дали се доделени овие средства.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за образование господинот Азис Положани.

**Азис Положани:** Во склоп на активностите за уредување и подобрување на состојбите во инфраструктурата и ова училиште е вклучено и овие денови го правиме тој распоред на распределба на средствата. Мислам дека тоа ќе биде надминато како проблем.

**Слободан Најдовски:** И по однос на одговорот на третотот прашање има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Третото прашање се однесува на верификација на согласноста за замена на парниот котел во ОУ Дане Крапчев во Скопје. Можам делумно да бидам задоволна од прашањето, затоа што како што пишува тука, меѓу оние училишта кои што се предвидени за интервентни потреби и за финансирање од страна на програмите на Министерството за образование е и ОУ Дане Крапчев.

Меѓутоа, сакам само да апелирам, особено кога станува збор за интервентните потреби на училишта ваквите средства да се префрлуваат побрзо, затоа што навистина станува збор за чиста среќа што досега не е случена поголема хаварија во ОУ Дане Крапчев.

Значи, немам дополнително прашање, бидејќи е ставено во Програмата, меѓутоа само апелирам овие средства побрзо да се префрлат.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Илија Китаноски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе, од писмениот одговор апсолутно не сум задоволен, затоа што ова што е приложено веројатно и министерот го нема видено. Ако го види добро ќе свати и тој дека апсолутно одговорот и решението на второстепената комисија со која што го поништува решението на градоначалникот за разрешување на директорот на ОУ Христо Узунов, е пример на чиста бирократија без никакви конкретни образложенија, туку само посочување на членови, прекршување на постапката, а со ниеден збор суштински не се кажува во кој дел постапката е прекршена, затоа што училишниот одбор постапил апсолутно во согласност со законот. Значи, имаме ситуација сега обратна, онаму каде што веќе осум месеци наназад сме сведоци во училиштата дека градоначалниците не можат да ги разрешуваат директорите, туку тоа може да се прави на иницијатива на училишниот одбор. Овде е токму таков случај. Значи, училишниот одбор согласно Законот за основно образование констатирал неправилности, извршено е интервју со директорот во негово присуство, во присуство на просветен инспектор. И навистина не гледам во што е прекршена процедурата при неговото разрешување за второстепената комисија да одлучи да го поништи решението на градоначалникот и да му наложи повторно да го постави за директор посочениот Славе Стојановски. Значи, уште еднаш, решението изобилува со цитати од Законот, и никаде суштински не е кажано во кој дел постапката од страна на училишниот одбор, од страна на градоначалникот е нарушена, прекршена, значи во кој дел суштински во кој член. Само се цитираат членовите од Законот. И на крајот еден заклучок дека при носењето на решението градоначалникот го спровел спротивно на одредбите од посочените и цитираните членови. Значи, ни се цитираат членовите. И заклучок дека градоначалникот тоа го направил спротивно на тие членови.

Во што е спротивноста, уште еднаш ќе повторам, постапено е точно спрема одредбите од Законот за основно образование, посебно членот 100, каде што се констатирани низа неправилности од стра на Училишниот одбор, каде што е повикан директорот да даде изјава во присуство на Просветниот инспекторат. Сето тоа е констатирано. Градоначалникот, врз основа на тоа донесува решение за разрешување.

Сега, второстепената комисија веројатно немајќи некакви други аргументи, а сакајќи да го заштити директорот, не знам од кои причини. . .

**Слободан Најдовски:** Господине Китаноски. . .

**Илија Китаноски:** Јас сум пратеник и имам пратеничко прашање господине претседателе, дозволете ми да довршам во образложението. Можеби не сум во право, ќе ми кажете.

**Слободан Најдовски:** Се извинувам, вие имате добиено одговор на пратеничкото прашање. Имате право на дополнително прашање. Правото на дополнително прашање е ограничено на три минути.

**Илија Китаноски:** Значи ми истекоа трите минути.

**Слободан Најдовски:** Ви истекоа трите минути, а вие не поставивте дополнително прашање. Само го прокоментиравте.

**Илија Китаноски:** Еве, дополнителното прашање е. . .

**Слободан Најдовски:** Еве да го прекршиме Деловникот.

**Илија Китаноски:** Дополнителното прашање е кој дел од постапката, суштински, со зборови, со македонски зборови, фино да биде објаснето, кој дел од постапката е прекршен при носење на решение од страна на градоначалникот и претходно од страна на Училишниот одбор. Во што е прекршено?

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Има збор министерот за образование, господинот Азис Положани. Повелете господине Положани.

**Азиз Положани:** Со новиот Закон за основно образование, тука знаете и вие дека нема ингеренции министерот во однос на именувањето на директорите и разрешувањето. Токму за ова прашање, господинот пратеник коментира решение донесено од Второстепена комисија и кое што ние, како Министерство укажуваме и до училиштето да постапи според тоа решение.

Тоа не е решение на Министерството за образование и наука, туку е според Законот предвидено решение на Второстепената комисија, бидејќи таму се води расправа, се разменувале аргументи за тоа што е во

диспозитивот на решението и според тоа е донесено.

Од таа гледна точка мислам дека тие, сигурно, во расправата нашле повреда на постапката, според членовите што се тука посочени и врз база на тоа, ние како Министерство и кај како министер само преку Инспекторатот пак, без да се вклучам јас како министер, затоа што Законот тоа не го дозволлува, значи е постапено според Решението на Второстепената комисија, за што мислам дека аргументацијата е таму водена. Ако има некои недоречености или странката, да речам или страната, условно, мисли дека Решението не е согласно на аргументите, имаа друг правен лек, а тоа е соодветниот суд, после, во постапка што е надвор од управната постапка и за што треба да докаже дали е тоа така.

Второстепената комисија, очигледно, нашла аргументи за решението што е доставено и пратеникот го коментира. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Положани.

Го молам пратеникот Славица Грковска, да се произнесе дали е задоволна од одговорите добиени од министерот за економија или сака да постави дополнителни прашања.

Повелете госпоѓице Грковска по однос на првото поставено прашање во однос на "Млекарница" - Скопје.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе,

Задоволна сум од одговорот на прашањето, со оглед на тоа што претставува исцрпен одговор за она што го интересираше Здружението на млекопроизводителите "Скопје" - Скопје.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

По однос на второто прашање, тоа е прашањето за "Гоце Дечев" АД - Трубарево, задругата, дали сте задоволни од одговорот. Повелете госпоѓице Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Задоволна сум од исцрпниот одговор и задоволна сум од тоа што Министерството за економија искажа желба да се сретне со овие лица кои ја поднеле оваа информација, барање до Министерството за економија. Се надевам дека на таа средба многу работи ќе се разјаснат и дека ќе одат во прилог на разрешување на состојбите во АД - "Трубарево". Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Го молам пратеникот Славе Арсовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да достави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Славе Арсовски.

Повелете господине Арсовски.

**Славе Арсовски:** Благодарам.

Навистина се потрудив да го разберам одговорот на ова прашање но навистина не успеав да го разберам. Поконфузен одговор не знам, не сум добил. Бидејќи една мисла со другата се судираат, а беше многу стриктно кажано што се бара. Се работеше за сопственичката структура на ГЕЦ - Гостивар, како дел на ОХИС-Скопје. Затоа ќе поставам и дополнително прашање, бидејќи дел од одговорот е навистина нејасен.

Само еден сегмент. Со ОХИС - ГЕЦ Гостивар, а подоцна ОХИМ ГЕЦ, што всушност е основана од акционерите на АД ОХИС - Скопје, значи од акционерите, па долу се вели дека целокупниот имот на ГЕЦ Гостивар е во сопственост на државата, Република Македонија. А горе велилме од акционерите на АД ОХИС - Скопје. Навистина сега не знам кој е сопственикот? Во меѓувреме има потпишано договор за закуп на имотот помеѓу Агенцијата за приватизација и ОХИС ГЕЦ - Гостивар, кој Договор вели - релевантноста на договор накнадно ќе се утврди. Дали има правна сила или нема?

Понатаму вели дека дел на акциите се продадени на берза, па Врховниот суд таа странсакција ја поништи. Навистина, многу недоречености, навистина не се снајдов што е суштината, а тоа го бараат вработените. Затоа ќе поставам дополнително прашање, едно или две.

Прво, колкав е уделот сега на ПИОМ во структурата на капиталот на ГЕЦ Гостивар?

Понатаму, по која цена, кога, колку и кому е продаден пакетот на акции, со што Врховниот суд ја поништува таа трансакција, па повторно е вратен имотот на ГЕЦ ОХИС - Гостивар, износот, да се забележи на берза било продадено, а не се кажува кому, кога и зошто Врховниот суд ја поништува таа трансакција?

Конечно, колкав е уделот сега на државата во капиталот на ГЕЦ Гостивар.

Фактички, три дополнителни прашања. Молам да бидат јасни, вака како што се поставени, бидејќи одговорот не можев да го разберам.

Слободан Најдовски: Имате право на едно дополнително прашање, според деловникот. Ако сметаат дека се поврзани, може да одговорат на трите, ако не, на едно од дополнителните прашања.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Андоновски. Поелете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Благодарам потпретседателе,

Одговорот е комплексен, бидејќи е комплексно целото прашање. Не е така едноставно.

Во однос на вработените, тоа што беше дел од вшето прашање, вработените се со нивна желба и со нивни изјави преминати во ОХИМ, значи во друга фирма, а не се во ГЕЦ - Гостивар.

Што се однесува до сопственичката структура на капиталот, Агенцијата за приватизација донела

одлука за продажба на имотот на ГЕЦ Гостивар, на идеални делови, со тоа што посебно оди недвижниот имот, посебно оди движниот имот. За недвижниот имот се јавил купец, кој што се јавил, добил првостепена одлука, добил второстепена одлука, Врховен суд ја поништил целата приватизација и за тоа е предметот сега повторно во фаза на почеток, како што било.

Колку е точно процентот науделот на ПИОМ ГЕЦ Гостивар, навистина не знам. Меѓутоа, државата има над 50% во ГЕЦ - Гостивар и за тоа државата е таму доминантен сопственик. ќе ја води постапката за приватизација на истата фирма.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Пратеникот Илија Србиноски, не е тука.

Го молам пратеникот Драго Шајноски да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за економија или сака да достави дополнителни прашања.

Првото прашање е по однос на правото на малцинските акционери.

Повелете господине Даго Шајноски, три минути за вашето дополнително прашање.

**Драго Шајноски:** Од одговорот не сум задоволен, а господине потпретседателе, одговорите се доставени сега, пред да влеземе на седницата. Затоа ми треба малку и време да ги видам.

Сепак, од одговорот не сум задоволен, бидејќи не ми е одговорено на моето прашање.

Моето прашање беше, ако судот во предвидениот рок не закаже собрание на акционери, се разбира, претпоставка е дека сите услови и сите потребни елементи за свикување на едно собрание се задоволени, колку пати и кои се моите права ако судот не закаже собрание?

Во одговорот се вели, ако судот не закаже собрание, вие ќе се обратите до фирмата и фирмата ако не закаже, пак ќе се обратите до судот. Според тоа, прашањето ми е колку пати може малцинскиот акционер да се шета од судот до фирмата, а при тоа ги има исполнето сите услови, начини и постапки за свикување на собрание? И одговорот е мајтапење со малцинските акционери.

Јас имав конкретно прашање, на конкретното прашање не ми е одговорено, туку се дава некој измислен одговор дека се е опфатено во моето барање до судот, па судот ќе те врати.

Сега, повторно поставувам прашање, дополнително уште еднаш ќе ви го повторам - Колку пати може малцинскиот акционер да се шета од судот до фирмата, а притоа со сигурност ги има исполнето сите услови, начини и постапка за свикување на собрание?

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Има збор заменик министерот за економија, господинот Саша Андоновски.

Повелете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван пратенику,

Прво, Министерството за економија не дава автентично толкување на закон, ниту служи како правен советник во конкретни ситуации. За тоа постојат адвокати. А, доколку се во целост исполнети условите што ги бара Законот и доколку документацијата е целосна, малцинскиот акционер не треба да шета сто пати или еднаш, туку да си ја заврши работата. Законот тоа го предвидел.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

По однос на второто прашање, господине Шаиноски, што се однесува на тендерот за изградба на далноводот Штип-Бугарија, има збор пратеникот Драго Шајноски.

Повелете господине Шајноски.

**Драго Шајноски:** Вакви објекти, како што беше тендерот за изградба на 400 киловолтниот далекувод од Штип до Бугарска граница, до Црвена Могила, во нашава држава се случуваат еднаш на 10 години најбрзо.

Моето додатно прашање би гласело вака:

Како може, на така сериозен проект што се случува еднаш на 10 години, раководството на ЕМО и тој фантомски Конзорциум да не ги обезбедат потребните документи за учество на тендерот? Дали за тоа ќе се бра одговорност, бидејќи во ситуација кога се бориме за влез на странски инвестиции на Република Македонија, ние ги изигруваме или ги губиме и домашните. Лично сметам дека тендерот што ЕМО го изгуби во нашата држава не е изгубен заради тоа што немаше комплетна документација, туку затоа што се изиграни некои нечесни игри во целата таа работа.

Јас бев учесник на почетокот, на подготвувањето и на документацијата за учество на тендерот и одговорно тврдам дека нема никакви шанси ЕМО да не може да обезбеди гаранција за учество на тендерот. Сето тоа беше подготвено, само требаше да се поднесе.

Со губењето на овој проект ЕМО е доведен во тешка ситуација и ќе мора сега да се бори да биде подизведувач, при што со сигурност ви тврдам ќе се изгубат многу пари како од ЕМО така и од државата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине заменик министре, беше поставено како може ЕМО, така да го дефинираме, како може да не обезбеди документи.

Повелете господине заменик министре.

**Саша Андоновски:**Тендерот беше јавен, тендерот беше транспарентен, имавте увид во се. Навистина не го разбирам прашањето. Прашањето е до Министерството за економија како ЕМО не обезбедил документи? Во ред, ако мислите дека треба да одговориме, добро,

писмено ќе му одговориме, но навистина не знам на што да одговориме.

Далноводот ќе се гради, господине Шајноски, да не се секирате, наскоро ќе почне изведувањето. Ќе има работа и за ЕМО, ќе има работа за сите. А, за вашето прашање конкретно, немам одговор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Го молам пратеникот Ристо Пејоски да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за здравство или сака да постави дополнителни прашања.

Првиот одговор е на прашањето на донесување подзаконски акти предвидени со Законот за здравствена заштита.

Повелете господине Пејоски, три минути за ваше дополнително прашање, доколку не сте задоволни од одговорот.

Има збор пратеникот Ристо Пејоски.

**Ристо Пејоски:** Наместо да одговорам со задоволен или незадоволен, ќе одговорам со дилемата што ми се наметна читајќи го одговорот на тоа прашање.

Дали законскиот рок од шест месеци да се донесат подзаконските акти е доволен и зошто тој рок не се користи како критериум за проценка на успешноста и капацитетите на поодделни министерства, односно ја продолжувам дилемата зошто времето се подценува како вредност? Зошто е паднато на токлу ниски гранки? Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Јас би замолил пратениците, можат да ги коментираат одговорите, но да се држат до Деловникот. Во Деловникот се вели дека на почетокот на поставување на прашањето, пратеникот поставува јасно и недвосмислено прашање и после тоа дава образложение. Ние, навистина, ги доведуваме претставниците на владата да не знаат дали им поставивте прашање или вие си коментирате. Не се однесува само на вас господине Пејоски, се однесува на сите пратеници. Молам, деловнички, да се придржувате, прво да го формулирате прашањето, па потоа да давате образложение.

Јас не знам дали вие имавте дилема сега или поставивте дополнително прашање.

Повелете господине Пејоски.

**Ристо Пејоски:** Алузијата ми беше, ако треба толку време после донесувањето на законот да помине, значи два или три пати тој шестмесечен рок да се натфрли, прашав во таа смисла. Можеби забелешката беше иронична. Оние министерства кои ќе успејат во шест месечен рок да ги донесат подзаконските акти се успешни, можеби и реформски насочени, а овде е префрлен тој рок. Тоа ми беше.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Пејоски.

Немате дополнинтелно прашање.

По однос на второто прашање што се однесува на некористење на апаратот ангиограф во Заводот за кардиоваскуларна рехабилитација во Охрид, имате три минути дали сте задоволни од одговорот на прашањето или имате дополнително прашање. Повелете господине Пејоски.

**Ристо Пејоски:** Благодарам.

Задоволен сум со тоа што веќе го имаме тој апарат и е сместен. Задоволен сум со тоа што се почнати оние поддржни работи околу него, најдена е просторија и се работи на формирање на лабораторијата. Задоволен сум што веќе се работи на едукација и, како што сфатив во одговорот, едукацијата е завршена на луѓето кои треба да го поддржуваат и да го вклучат апаратот.

Но, незадоволен сум од недостатокот на сенс за приоритет. Доколку овој проект беше ставен како Приоритетен, до сега ќе беше завршен и ќе беше користен. Онаа популација што навистина е загрозена ќе видеше фајде од него.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Значи, немате дополнително прашање и задоволни сте од одговорот.

Го молам пратеникот Тома Глигоријевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Тома Глигоријевски.

Повелете господине Глигоријевски.

**Тома Глигоријевски:** Благодарам господине потпретседателе,

Во целост сум задоволен од одговорот на министерот и ја користам приликата да изразам благодарност и од мое име и од име на забните техничари за конкретно превземената иницијатива и решавање на проблемот со пререгистрација на заботехничките лабаратории. Немам дополнително прашање. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Пратеникот Назлие Даути не е тука.

Го молам пратеникот Сашо Дохчев да се произнесе дали е задоволен од одговорот на министерот за правда, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Сашо Дохчев.

Повелете господине Дохчев.

**Сашо Дохчев:** Благодарам потпретседателе,

Задоволен сум од одговорот на министерот за правда, односно сега присутниот заменик министер, но имам и дополнително прашање за него. Да биде дополнителното прашање појасно, ќе го прочитам и прашањето поставени на преходната седница, да им биде на останатите пртеници јасно за што станува збор.

Дали пратениците, со оглед на тоа дека имаме статус на професионалци, можат да членуваат во упрвни одбори на разни институции во државата и дали можат да склучуваат професионални договори за дополнителна работа со јавни и

приватни установи кои носат лична и материјална корист. Ова прашање накратко поставено.

Во одговорот е јасно направено и тука е потврдена мојата констатација, а не дилема во образложението на поставеното прашање дека пратениците не можат да членуваат во управни одбори и не можат да склучуваат професионални договори со приватни установи за дополнителна работа. Еве го заклучокот од одговорот на Министерството. А неспоивоста на функцијата пратеник со таксативно набројени функции во членот 6 и ставот 5 од Законот за пратеници јасно стои дека во Законот за избор на пратеници во Собрание на Република Македонија е воспоставено заради подобро и непречено вршење на основната функција, бидејќи истовремено вршење на две и повеќе функции тоа го оневозможува.

Овој заклучок е добар и се согласувам со министерот, меѓутоа, што понатаму. Сега не знам дали може министерот да ми одговори на дополнителното прашање, односно заменикот министер, кој ќе ги сноси последиците од ваквите злоупотреби практично на Законот за пратеници, бидејќи во актуелниот состав имаме такви злоупотреби од неколку пратеници. Тоа е дополнително прашање.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Дохчев.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Ние се обидовме да дадеме точен одговор на прашањето кое што беше поставено и мислам дека пратеникот рече дека е задоволен. Понатаму за постапката има други институции што можат да постапат по тоа. Министерството за правда не е наделжно за тоа. Ние сме само одговорни да одговориме и да дадеме насоки на прашањето што беше поставено. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Пратеникот Ѓорѓе Паљошкоски не е тука.

Го молам пратеникот Драго Шајноски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Јас имам повеќе коментар отколку прашање, но ќе го поставам како прашање. Бидејќи министерот е тука, јас би сакал да ме сослуша, бидејќи не се согласувам.

Почитуван министре, во член 280 од Законот за трговски друштва, што и вие го цитиравте, стои дека вкупниот намален износ на приоритетни акции, без право на глас, што може да ги издаде друштвото, вие ова го имате исфрлено од цитатот, не може да е поголем од 30%.

Ако сакаме да го спроведеме до крај реформскиот закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, т.е. ако навистина сакаме државата да ја отргнеме од управувањето во фирмите, тогаш логично е и во духот на реформите е, максимално да ја искористиме можноста за прогласување на 30% приоритетни акции, без право на глас, а вишокот од 30%, да ги прогласиме за приоритетни акции со право на глас. Со тоа, државата ќе биде вклучена во управувањето со приватните фирми, само во нужни случаи, т.е. само таму каде мора.

Вашето толкување е нелогично и не е во духот на реформите и членот 280 од Законот за трговски друштва и со Законот за трансформација на претпријатија со општествен капитал. Со вашиот пристап вие без некоја логична општа потреба велите дека сите фирми каде Фондот има акции до 30%, се прогласуваат за приоритетни без право на глас, а сите фирми каде фондот има акции над 30%, се прогласуваат за управувачи.

Во членот 280 од Законот за трговски друштва се вели, секое друштво, а не само некои друштва можат да издадат до 30% акции. Значи, секое друштво може да издаде до 30% приоритетни акции, без право на глас. Зошто на некој фирми тоа им го ускратувате, а за сметка на тоа ја ставате државата во огин, да има големо учество во управувањето, т.е. тие работници да штрајкуваат пред Владата.

Поисправно е почитуван министер, позаконски е, pологично е, пореформски е акциите што Фондот ги има во фирмите сега, да се прогласат за приоритетни, без право на глас до 30%, а вишокот над 30% да се прогласи за приоритетни акции со право на глас. На овој начин, ќе го зачувваме реформскиот дух на законите, односно на власта. Во спротивно, ќе се вратиме назад во 1993 година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

И вие имавте коментар без дополнително прашање.

Пратеникот Илија Србиновски не е тука.

Завршуваме со одговорите кои што беа добиени на писмено поставените прашања.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Според однапред утврдениот договор и редослед, прв за поставување пратенички прашања е пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе,

Првото прашање би го поставил до Владата.

Дали нема правни пречки за приватизацијата на ЕСМ "Дистрибуција" и продажбата на уделите од државата само на 6 месеци, или веќе сега како што кажувате три месеци пред избори.

Пред и за време на изборната кампања 2002 година сите вие најголемите проблеми ги гледавте и ги прикажувавте за корупцијата поради предприватизационен кредит, кој тогаш не беше

земен, а сега го продавате ЕСМ "Дистрибуција" и има најава за продажба на малцинскиот пакет во "Телеком" кој може и ви носи дивиденда за минатата година 40 до 50 милиони евра, оваа година претпоставувам 20 до 30 милиони евра и други удели во банки. Дали со сето ова Владата има правен и уште повеќе морален кредибилитет да го стори сето ова. И тоа, како што кажувате самите на три месеци пред избори. Тука би го надоврзал и ова што господинот заменик министер за економија го кажа, во однос на извршувањето и изведувањето на далекуводот Штип-Црвена Могила, кој што е од 2003 година, а веќе 2006 и вие кажувате да не се грижиме.

Мислам дека загриженоста треба да ја донесите без разлика дали сме позиција или опозиција, затоа што доцниме повеќе од три години.

Второто прашање е до Министерството за здравство или до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Дали Владата во моментот развила нова технологија, или методи за проценка дали птиците се заразени или не од птичјиот грип.

Сведоци бевме дека фаталната кокошка од Могила, повеќе од две недели се чекаше да летне за Лондон, па една или две анализи за време од една недела, а сега, само по ден два, добиваме одговор дали птиците се заразени, или не.

Во контекс на ова прашање, дали веќе е формиран кризен штаб, кој би реагирал во моменти на појава на птичји грип, кој веќе се појави кај нашите соседи, и предизвикува големи проблеми.

За денешната седница, бидејќи не го поканив претседателот на Антикорупциската комисија, незнам дали би можел да поставам и прашање во однос на аферата Фабрика, но еве, ќе го искористам правото третото прашање да го поставам од еден граѓаник од Струга, инаку вработен во Судската полиција.

Што со Судската полиција и нивните права, според Законот за судови, во кои што е предвидено истата да добие 20% надоместок, што со месеци наназад не е исполатено. Дали е тоа поради намалени финансиски средства во Министерството за правда, или пак непочитување на членот 108 од истиот закон. Дали и кога истите средства ќе бидт исплатени на вработените во Судската полиција. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Мавровски ова ви е до Министерството за правда. Со оглед на тоа што спомнавте за претседателот на Комисијата за спречувата на корупцијата, само пратениците кои што 24 часа пред започнување на седницата најавиле дека ќе им постават прашања на избрани лица, од страна на Собранието, само тие согласно Деловникот можат да им поставуваат прашања.

Првото прашање е до Владата на Република Македонија.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковки.

**Владо Бучковски:** Благодарам почитуван потпретседателе, уште на почетокот имаше две прашања од пратеникот Мавровски. Едно околу приватизацијата на ЕСМ "Дистрибуција" и второто прашање за дивидентдата што оваа година следи од приходите кои ги оствари минатата година Македонски телекомуникации.

Во поглед на прврвото прашање, Владата уште еднаш потврдува дека целиот процес се води согласно законите, транспарентно и според согледувањата на сите експерти, не доаѓа до судир, нема никаков конфликт со Законот за спречување на корупцијата, затоа што процеот е започнат уште пред 4 години. Јас сум четвртиот премиер кој го води и несоодветни се компарациите кои се прават за преизборието во 2002 година, кога ВМРО-ДПНЕ, тогаш инсистираше на предлог на тогашниот министер за финансии, со директна спогодба, да се продаде целиот ЕСМ. Во меѓувреме беше донесен закон во Парламентот. Пратениците знаат на кој начин одеше трансформацијте на ЕСМ. Дојдено е во фаза кога Владата уште еднаш и на оваа седница ќе потврди дека нема намера добиени седства, кои ќе се знаат која е вистината на 16 март оваа година, нема намера да ги троши во предизборни цели, онака како што беше неколку пати обелоденето и од министерот за економија и од министерот за финансии тие ќе бидат приход за Буџетот на Република Македонија, евентуалниот ребаланс и нивното учество во рзвојни проекти ќе биде одлука која ќе ја донесе новиот парламентарен состав. Така што, во овој случај вклучена е и моралната дилема дали оваа Влада има судири со моралот, а не со правото. Свесно тврдам дека ниту имаме судир со правото, ниту со моралните норми. А од друга страна, веројатно за моралот и за нивната етика ќе мораме да проговориме за оние кои што шират популизам и кои по секоја цена сакаат да го нарушат имиџот што треба да го има Република Македонија, што треба да биде општ интерес за сите граѓани во Република Македонија, а политичките партии се тука да ги штитат интересите на граѓаните, а тоа е Македонија да ја направиме атрактивна бизнис дестинација, со реномирани светски компании, кои ќе инвестираат во Република Македонија да одиме напред. А овие 4 компании што ги поминаат предквалификациите се водечки во бизнисот во Европа и пошироко. Така што, популизмот кој е промовиран од страна на опозицијата, потпишувањето на декларациите, се само памфлети, кои ги користат во педизборни цели.

Бидејќи имаше едно потпрашање, дали имаме судир и со добивањето на девидендата, нека го прочита внимателно Законот за спречување на корупцијата почитуваниот пратеник Мавровски, редовните приходи кои ќе стигнат, тие се редовни

приходи кои ги очекува државата и планирани се во проекциите на Буџетот што ги имаше Министерството за финансии. Очекуваме, нема да шпекулирам за висината, на бордот на директори од 28-ми да се види врз основа на остварените резултати на работењето на компанијата во 2005 година, да биде поделена девидендата за оваа година. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Мавровски, дали сте задоволни од одговорот, или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Почитуван премиере, излегов за да може да се гледаме во лице, затоа што можам да гледам секого во лице. Ова што го кажувате во однос на популизмот и она што го бара опозицијата, јас мислам дека поради транспарентноста на целиот процес, токму Парламентот е местото каде што треба да излеземе и да ги кажеме сите работи. Мислам дека тоа не се случи. Тоа дава можности за шпекулации и тоа го прави овој процес да дојде во ситуација кога се решава на улица. Доколку го решевме тука, што говоревте вие 2002 година, вие сте сите тука присутни, јас не би сакал да ве потсетувам, но кога ќе дојде време ќе ве потсетам, затоа што транспарентноста и работењето на една Влада се проверува на овој начин. А ние ако мислиме дека некој на улица прави популизам поради сето ова, апсолутно не е точно. Моето прашање не беше во однос на девидендата дали дивидендата е дел од Антикорупциската комисија или не, туку прашувам уделите од 49% што ги има државата во Телеком, сакаат да се продадат. Јас кажав дека таа девиденда за минатата година беше 40 до 50 милиони, оваа година по сите најави што можам да ги слушнам, ќе биде некаде 20 до 30 милиони.

Прашањето е, дали овие удели пред избори доколку се продадат, колку ќе донесат во Буџетот на Република Македонија, затоа што вие кажавте дека и средтвата од продажбата на ЕСМ Дистрибуција и овие сите средства ќе бидат искористени за инвестициони проекти. Сега најавувате да бидам јас мирен дека тие нема да се искористат и дека како што кажа министерот Поповски, ќе бидат дел од Буџетот на Република Македонија, како што беа и тие 45 милиони пред приватизација на Електростопанство на Македонија, а од друга страна имаме еден основен голем проблем, а тоа е отворањето на Рудникот Брод - Неотино, кој час поскоро требаше да биде отворен. Вчера, а не утре. Мислам дека тука е нашиот проблем и за тоа треба да проговориме. Транспарентноста ја барам од сите и стојам пред вас за ова што го говорам, затоа што и 2002 година сите дискусии сеуште стојат, стенограмите се тука и секој може да види што зборувал тогаш. Јас се надевам дека имате сила и дека можеме да ги расчистиме работите токму тука на една пленарна седница, на која што ќе се гледаме очи во очи и ќе кажеме што е популизам, што е правило и што потоа,а не како заменикот министер за економија да кажува после 4 години сме сигурни дека тоа ќе се заврши како што треба. Да ви кажам, јас не сум сигурен, затоа што многу ситуации наназад ме терат да бидам внимателен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Најдовски.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија господинот Владо Бучковски. Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Почитуван пратеник Мавровски, да не излезе дека јас не можам да ве погледнам во очи. Можам да ве гледам до 18,00 часот додека трае седницата на Собранието.

Апсолутно, ова е најтанспарентно водениот процес во Република Македонија. Се расправаше во Парламентот, иако Владата немаше согласност Законот за трговски друштва обврска во Парламентот да го понуди Законот за преобразба и трансформација на ЕСМ. Владата имаше доблест да го промени и системот кој го преферираше за продажба Мајнел Банк. Консултантот кој Владата на Република Македонија ја чини неколку милиони евра. Консултант кој го најми ВМРО-ДПМНЕ. Консултант кој пред 2002 година овде нудеше модел. Потписот е на тогашниот министер за финансии Никола Груевски, како што велите да се продаде популарно, популистички топтан, со директна спогодба на стратешки инвеститори. Тоа пропадна, затоа што тоа беше во судир со Законот за спречување на корупцијата. Процесот кој е воден транспарентно во изминатите три ипол години завршува сега во предизборјето. Уште еднаш повторувам. Владата на Република Македонија продава само 27% од системот во кој вие работевте од Електростопанство на Македонија.

Второ, парите ќе бидат искористени за развојни цели. Кои ќе бидат развојните проекти најдобри за Република Македонија ќе одлучат пратениците, според мојата проценка во новиот парламентарен состав. А за второто дополнително прашање велите отворено е прашањето, тоа е запишано во проекцијата, за тоа говореше министерот за финансии кога го проектираше Буџетот, дали Владата имајќи предвид какво е нејзиното искуство во делењето на дивидендата може да пристапи кон продажба на првиот пакет по пат на берза, транспарентно на 10% од уделите кои ги има во Македонски телекомуникации. Ако дојде до такво нешто, ќе бидете запознаени, но во овој момент активностите не се во фаза кога Владата е подготвена да го понуди на берза првиот пакет од 10% од своите 49%, колку што има учество во Македонски телекомуникации. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине претседателе на Владата.

Второто прашање е до Министерството за здравство или Министерството за земјоделство,

шумарство и водостопанство и кој сака да одговори.

Има збор министерот за здравство, господинот Владо Димов. Повелете господине Димов.

**Владимир Димов:** Благодарам.

Би сакал да се осврнам на тоа и да кажам дека Владата го усвои не само Националниот план во октомври, туку сега го усвои и Акцискиот план и со оглед на тоа како се искористени средствата кои што беа наменети во висина од 28.000.000 денари, можам да кажам дека тоа е токму онаа разлика која што пратеникот ја спомна. Денес ние сме во состојба вирусот Х-5 Н1- вирусот сами да го дијагностицираме, ако постои, меѓутоа, за верификација се испраќа во Вејнбриџ лабораторијата каде што не испраќаме само ние, туку испраќаат и многу земји. Разликата е во тоа што сега Ветеринарната управа е опремена со брзи тестови, а Министерството за здравство дури и со опрема која може тоа да го прави, па затоа денес имаме таква разлика во поглед на подготвеноста да одговориме итно за тоа дали пронајдените птици се угинати од прррисуство на вирусот или од друга причина. Тоа е разликата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министер.

Господине Мавровски, дали сте задоволен од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван министре, јас сум задоволен од првиот дел од одговорот, но не ми одговоривте на вториот дел од прашањето. Имено, дали е формиран кризен штаб и дали се работи на таа проблематика, затоа што гледаме што се случува во нашето соседство и во земјите на Европската Унија, така што сигурно и Македонија нема да биде одмината од оваа проблематика, која што сепак е премногу сериозна за граѓаните.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор министерот за здравство, господинот Владимир Димов. Повелете господине Димов.

**Владимир Димов:** Се извинувам на пратеникот, бидејќи вториот дел од прашањето не сум го регистрирал и заради тоа не го одговорив.

Дел од Акцискиот план е Штабот, кој што е формиран на ниво на Владата, а на чело на Штабот за оваа сериозна појава, која како што изјавив и пред некој ден илузорно е да се очекува дека нема да биде во наредниот период присутна, бидејќи имаме случаи во сите околни земји, претседател е претседателот на Владата и во Кризниот штаб се сите министри кои можат да одлучуваат во одредени моменти во кои тоа е потребно. Значи таков Штаб Македонија има формирано, имаме многу сериозен пристап кон тоа прашање.

Инаку, со промената на статусот на Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија, изменет е и односот на Европската Унија кон нас, така што сега на сите состаноци на министрите за здравство и земјоделство на земјите членки на Европската Унија учествуваме и ние како рамноправни членови. Таков е и состанокот кој што утре ќе се одржи во Виена на покана на министерот за здравство на земјата која претседава со Европската Унија во овој момент. Навистина, прашањето можеби е добро за да може и македонската јавност уште еднаш да биде запозната од овде, од Парламентот дека се што е потребно да се направи се прави, нема место за паника, а дека птичјиот грип ќе биде предмет со кој подолго време ќе се занимаваме, како и светот, тоа е сигурно и Македонија во овој момент е апсолутно подготвена за тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министер.

Третото прашање е упатено до Министерството за правда.

Има збор заменикот министер за правда, господинот Субхи Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Во врска со таквите предмети кои што ги посочи господинот пратеник, кои не знам колку ги има, бидејќи не беше децидно кажано колку такви случаи има со такви пресуди, тогаш Министерството за правда може да склучи спогодба или ако не може на таков начин, тогаш странката може во извршна постапка да го бара надоместокот што беше посочен од пратеникот. Не мислам тука на Буџетот, тогаш ние сме обврзани, меѓутоа, само со судската постапка. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам,

Три минути за пратеникот Спиро Мавровски за дополнително прашање.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски, повелете.

**Спиро Мавровски:** За жал, јас не го разбрав одговорот, и покрај тоа што настојував да бидам внимателен, но прашањето е многу конкретно. Имено, дали неисплаќањето на овие средства, 20% надоместок за судската полиција, поради тоа што Министерството за правда има намалени финансиски средства, поради непочитување на членот 108 од Законот за судовите и дали и кога истите средства ќе бидат исплатени на вработените во судската полиција. Мислам дека прашањето е многу конкретно, а не добив никаков одговор, ни конкретен, ни неконкретен.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор заменик министерот за правда, господинот Субхи Јакупи. Повелете господине Јакупи.

**Субхи Јакупи:** Токму за тоа посочив, ако не е исплатено, тогаш тие имаат право на тужба со која го добиваат тоа право и после тоа ние сме

обврзани со извршната постапка која ќе се води за исплаќање на средствата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

Со оглед на тоа што најавеното прашање е упатено до претседателот на Антикорупциската комисија, тоа е прашањето на господинот Макрадули, тоа е пратеникот што може да му поставува прашања на претседателот на Комисијата за спречување на корупцијата.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Тогаш да ги земам и другите прашања, но денес имам право да поставам само три прашања.

Две прашања сакам да упатам до претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата и едно прашање до министерот за финансии.

Првото прашање гласи:

Господине Маневски, вчера со задоволство ја прочитав вашата заложба за измени на Законот за спречување на корупцијата, со што избраните и именуваните функционери би биле обврзани јавно да ја објавуваат својата имотна состојба. Во истиот текст, ги поддржав вашите заложби, а одкако во Собранието донесовме Декларација за борба против корупцијата, истото веднаш го направив на собраниската веб-страница. За жал, иако сите партии се декларираат за борба против корупцијата, активностите после тоа не се одраз на декларираните заложби. Имено, на 23.10.2005 година, на ПРЕС конференција на ВМРО-ДПМНЕ беше кажано дека на веб страница на партијата ќе бидат објавени имотните листови на сите пратеници, градоначалници, ама никако до денес тоа да го направат. А за имотната состојба на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ беше презентирано дека нашиот колега Никола Груевски живее во стан од 85 квадрати во сопственост на родителите.

Вие во вашата вчерашна изјава велите , цитирам:"Ако некој пријавил помал имот, а неговиот сосед знае дека не е така и реагира кај нас, ние ќе поведеме постапка за детална проверка на имотот". Можеби не сосед, но еден поранешен пратеник и близок партиски колега во своја колумна со наслов "Вистината на лажливецот", после објавувањето на имотната состојба на Никола Груевски ќе напише, цитирам: "Сеуште не можам да го сопрам својот гровнат смев за имотната состојба на Груевски. Призрак ли беше мој, привидение ли беше мое или сон недосонет кога јас со поголема дружина седев во твоите два стана. Чесно е и уште почесно е кога си влегол во политика да не се претставуваш како монах. А што е со "Бихачка" ? Успеа да ги ставиш на туѓо име? Веројатно и тоа се станови, ама таму СДСМ е сосед, па знае".

Моето прашање гласи: Дали после овие јавно напишано ставови од еден пратеник, а согласно член 37 став 4 од Законот за спречување на корупцијата, сте повеле или планирате да поведете постапка за испитување на имотната состојба на Никола Груевски, односно дали Државната комисија е подготвена да отпочне процесдура да утврди дали Никола Груевски поседува 4 стана.

Барам писмен одговор.

Второто прашање е исто така до господинот Михајло Маневски, претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Едно од покрупните или повидливи резултати во борбата против корупцијата е разоткривањето на даночната пирамида. За да се потсетиме, вовед во таа пирамида претставуваа неколкуте случаи поврзани со неправилниот повраќај на ДДВ. За жал, неколкуте случаи темелно елаборирани од Министерството за финансии и Управата за јавни приходи не најдоа судска завршница. Веројатно најеклатантен пример е случајот со Компанијата "ОРКА" холдинг и Компанијата ХОР- Кавадарци во периодот од септември 2002 година , каде по налог на Апелациониот суд на Компанијата "ОРКА" холдинг од Буџетот на Република Македонија се налолжува со Одлука на Апелациониот суд да се исплатат два ипол милиони евра.

Сепак , на 17.11.2004 година, по жалба на Јавниот правобранител, Врховниот суд го укинува решението на Апелациониот суд во Скопје со сериозни укажувања за суштествени повреди на одредибте од Законот за парнична постапка, како и Законот за извршна постапка.

Моето прашање гласи: Дали за Државната комисија за спречување на корупцијата 2,5 милиони евра се доволна провокација за испитување на овој случај, како и спремноста за испитување на ... на тогашниот претседател на Апелациониот суд Ф.М. во целиот случај, со кој буџетот се оштети со 2,5 милиони евра.

Барам писмен одговор.

Третото прашање е до министерот за финансии, а поврзано како логично продолжение со прашањето број два.

Господине министер, има ли шанси државата да ги врати овие пари кои некој со очигледно сериозни повреди на процедурата, со Одлука на Апелациониот суд ги добил на незаконски начин. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Првото прашање е упатено до претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата, господинот Михајло Маневски.

Повелете господине Маневски.

Само момент, процедурално за збор се јави господинот Насуфи.

Се извинувам господине Маневски, пред да ви дадам збор, господинит Насуфи има процедурално прашање. Вие одлучувате дали писмено или усмено ќе одговорите, според Деловникот.

Повелете господине Насуфи.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам господине потпретседател.

Имам забелешка што еден голем број на министрите веќе почнаа да ја напуштаат седницата. Мислам дека тоа не е во ред. Почна прво министерот за образование, потоа министерот за транспорт и врски. Не сакам да го штитам ниту премиерот ниту некој друг, но мислам дека сепак тоа е неодговорност, со оглед дека многу прашања и порано сме ги поставувале и не сме добиле одговор токму од овие министри кои сега ја напуштија седницата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Господине Насуфи, нема никаква процедурална забелешка, а министерот или заменикот, без разлика кој ќе биде, тој го претставува Министерството. Согласно Законот за Влада, заменикот министер го заменува министерот на соодветниот ресор.

Повелете господине Маневски, имате збор.

**Михајло Маневски:** Почитуван господине потпретседател, почитувани пратеници,

И покрај тоа што беше побаран писмен одговор, сепак, јас ќе дадам определени усмени објаснувања или усмени одговори на поставените прашања, а се разбира, доколку пратеникот и натаму инсистира, не е никаков проблем да се достават и писмени одговори на прашањата.

Околу првото прашање што го постави пратеникот Макрадули мислам дека треба да биде сосема јасно дека Државната комисија за спречување на корупцијата поаѓа од принципите на објективно и реално утврдување на состојбите за било кои функционери, без оглед дали се тоа пратеници, дали се избрани и именувани лица, дали се други носители на функции, без оглед на било каква политичка припадност и без оглед на било какви влијанија.

Околу прашањето што го поставивте сакам да ви кажам дека навистина Државната комисија будно ги следи сите написи што се во јавноста, што јавно се публикуваат. Добро се сеќавате на оној напис што беше објавен, каде беше искажано одредено сомнение во врска со имотната состојба на пратеникот Никола Груевски. Веднаш можам да ви кажам и да бидете задоволни од постапките на Државната комисија дека Државната комисија во рамките на нејзините овластувања одговори на прашањата што е од сето тоа вистина и каква е имотната состојба на господинот Никола Груевски. Прашањето е поставено на надлежниот орган на Управата за јавни приходи и одговорот веќе е пристигнат, а каква ќе биде одлуката во натамошната работа на Комисијата, тоа не е мое прашање туку тоа е прашање на Комисијата.

Според тоа, сакам да бидете мирни дека Државната комисија постапува одговорно, а не селективно и дека постапува и така ќе постапува во наредниот период.

Втора работа, околу второто прашање . . .

**Слободан Најдовски:** Момент господине Маневски. Прво да завршиме со првото прашање. Ве молам, седнете си на своето место и без сугестии, тоа се однесува и на министрите и на сите избрани од Собранието дали да бидат мирни или немирни пратениците, би ве замолил во натамошниот одговор.

Три минути за господинот Јани Макрадули да се изјасни дали е задоволен од одговорот на прашањето или сака да постави дополнително прашање.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Добро, ќе бидам задоволен кога претседателот на Државната комисија за спречување на корупцијата ќе закаже седница на Комисијата со дневен ред-имотната состојба на господинот Груевски после добивањето на Информацијата од Управата за јавни приходи, бидејќи во институцијата пратеник јас имам доверба, се надевам дека тоа ќе биде предмет на разгледување на таа Комисија, потоа можат тие заклучоци да ги испратат и да дискутираме.

**Слободан Најдовски:** Значи немате дополнително прашање, благодарам.

Повелете господине Маневски со одговорот на второто поставено прашање.

Има збор господинот Михајло Маневски, претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Михајло Маневски:** Почитувани пратеници, уште еднаш сакам да ви кажам дека во Република Македонија се повеќе се чувствува во овој временски период, одкако многу фабрики престанаа со работа и работниците останаа на улица, но многу фино и многу добро работи една фабрика, а тоа е "фабриката на лагите". Верувам дека "фабриката на лагите" . . .

**Слободан Најдовски:** Господине Маневски, ве молам одговорете директно на поставеното прашање.

**Михајло Маневски:** Ова ќе биде одговорот на моето прашање дека сето ова што го говори и прашањето што го постави пратеникот очигледно нема никаква основа.

Јас само сакам да ви кажам дека Државната комисија се повеќе чувствува притисок, Државната комисија се повеќе е изложена на одредени закани и сакам отворено и јавно да кажам дека залудни ќе бидат и одредени и определени состојби. Има и конкретни работи, ќе ги изнесеме тогаш кога ќе дојде време за тоа и ќе ја известиме ако треба и пошироката јавност.

Втора работа, околу сето ова што беше изложено, мислам дека треба да се потсетиме на една одредба од Законот за спречување на

корупцијата, а тоа е членот 44, каде што сите избрани и именувани лица се должни, доколку имаат сознанија за сторено дело на корупција, тоа да го пријават на Државната комисија. Ако тоа не го пријават, самите се изложуваат на опасност да бидат повикани на казнена одговорност. Јас не знам дека е дојдено известување или дека е дојдена пријава, дали од пратеникот Макрадули или од не знам кој друг, во врска со сето ова што го говори околу некаква даночна пирамида. Доколку тоа дојде, верувајте дека Државната комисија најсовесно ќе го испита во целина без било какви однесувања кои ќе бидат надвор од рамките на Законот.

И уште нешто сакам да кажам. Имено, добро би било кога би се почитувала оваа одредба од Законот заради тоа што не се почитува и морам ви кажам дека до Државната комисија 95% се обраќаат граѓаните, а не и државните органи и државните институции, знаат одредени состојби на корупција, меѓутоа, тоа не го пријавуваат, а во јавноста се изнесува сето ова. Според тоа, очигледно, ние мораме да ги измениме состојбите.

Ние најголемите случаи што ги покренуваме и сега, и денеска на седница на Комисијата и вчера и завчера, во вторник ги покренуваме врз основа само на средствата за јавно информирање. Тоа ќе го правиме и понатаму затоа што очигледно доаѓа до некоја опструкција од државните институции кои што се надлежни тоа да го чинат, меѓутоа тоа не го прават.

Писмен одговор ќе добиете...

**Слободан Најдовски:** Момент, само да ве прекинам.

Вие воопшто ...

**Михајло Маневски:** Јас завршив и Министерството за финансии треба да одговори за тоа.

**Слободан Најдовски:** Да, ама не одговаравте на прашањето и мислам дека ја злоупотребивте говорницата. Прашањето беше за конкретна тема.

(Господинот Јани Макрадули излегува на говорница).

Момент господине Макрадули, седете си на своето место, не ви дадов збор. Кога ќе ви дадам збор.

Има збор три минути господинот Макрадули, со оглед на тоа што не добивте одговор воопшто на прашањето, но дали сте задоволни и дали ќе поставите дополнително прашање.

Повелете, господине Макрадули имате збор.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине потпретседателе.

Сметам дека требаше да го прекинете господинот Маневски и да го потсетите дека не се наоѓа во фабрика, туку дека се наоѓа во Република и тоа Република Македонија, Собраниет, а Републиката добро му е позната. Требаше да го прекинете кога упати еден недоличен збор кој што не можам овде да го кажам.

Јас не можам да кажам за одлука на Врховниот суд дека е лага. Вие тоа можете да го кажете. Значи, со одлука на Врховниот суд од 17.11. 2004 година укината е Одлуката на Апелациониот суд Скопје со 4 страници образложение за огромни неправилности во псотапката со кои што државата е оштетена за 2,5 милиони евра. Вие не се секирајте за фабриките, секирајте се за тоа што ви е работата и ако сте објективни и правични со сите тргнете од сопственото семејство.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Господине Маневски, повелете.

Ќе ве замолам конкретно за конкретно поставеното прашање.

Има збор претседателот на Комисијата за спречување на корупцијата, господинот Михајло Маневски.

Повелете господине Маневски.

**Михајло Маневски:** Не знам што Комисијата, Државната комисија има врска со одлуките на Врховниот суд. Државната комисија не е овластена да ги преиспитува одлукит ена Врховниот суд. Тоа е работа на Врховниот суд и одговор на ова прашање може да добиете најверојатно од Врховниот суд.

Што се однесува до личниот имот на господинот Маневски не се секирајте, тој во секое време може да биде изложен. Се состои, ако сакате ќе ви го кажам, од една идеална половина на еден еднособен стан и една идеална половина на еден двособен стан и едно возило кои што се купени со една куќа продадена и дел од друга куќа и продадена нива од мојот родител. Сега би било добро да имаме коректен однос, заради тоа што, едно е ќе фрлиме мамка за да некој таа мамка ја фати, меѓутоа очигледно тоа говори за тој што ја фрла мамката, а не за тој што одговара на мамката.

**Слободан Најдовски:** Во ред, господине Маневски сепак останувате на она дека писмено ќе одговорите на ова прашање.

Господине Макрадули ќе добиете писмен одговор на поставенотопрашање.

Третото прашање е до Министерството за финансии.

Има збор министерот за финансии, господинот Никола Поповски.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Јас ќе се обидам да бидам краток и прецизен, затоа што и прашањето некако ми беше кратко насочено до Министерството за финансии.

Во судскиот спор кој Министерството за финансии го водеше со компанијата ОРКА Апелациониот суд на Скопје пресуди во корист на ОРКА и мора да кажам дека во експресно брза постапка донесе

и извршно решение несвојствено за случај кога имаме обратна ситуација кога државата бара извршување. Врз основа на тоа од Буџетот на државата, со таа одлука на Апелациониот суд се симнаа, како што рече пратеникот Јани Макрадулиоколу 140-150 милиони денари, односно околу 2,5 милиони евра. По наше длабоко уверување неправедно со одлука на Апелациониот суд, извршна. Од тие причини Министерството за финансии ја обжали одлуката до Врховен суд, Врховниот суд после одтприлика десетина месеци донесе одлука со која ја поништи одлуката на Апелациониот суд и ја задолжи компанијата да ги врати средствата на Министерството за финансии, односно на Буџетот на Република Македонија.

Во меѓувреме компанијата беше експресно однесена во стечај, по мое видување во прилично сомнителни околности и формирана е нова компанија.

Министерството за финансии во согласност со законите на оваа држава се обидува да го наплати долгот од компанијата на која е пренесен, од новоформираната компанија што во овој момент не оди така лесно заради тоа што и заради тоа постојат судски процедури, а колку сум информиран иако парите се извлечени од Буџетот на сметка на таа компанија, од таа компанија сметката веднаш е испразнета и практично блокирањето на сметката не вносува со поврат на средствата на сметка на Буџетот.

Ние како држава односно Министерство за финансии нема да се откажеме да си ги наплатиме побарувањата кои ги има државата од оваа фирма, затоа што имаме одлука врз основа на која тие средства треба да се вратат во Буџетот на Република Македонија. Тој процес ќе се обидеме да го донесеме до крај. Вовој момент средствата сеуште не се вратени. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Макрадули дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Ако е можно во писмена форма господинот министер да го образложи историјатот на целата оваа процедура.

Не ја гледам нервозата од страна на пратениците на опозицијата и дофрлувањето бидејкис танува збор за оштетување на државниот Буџет од 2,5 милиони евра. Јас не знам зошто некој се буни овде ког анекој се залага 2,5 милиони евра некој на неправилен начин што ги земал со основано сомнение дека едно милионче отишло лево десно, дека се проблем и не треба за тоа да дискутираме. Напротив сметам дека цифрата од 2,5 милиони евра е доволен предизвик за сите, вклучувајќи ја и Државната комисија за спречување на корупцијата да испита зошто се случува сето ова. Тука нема потреба од нервоза кај пратеницита од опозицијата. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Значи немате дополнително прашање.

Господине Крстевски, барате збор процедурално? (Да)

Има збор процедурално господинот Крстевски.

Ве молам во што е повредена процедурата.

**Зоран Крстевски:** Па, тоа што вие господине потрпетседателе треба да го штитите дигнитетот на пратениците и коментарите за односот дали се нервозни или не пратениците не е дел од процедурата за поставување пратенички прашања. На пример јас не ја разбрав полемиката дали се работеше за еден од поранешните кандидати на СДСМ...

**Слободан Најдовски:** Господине Крстевски, ве молам, и вие ја повредивте процедурата, а ако се држиме до процедурата кој како се однесува, јас сакам да потсетам дека додека министерот одговараше имаше дофрлување од пратениците од опозицијата, смеење или викање. Тоа е точно.

(Пратеникот Зоран Крстевски реагира од место).

Не е ништо страшно, може да се вика, тоа е дел на културата, но не е ништо страшно што господинот Макрадули кажа и дека некој дофрлуваше или викаше. Така да воопшто и вие не се придржувате до процедурата.

Ве молам да продолжиме понатаму, да не го губиме времето, да имаме време опозицијата да постави прашања на претставниците на Владата.

Следен за поставување на пратенички прашање е господинот Ружди Матоши.

Повелете господине Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине потпретседателе.

Ние подготвивме три прашања, прашања со кои ќе се обратам на Владата и не би сакал министрите да ми кажат дека ќе одговорат писмено, туку сакам да ми одговорат усмено.

Првото прашање е во однос на државјанството на граѓаните, затоа што еден голем број на граѓани од Република Македонија, кои биле жители пред 1991 година сега не го уживаат правото на државјанство.

По донесувањето на Законот за државјанство се констатира дека ќе се реши овој проблем и се констатира од Владиниот состав посебно од Демократската унија за интеграција, со доаѓањето на овој закон Албанците ќе ги решат пробелмите во однос на државјанството. Но, извештаите и развојот го констатираат сосема спротивното. Државјаните Албанци повторно се залог на институциите и на недобрите развои и не успеваат да стекнат државјанство на Република Македонија.

Ние како партија почитувани присутни продолжуваме да имаме инфорамции од средините каде што живеат Албанците и имаме

направено листи на граѓани кои немаат стекнато државјанство во Република Македонија. Листите ќе ги објавиме во медиумите. Прашањето е до Министерството за внатрешни работи. Ние како партија и Албанците не бараат државјанството да им го обезбеди премиерот, господинот Бучковски, Албанците не бараат државјанството да им го обезбеди министерот Џанго, непосредни одговорни лица за Албанците што не стекнаа државјанство...

**Слободан Најдовски:** Ве молам кажете го името и презимето на министерот на одредено минситерство...

**Ружди Матоши:** Заменик министерот.

**Слободан Најдовски:** Не, не. Ве молам, да се обраќате со име и презиме. Не ви се тие другари од улица да се обраќате онака како што некој друг ...

Продолжете ве молам.

(Господинот Ружди Матоши од говорница им се обраќа лично на господинот потпретседател Слободан Најдовски).

Тука се работи госпдине Матоши. Тој не е Џанго, туку господин Љубомир Михајловски минситер за внатрешни работи.

Ве молам продолжете.

**Ружди Матоши:** Значи овде треба директно да ни даде одговор господинот Беари, Али Ахмети, Теута Арифи кои го рекламираа законот дека сите Албанци ќе стекнат државјанство во Република Македонија. Јас имам листа на имиња на граѓани кои не го уживаат правото и арогантно се одбиени од лицата во Министерството. Се бара една низа на документи од овие граѓани, има една ароганција од страна на..., со која се одбиваат граѓаните Албанци за да стекнат државјанство.

Барам од Министерството за внатрешни работи да констатира и да планира дали имаат планирано за државјанствата на Албанците во Република Македонија , бидејки многу арогантно се одвиваат овие граѓани. Ние со листите и со работата што ќе ја направиме на теренот сите овие имиња и сите жители кои имале документи, лични карти, пасоши пред 1991 година, сите тие имиња со документите со кои располагаат пред 1991 година ќе се обратиме на ОБСЕ, на НАТО, Европската унија и САД, нивните канцеларии. Ова верувајте ми ќе отслика една неубава слика за Република Македонија во времето кога ние сме за да чекориме кон Запад кон нашите интеграции.

Второто прашање е до господинот Мехази.

Господинот Мехази треба да биде тука, но ова прашање е и за начелството за Демократска унија за интеграција .

Господине потпретседателе на Парламентот и со господинот Јордановски, граѓаните Албанци од Македонија со месеци не ги следат седниците на нивниот албански јазик. И овде директно сте одговорни малку вие како менаџер или претседавач на Собранието, додека поголемиот товар за неслушање на седниците на албански јазик во Република Македонија паѓа во однос на минситерот Мехази и директорот или полтронистот, или слугата кој е како заменик директор, кој се вика Назим Буши. Јас барам директно...

**Слободан Најдовски:** Господине Матоши ќе ве молам не ја злоупотребувајте говорницата.

**Ружди Матоши:** Да ги спречиме македонските граѓани да не го следат на македонски јазик овој Парламент како ќе реагирате вие господине. Како ќе реагирате вие, ве молам. Ние сме уморни од слугите кои седат во институциите. Што прави Иџет Мемети, Наџим Буши? Тие се тотални слуги кои немаат никаква активност во однос на албанците,а политиката е арена на способните. Ние треба да работиме, за тоа кој што работи треба да бидеме транспарентни. Не можеме да продолжиме со вакви полтронисти.

Барам од Министерството за транспорт и врски што побрзо да гарантира дека седниците на овој Парламент кои ги следат граѓаните на албански јазик, бидејки тоа ни го гарантира Законот и не се дозволува еден ваков однос. Менаџментот на Собранието, бидејки вие сте потпретседател на Собранието и на сите граѓани, не сте само на Либералите, или Јордановски не е само на Социјал демократите, Гзим Острени не го споменувам бидејки тој е во аут, тој се плаши да седне и да предводи и не сакам да го споменувам бидејки тој не учествува во дел на менаџментот на Собранието, барам од Министерството за транспорт и врски да ми одговори зошто не се емитуваат седниците на албански јазик. Зошто го донесовте Ким Мемети за да ја направи оваа работа или го донесовте и Назим Буши исто така еден слуга. Вие правите несватливи постапки кои граѓаните навистина сакаат одговор за ова. Јас сум потпарол на граѓанит еи сакам одговор за ова прашање.

Третото прашање е до Владата во целина. Тоа е едно прашање кое засега граѓаните од Тетово за вода за пиење. Тетово е во подножјето на Шар Планина, водни ресурси има доволно и таа вода треба да се канализира и да биде во служба на граѓаните. Кога бевме во Владата господинот премиер од средствата на Телеком одвоивме 5 милиони марки за еден проект кој ќе развиеше една добра инфраструктура за водата за пиење во Тетово. Јас и се обратив на Владата за парите кои се украдени, значи парите се украдени од проектот кој требаше да се развива за водата за пиење и за граѓаните од Тетово. Побаравме од Прчевски, од обвинителот и тој да го даде својот збор за овој случај. Ние немаме сеуште одговор.

Господине премиер и Влада кои ги има украдено парите, кои се тие луѓе кои не го оствarija тој проект. Се работи за 5 милиони марки доделени за овој проект.

Значи, почитувани присутни ова беа сите мои прашања за кои сакам одговор.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Матоши.

Првото прашање е упатено до Владата, по однос на државјанството односно до Министерството за внатрешни работи.

Молам, во името на Владата кој ќе одговори, или Владата ќе достави писмен одговор затоа што минситерот за внатрешни работи не е тука.

**Владо Бучковски:** Ќе одговориме писмено.

**Слободан Најдовски:** Ќе добиете писмен одговор на првото псотавено прашање.

По однос на второто прашање пред да му дадам збор на заменик минситерот за транспорт ив рски , господинот Дејан Кошутиќ само ќе ви одговорам господине Матоши.

Што се однесува до однос на Собраниеото ние како Собрание сите технички работи кои што треба да ги организираме со задолженост на Собранието за преведување од наша страна имаме.

По однос на другито дел на прашањето ќе одговори господинот Дејан Кошутиќ, заменик минситер за транспорт и врски.

Повелете господине Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуваниот пратеник не беше одамна во Собранието па изгледа има изумено некои консталации во системот. Македонската радио-телевизија не е под Министерството за транспорт и врски, туку под Собранието е.

Оној што може Министерството затоа што основач е Собранието, како ресорно минситерство од областа на електронски комуникации е да побараме извештај, информација од Македонската радио-телевизија за евентуални технички недостатоци или евентуални проблеми доколку се установи дека има пробелми на емитување на програмата во однос на албанскиот јазик за она за кое господинот Матоши пред малку спомена.

**Слободан Најдовски:** Господине заменик министер сепак топката ја префрлате на Собранието. Има нов закон за МРТВ. Собранието повеќе не е основач. Да расчистиме меѓу нас.

Уште еднаш ќе повторам дека од страна на Собранието се обезбедени сите технички услови за пренесување на седниците на Собранието и на албански јазик. Така што воопшто од наша страна нема никакви пречки.

Повелете господине Матоши, имате три минути за да поставите дополнително прашање.

**Рожди Матоши:** Јас од Собранието побарав и Собранието од морален аспект треба да го издигне тоа прашање, зошто седниците не се емитуваат на албански јазик.

Во однос на заменик министерот, јас не барам одговор од него, туку од Џемали Мехази. Тој е министер за транспорт и врски. Тој е Албанец и нека знаат дека е во една погрешна политика. Ова е политички проблем. Албанците се 25% од населението во Република Македонија и седниците од Собранието не ги следат на нивниот мајчин јазик, а тоа го гарантира Законот.

**Слободан Најдовски:** Господине Матоши ние претходно расчистивме едно прашање дека никој не може да му го оспори правото на заменик министерот да го заменува министерот така, како што тоа е и по закон.

Уште еднаш ќе повториме по однос на преносот дека од страна на МРТВ и од страна на Собранието сите работи се исполнети и седниците се емитуваат и на македонски и на албански јазик. Тоа да го расчистиме.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски господинот Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Јас многу добро го разбрав пратеникот. Пратеникот Матоши побара усмен одговор. Ако сака лично министерот да му одговори, требаше да каже дека сака писмен одговор од министерот за транспорт и врски. Тоа е една работа.

Второ, МРТВ го емитува сигналот. Значи МРТВ си го извршува тоа што и е обврска. Како го пренесуваат кабелските оператори и останатите дистрибутери, тоа веќе е друга приказна. Ако и тоа го интересира нека побара писмен одговор. Меѓутоа, бидејќи побара усмен одговор, усмен одговор и доби.

**Слободан Најдовски:** Право е на пратеникот да постави прашање, а право е на Владата да одговори усмено или писмено. Сепак одлучува претставникот на Владата.

Третото прашање е поставено до Владата на Република Македонија а се однесува на проблемите со изградбата на водоводот во Тетово.

Одговор на ова прашање ќе даде претседателот на Владата на Република Македонија господинот Бучковски.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Благодарам.

Владата на Република Македонија не се откажува од проектот кој го започна претходната влада, за изградба на водоводот за Тетово, со зафаќање на води од Шарпланинските извори. Дали во меѓувреме, постапката која ја поведе поранешниот градоначалник на Тетово и советничката група на ДПА, ќе резултира со судска одлука која ќе ги потврди обвинувањата, јас не сакам да прејудицирам. Но, независно од начинот на кој се трошени средствата, јас и понатаму останувам на ставот дека Владата треба да го заврши овој проект. За тие цели дел од средствата кои ги доби Владата како дополнителни приходи со продажбата на дуќаните во ГТЦ, ќе бидат пренасочени во завршување на втората фаза од изградбата на водоснабдувањето на Тетово.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Матоши дали сте задоволни од разговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

**Ружди Матоши:** Јас сакам да кажам пред граѓаните од Тетово, граѓани кои на сред бел ден немаат вода за пиење, немаат по 4 часа вода за пиење, во една средина каде имаме многу водни ресурси. Гледајќи го овој феномен, од средствата на Телеком минатата влада додели средства. Овие средства се потрошени, некој ги има злоупотребено истите средства. Тоа не е прв пат да го поставувам тоа прашање. Се обраќам и до бившиот градоначалник, му се обратив на господинот Прчевски и на Владата, во детали имаме кажано кој е феноменот со тие средства и зошто не се работи проектот со средствата доделени за водоводот.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Матоши.

Продолжуваме понатаму со поставување на пратенички прашања.

На ред е пратеникот Лилјана Ивановска.

Повелете госпоѓа Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Моето прво прашање ќе го поставам до министерот за транспорт и врски. Тука е господинот заменик министер за транспорт и врски.

Во последно време во јавноста се искажани многу обвинувања и проблемот околу либерализацијата во Телекомуникациите и изјавите на прес-конференциите на ВМРО-ДПМНЕ дека господинот Груевски не потпишал никаков договор во врска со продажбата на мнозинските акции од 51%, со Телеком, и кој овозможи монополска позиција на Телеком во Република Македонија.

Министерството за транспорт и врски го прашувам кој го потпиша акционерскиот договор за продажба на 51% акции од Телеком, со што се овозможи монополска позиција на Телеком, со концесиски договор до 2018 година. Кој го потпиша договорот за продажба на акции и кој го потпиша договорот за услуги со Телеком и концесискиот договор.

Второто прашање го поставува до Владата на Република Македонија.

Во јавноста многу беше актуелна темата околу злоупотребата на државните станови.

Го поставувам прашањето дали од актуелниот состав во Парламентот има пратеници против кои е покрената тужба околу злоупотребата на државните станови.

Третото прашање го поставувам до Министерството за транспорт и врски и до Министерството за екологија.

Во јавноста, исто така беше присутно прашањето за просторот Рамина, за состојбата со станбените објекти на жителите во тој дел на Рамина и што презема Владата да им се реши проблемот на луѓето на кои им се загрозени објектите во кои вложиле доста средства и секако што презема Владата во тој правец за подобрување на состојбата на тие семејства.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Првото прашање е поставено до Министерството за транспорт и врски.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски, господинот Дејан Кошутиќ.

**Дејан Кошутиќ:** Бидејќи беше поставено конкретно прашање без барање за многу детали, да кажам дека освен концесискиот договор кој го потпиша Министерството за транспорт и врски, сите останати документи се потпишани од страна на Министерството за финансии и тогашниот министер за финансии.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Госпоѓо Ивановска, дали сте задоволна од одговорот на прашањето или сакате да поставите дополнително прашање.

Повелете госпоѓо Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе, меѓутоа очекував заменик министерот да каже кој беше министер за финансии во тоа време. Тоа беше господинот Никола Груевски кој го потпиша концесискиот договор за продажба на Телеком и кој овозможи монопол на Телеком во Република Македонија до 2018 година, со ексклузивитетот на тој договор. И секако , заради јавноста добро е тие податоци, деталите од тој договор, во писмена форма како еден вид на информација да ги доставите до пратениците, да се знае кој овозможува приватни монополи во Република Македонија. На писмено да се достави до пратениците. Понатаму да давате попрецизни одговори. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господа пратеници од опозицијата, после повторно процедурално ќе реагирате. Ве молам додека одговараат министрите и поставуваат прашања пратениците, да ги сослушате. Ако не можете да ги слушате, тогаш бидете помирни.

Повелете господине заменик министер имате збор.

**Дејан Кошутиќ:** За дополнително прашање?

**Слободан Најдовски:** Со оглед на тоа што госпоѓата пратеник бараше дополнително писмено да дадете информација.

**Дејан Кошутиќ:** Секако. Јас и претходно спомнав, бидејќи сега дополнително прашање беше за писмен одговор, секако дека сме во можност да доставиме прецизен одговор во писмена форма.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Второто прашање е поставено до Владата на Република Македонија, во врска со тоа дали има од актуелниот состав на пратеници, поднесено тужби за злоупотреба на станови.

Има збор господинот Владо Поповски, министер без ресор во Владата на Република Македонија.

**Владо Поповски:** Благодарам потпретседателе.

Повторно ни го нема господинот Груевски, но тука е госпоѓата Бонева и господинот Китановски. Се надевам тој ќе остане до крајот на одговорот на прашањето, за кое верувам дека ќе биде краток.

Се сеќавате, на минатата седница доделувањето на становите го насловив како Алибегова слама. Сега имаме продолжение на тој наслов и ви останав должен од минатата седница, поврзано со одговорот на прашњето за доделувањето на стан на улица "Васил Ѓоргов", на господинот Антонио Милошоски.

Господинот се распиша во сите средства за јавно информирање, ја смени темата на она што ние разговаравме овде.

Јас во ниеден момент, во ниедна прилика воопшто не го поставив прашањето од каде му се парите на господинот Милошоски. Тоа е работа на други органи, не моја.

**Слободан Најдовски:** Ве молам, ве молам, се однесува за актуелниот состав на пратеници. Одговорете на тоа прашање.

**Владо Поповски:** Добро.

Господине Китаноски доколку сакате со мене да полемизирате, ви стојам на располагање.

Значи, од актуелните пратеници, доколку не сакате да ја слушнете до крај приказната за господинот Милошоски, имаме поднесено една тужба до соодветниот надлежен суд за иселување. Имено се работи за пратеникот, господинот Сашо Богдановски од Прилеп. Тој има добиено стан во текот на 2002 година, ако не се лажам. За ваша информација, барањето е содржано од три реда. Притоа почитуваниот пратеник ветил, а тоа не го исполнил, дека ќе достави соодветна документација, бидејќи барањето гласи: "Барам да ми се даде под закуп, со право на откуп, стан на улица "Владимир Комаров". Немам во сопственост стан во Скопје". И ветува дека тоа ќе го направи, дека ќе достави документација, За жал до денес тоа не го направи.

Основот за донесување на неговото решение е членот 34 од Законот за домување. Меѓутоа, во членот 34 поместени се и условите и меѓу другото вели дека - станови во сопственост на Република Македонија можат да им бидат доделени на избрани и именувани, немаме задача и за други функции утврдени со Устав и закон, значи носители, социјално загрозени лица, станбено необезбедени, согласно законот за социјална заштита, лица прогласени од подрачја со епидемии и елементарни непогоди и конечно вработени во државни органи кои вршат посебна улога за остварувањето на основната функција на органот.

Меѓутоа, овој човек, освен тоа што бил член на една политичка партија, односно припадник на нејзиното раководство, друго во тој период немал од овие услови за кои сега зборував. Но, пак се разбира, законот за партиска припадност не дозволува, единствен услов да биде партиската припадност.

Исто така господинот се дрзна толку што до Комисијата достави и приговор во кој се повика на еднаквоста пред Уставот. Сакам да му порачам, доколку таков случај биде испочитуван, тој никогаш не можеше да добие стан.

Второ, во приговорот ни вели дека вршел некои многу важни политички задачи. Се разбира членот 34 од Законот за домување не дозволува, не е тоа услов за добивање на соодветен стан.

Комисијата на Владата на Република Македонија постапи согласно прописите. Ова решение на господинот Богдановски е поништено и врз таа основа се наоѓа пред надлежниот суд. Каква ќе биде процедурата ќе видиме понатаму.

Но,сепак јас би замолил господине потпретседателе, сакам да го известам Парламентот, во врска со станот за кој зборував минатата седница за што ветив дека ќе дадам соодветно образложение.

Сакам да го известам Парламентот дека господинот Антонио Милошоски лаже. Споменатата фактура што ја спомнав минатиот пат не е платена.

(Реакции во салата од пратениците од опозицијата)

**Слободан Најдовски:** Господине Поповски, се извинувам, прашањето е само за актуелниот состав на пратеници.

**Владо Поповски:** Сакате ли да ви зборувам за господинот Китаноски и за неговото . . .

**Слободан Најдовски:** Не господине Поповски. За тоа што ќе ви постават прашање, за тоа ќе зборувате.

Процедурално за збор се јавува господинот Китаноски.

**Илија Китаноски:** Вие потпретседателе добро постапивте, добро е и јас да му кажам на господинот почитуван министер дека ние сме пратеници овде и да се однесува соодветно на тоа и соодветно на дигнитетот на овој претставнички дом.

**Слободан Најдовски:** Господине Китановски, јас сум за тоа да кажам.

Ве молам, немате процедурална забелешка.

Има збор пратеникот Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам потпретседателе, вас ви забележувам што не ги слушате внимателно поставените прашања. Јас не го поставив прашањето само за актуелниот состав. Го поставив прашањето и за претходното поставање на прашање во делот на злоупотребите на државните станови, на кое се однесуваше и одговорот на претходното прашање. Затоа, до Владата, заради објективно

информирање на македонската јавност и на Парламентот, Владата да достави писмена информација во делот на злоупотребите на државните станови од било кого. А прашањето го поставив дополнително и во овој состав дали има пратеници кои ја злоупотребиле својата положба кога не биле пратеници или дали го прекршиле законот во делот на земање на државни станови без основ. Тоа беше моето прашање. И Владата да достави писмен извештај во делот на злоупотребите на доделување на државни станови, до наредната седница за пратенички прашања.

**Слободан Најдовски:** Госпоѓо Ивановска, тогаш јас се извинувам ако навистина не го слушнав прашањето. Затоа, јас ве молам, кога се поставуваат прашањата да биде тишина во салата за да можам да слушам.

Има збор министерот Владо Поповски за одговоро на дополнителното прашање, така да може и за прашањето на господинот од претходната седница.

**Владо Поповски:** Прво господине Китаноски не знам со што ве навредив. Ако изнесувањето на фактите е некаква навреда, тогаш можеме да дискутираме.

Значи се работи, на дополнителното прашање на госпоѓата Лилјана Ивановска сакам да и одговорам следното.

Антонио Милошоски, човекот кој се закануваше во сите средства за информирање, кој ја информираше јавноста, ја убедувам дека лаже. Тоа е врз основа на собраната документација што не ме мрзеше да ја обезбедам, бидејќи човекот ми се заблагодари, па си велам ајде до крај да одиме, да го испитаме случајот, можеби човекот е во право.

Јас во ниеден момент не го поставив прашањето дали Антонио Милошоски има средства и од каде му потекнуваат средствата. Јас го поставив прашањето, меѓу 20-тината можни, неколку од нив доставив минатата седница меѓу кој што беше и тоа, дали фактурата издадена од фирмата од Кичево, господинот Антонио Милошоски ја има исплатено така како што во барањето потврдил и така како што барањето го поднел до Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, чиј управен одбор, врз основа на тоа донел одлука за намалување на средствата некаде во износ од 189 илјади денари. Врз основа на таа одлука на Управниот одбор, направен е анекс договор со кој цената на станот на улица "Васил Ѓоргов" е наалена за овој износ за кој зборував сега. Ако се тоа лажни показатели, тие можат конечно да бидат проверени. Од мене толку.

Во име на резултатите сега за кои се залагате подолг временски период, го повикувам Управниот одбор на Јавното претпријатие да ја разгледа оваа ситуација, да ја оцени работата на претходниот одбор и да види дали може на ваков начин шупшуле да си игра со државните станови. Значи работата на Комисијата е завршена. Веројатно тука треба да настапат и други органи, како што е МВР и некои други, но се разбира тоа не е моја работа.

Сакам вас господине Китаноски посебно да ве потсетам, дали ви е познат случајот со станот бр.75 на улица "Видое Смилевски-Бато". Во чие име, ве молам, со каква храброст вие се откажувате во име на лицето за кое велат дека бил ваш возач, да му го дадете државниот стан кој го користевте за државни потреби. Кој вас треба да ве прашува. Кој сте биле вие. Кој сте вие сега. Како можете вие со државните станови да си играте шупшуле и сега да имате таква храброст и уште да не ви биде срам да станете и да поставите некое прашање кое нема никаква реална основа. Минатиот пат кажав. Станавте и заминавте. Најдобро би било, на вашиот поранешен возач, вие, а не јас да му објасните зошто ќе го снајде истата судбина каква што ќе го снајде судбината на господинот Антонио Милошоски со станот на улица " Васил Ѓоргов". Најдобро е вие да му објасните, бидејќи, претпоставувам како поранешен директор јасно ви е дека државните станови не може да се продаваат со известување, господине Китаноски.

За продажба на државен стан и воопшто за државен имот постојат одлуки, на пример, решенија, значи акти кои што вие не ги почитувавте. Вие со една изјава сакавте да ја завршите работата и на таков начин работевте. Во името на резултатите сега и овој стан сега ќе биде ставен под лупата на поништување. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Поповски.

Господине Китановски, вие сте наредниот за поставување на пратенички прашања.

Повелете процедурално имате господине Китановски.

**Илија Китановски:** Она што министерот од одговорот на прашањето што го претвори во обраќање до мене и во еден разочарувачки низок стил, меѓутоа тоа е веќе прашање на домашно воспитување и тука нема во што да навлегувам.

**Слободан Најдовски:** Господине Китановски, ве молам, во што е повредена процедурата. За се друго ќе добиете збор за кога ќе треба да поставите прашање. Во што е повредата.

**Илија Китановски:** Еве конкретно, формално правно, процедурата е повредена затоа што наместо да одговори на прашањето, министерот ми се обраќа мене, па ми држи лекции и предавања од говорница и ми држи политички предавања.

**Слободан Најдовски:** Не ви држи, исто и вие така се обративте и ве молам да продолжиме со поставување на пратенички прашања.

**Илија Китановски:** Јас сум пратеник и оваа седница е за поставување на пратенички прашања.

**Слободан Најдовски:** Точно, тоа е седница за поставување пратенички прашања и министрите ви одговараат.

**Илија Китановски:** Јас не му поставив прашање, за тој да ми одговара.

**Слободан Најдовски:** Вие кога ќе ви дојде на ред да поставувате прашања, тогаш ќе поставувате. Сега, молам, со оглед на тоа што имаме едно недоразбирање, па ве прашувам госпоѓо Ивановска дали го поставивте прашањето до Владата или до Министерството за транспорт и врски.

До кого ви е поставено третото прашање.

Има збор Лилјана Ивановска.

**Лилјана Ивановска:** Пред малку ви кажав внимателно да го следите поставувањето на пратеничките прашања. Јас го доставив прашањето и до Министерството за транспорт и врски и до Министерството за екологија.

**Слободан Најдовски**: Госпоѓо Ивановска, со оглед на тоа што по втор пат велите дека невнимателно сум слушал, сега ќе ви кажам дека внимателно слушав и ви беше поставено до Министерството за транспорт и врски. А, до кого ви била намерата да го поставите, тоа е ваше прашање, а за тоа ќе го видите и стенограмот.

Сега, има збор од Министерството за транспорт и врски или од Министерството за животна средина претставник.

Збор има минситерот за животна средина господинот Шапуриќ.

Повелете господине Шапуриќ;

**Зоран Шапуриќ:** Почитван потпретседателе, почитувани пратеници.

Прашањето на почитуваниот пратеник госпоѓа Ивановска се однесува за еден проблем кој е актуелен повеќе од 30 години. Имено, проблемот на слечиштето Рамина постои, особено е актуелен во последниве седум до осум години. И покрај тоа што тоа не е законска обврска, Владата на Република Македонија од 2003 година ги отпочна активностите на санација и санирана е таканаречената прва фаза, која што е завршена минатата година во месец јуни. За тоа се потрошени повеќе од милион евра, а активностите ги изведуваше во тој период Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање.

Потоа, завршен е главниот проект, кој што е реализиран, извршена е негова ревизија од страна на Градежниот факултет и направен е елаборат за експропријација. Владата на Република Македонија пред неколку дена расправаше за овој проблем, ги задолжи Министерството за транспорт и врски и животна средина да остварат контакти со локалната самоуправа во смисла на тоа, со оглед на тоа што за конечно решавање на проблемот односно за санација на втора фаза се потребни некаде околу милион ипол евра, дали е можно и локалната самоуправа, бидејќи тоа во суштина е локален проблем, затоа што законски основ нема, дали локалната самоуправа ќе учествува во изведувањето на втората фаза. Локалната самоуправа, односно Општината Велес се изјасни дека ќе го преиспита ова и дека може со кадровски човечки потенцијали да партиципира во решавањето на овој проект, но со финансиски средства не и се обврза во рок од 15 дена да ја извести Владата за проценка односно преоценка на сумата која што е потребна за експропријација и рокот за кој што е утврден, па потоа ќе се разгледаат можностите. Може да се оцени дека експропријацијата ќе трае година или две, така што не е можно да се бара обезбедување а буџетски пари пред прецизно да се утврди постапката околу завршување на експропријацијата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Госпоѓа Ивановска дали имате дополнително прашање?

Има збор пратеникот Ивановска Лилјана.

**Лилјана Ивановска:** Благодарам за исцрпната информација околу состојбата во Рамина, меѓутоа, таму колку што мене ми е познато голем дел од објектите се без правен основ односно диво градби, така што ризикот на изградба на објектите секако го сносат дел од жителите. Меѓутоа, мислам дека она што може локалната самоуправа и Владата да превземат за надминување на состојбите на веќе изградените објекти во иднина треба да бидат активностите на министерствата за решавање на проблемот со жителите во Рамина. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за животна средина, господинот Шапуриќ Зоран.

Повелете господине Шапуриќ:

**Зоран Шапуриќ:** Точно е дека еден дел од овие објекти кои се изградени се бесправно изградени и тоа се наоѓаат во оној првиот дел каде што е завршена таканаречената втора фаза. Еден дел е изграден легално, иако постоело сознание пред 30 години дека таму не би требало да се гради, бидејќи проблемот со слечиштето постои, како што реков, 40 години. Но, за да почне да се решава овој проблем, неопходно е Општината Велес да даде точна проценка и оценка околу траењето на експропријацијата и околу вредноста на сумата која што е потребна за експропријација, за подоцна да се бараат пари и од Буџетот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Господине Китановски барате процедурално, а после тоа сте за пратенички прашања.

Процедурална забелешка на господинот Китановски.

Повелете господине Китановски.

**Илија Китановски:** Уште еднаш, господине потпретседателе, морам да реагирам на однесувањето на вашиот сопартиец и вие ја претворивте собраниската говорница во трибина на ЛДП, партија која и изгубена во статистичка грешка.

**Слободан Најдовски:** Господине Китановски, ве молам, во што е повредена процедурата? Пратеникот без разлика од која пратеничка група е, поставува пратеничко прашање. Министерот без разлика од која партија е, одговара на пратеничко прашање. Дали е нешто повредено во таа процедура. Не е повредено и ве молам сега поставувајте пратенички прашања затоа што редот ви е на вас. Десет минути за три пратенички прашања.

Повелете господине Китановски имате право да поставувате пратенички прашања.

**Илија Китановски:** Благодарам.

Можеби, овие пратенички прашања малку ќе отскокнат од ова што до сега беше дискусија, начин, тема и сведување на Парламентот на ситни, да речам не дневно, туку интригантски пресметки и лични со ставање испод секое ниво на Парламентот и на дискусијата во него. Затоа, мислам дека прашањата кои што сега ќе ги поставам се во интерес на граѓани, кои секојдневно се судруваат со нив и можеби малку ќе ве разочараат, посебно Владата или оние кои сакаат да се занимаваат со муабети од типот рекла-казала и кои што сакаат говорницата да ја користат за промоција на политичка партија, чиј што рејтинг се губи во статистичката грешка од 1%. Меѓутоа, еве, конкретно прво прашање.

Ова прашањ се однесува на населеното место Пештани покрај Охридското Езеро. Има околу 500 куќи, поголемиот број се...

**Слободан Најдовски:** Ве молам, господине Китановски, до кого е прашањето, бидејќи сте за процедура до сега ништо по процедура не зборувавте, па прашувам до кого е прашањето.

**Илија Китановски:** До министерот за екологија и евентуално до министерот за транспорт и врски.

**Слободан Најдовски:** Вие ќе си кажете точно до кого е.

**Илија Китановски:** До министерот за животна средина, екологија и просторно планирање.

Значи, населеното место Пештани, кое што е туристичко место и има околу 500 куќи, поголемиот број угостителски објекти и хотели, знаеме дека во летниот период е полно со туристи, бидејќи главна и единствена активност од која што егзистираат жителите е туризмот. Меѓутоа, може за многу кратко време и оваа единствена економска дејност од која што егзистираат, заради која што и постои таа населба, може да стане минато затоа што има еден проблем поврзан со колекторот и со колекторскиот систем, кој што сеуште не е решен. Сите објекти, имено, во Пештани се во непосредна близина на Охридското Езеро и тоа е цел низ покрај Езерото, меѓутоа, малкумина знаат дека освен мештаните тие што живеат таму, дека и покрај развиениот туризам и покрај започнатиот проект, колекторскиот систем во ова село не е во функција односно селото нема ниту примарна, ниту секундарна канализациона мрежа. Најголемиот дел во денешно време луѓето во своите дворови копаат септики јами, а некои од нив веќе немаат ни доволно место, по три или четири септички јами за една куќа, бидејќи многу брзо се полнат и повеќе немаат и акумулацијата треба да се чисти на секои пет до десет дена, што значи се прелеваат. Без разлика дали се прелеваат или не се прелеваат, не се знае дека најголем дел од тие води, бидеји се многу близу до Езерото, одпадните и фекалните води се слеваат на директен или на индиректен начин во Езерото и претставуваат негов најголем загадувач.

Значи, прашањето е дали се планира скоро решавање на проблемот со отпадните води во село Пештани на начин што ќе се изработи примарната и секундарната канализациона мрежа и ќе биде пуштен во функција колекторот во овој дел на Охридското Езеро. Бидејќи се знае дека тоа е во интерес и на мештаните, а и во интерес на целото Охридско Езеро, значи на многубројните домашни и странски туристи.

Второто прашање е до Министерството за здравство. Според одлуката за реформи во здравството во Јавната здравствена установа Здравствен дом Демир Хисар укинато е постоењето на ургентната служба. Со тоа пациентите и матичните лекари во оваа општина не се во иста ситуација со лекарите а и со пациентите од поголемите центри, каде што постои ургентна служба, затоа што неизводливо е матичниот лекар да работи веќе три часа и граѓаните да имаат соодветна заштита каква што им следува.

Прашањето е зошто Министерството не дозволи да постои ургентна служба во Здравствениот дом Демир Хисар, бидејќи најблиската итна служба од Битола оддалечена 30 км, од Здравствениот дом во Демир Хисар, а 60 км. од првото и последното населено место во општината. Значи, ова барање е испратено во писмена форма и од страна на Локалната самоуправа до Министерството и до Фондот за здравство. Одговор немаат, сеуште нема како една ургенција сериозно да се разгледа и да се направи обид да се реши овој проблем. Затоа што, со ваквиот начин на спроведување на реформите, каде што сепак не се земаат предвид помалите населени места, каде што живеат луѓе, граѓани со исти или со еднакви потреби, како и во поголемите населени места, се губи правото на еднаквост односно граѓаните во Демир Хисар или во помалите населени места го губат уставно

загарантираното право на еднаквост во однос на истите граѓани во поголемите урбани центри.

Третото прашање е до Владата на Република Македонија и се однесува на 180-те граѓани кои се дојдени во Република Македонија уште во 1991 година со македонско потекло и кои денес живеат во железничко туристичката населба Царина-Преспа, на кои што до ден денес не им е решено станбеното прашање.

Прашањето е што се презема дефинитивно да се реши нивното станбено прашање и после толку време, после десетици години, навистина време е на овие луѓе да им се реши овој проблем и достоинствено да можат да го живеат животот рамноправно со останатите граѓани во Република Македонија. Познато и е и на Владата и на министерот за труд и социјална политика дека состојбата во која што се наоѓаат тие е доста незавидна и тешка. Е, тоа се моите три прашања и се извинувам ако ве разочарав.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китановски.

Првото прашање е до Министерството за животна редина, екологија и просторно планирање.

Има збор министерот, господинот Зоран Шапуриќ.

Повелете господине Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Благодарам господине потпретседателе.

Прашањето за одвод односно довод на вода е и од порано, но сега особено со процесот на децентрализацијата е исклучиво прашање на надлежностите на локалната самоуправа.

Исто така, со системот на Охридско Езеро раководи меѓуопштинското претпријатие за Охрид и Струга Проаква. Меѓутоа, бидејќи се работи за посебен интерес, се работи за Охридско Езеро, сигурно дека државата е загрижена и работи на решавање на овој проблем. Охридското крајбрежје од македонската страна, од страна на Република Македонија процентот е нешто помал, е покриена со колекторски систем, што значи околу 70%. Неодамна е пуштен еден крак во Струга кој што го финансираше странска донација во најголем дел беа изведени овие работи.

Исто така, Министерството за животна средина, екологија и просторно планирање, заедно со матично надлежното министерство, тоа е Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство кое е надлежно за охридското крајбрежје, како и со Министерството за транспорт и врски, работат на продолжување на овие проекти односно изнаоѓање на странски донации.

Меѓутоа, постои и една друга можност, бидејќи на Влада се усвојуваат повеќе програми, едната е програмата од Министерството за транспорт и врски која е поголема и една помала програма, а тоа е програма која се предлага од Министерството за животна средина, екологија и просторно планирање. Значи до колку има проект, моите сознанија укажуваат дека проектот за мала пречистителна станица во месноста Пештани сеуште не е завршен бидејќи тоа беше обврска на месната заедница и на локалната самоуправа. Доколку тие имаат готов проект можат да партиципираат, да побараат да аплицираат до Министерството за животна средина или пак Министерството за транспорт и врски или пак Фонд за води, бидејќи тоа е надлежност односно има можност по повеќе програми и согласно можностите под услов и локалната самоуправа нешто да партиципира, да се отпочне со изградба на тој сегмент од колекторскиот систем, конкретно во овој дел од охридското крајбрежје. Меѓутоа, за целосно решавање на овој проблем очекуваме да продолжат грантовите од меународните донатори, кои што во најголем дел можеби 70 до 80% учествуваат во изградба на овие краци на овој дел од колекторскиот систем на охридското крајбрежје. Но, притоа, се разбира, тие работат и на онаа страна од охридското крајбрежје каде што се наоѓа Република Албанија.

Исто така, да го информирам почитуваниот пратеник дека неодамна е формиран заеднички Секретаријат, бидејќи меѓународните донатори токму тоа го бараат во кои што членуваат претставниците на општините и од страна на Охридското Езеро во Република Македонија и од Република Албанија, невладините организации и претставници на Министерството за животна средина, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Министерството за надворешни работи, кој што пак Секретаријат се очекува негово конечно конституирање некаде околу 15 март и ќе настапи пред Светската банка да ги продолжи овие преговори за довршување на колекторската мрежа во охридското крајбрежје. Се разбира, постојат и некои други проекти, но тоа е од овој аспект на меѓународните донации. Како што кажав, постои можност од одредени програми да се аплицира, под услов да има готов проект и тоа да влезе во приоритет на програма на локалната самоуправа во Охрид.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Китановски, дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам.

Дополнителното прашање е, што конкретно на краток рок може да се стори, затоа што буквално во средба со граѓаните, навистина, дворовите им се прекопани и претворени во резервоари за спетички јами. Тоа е проблем кој што не може да трпи да се чекаат донации и тн., а од друга страна луѓето се, точно е тоа дека е дел, можеби најголем дел на локалната самоуправа, меѓутоа, сепак се работи за проект и за регион каде што е

од поголем интерес. Се работи за загадување на Охридското Езеро. Во тој контекст, покрај овие подолгорочни мерки за кои што се потребни и донации и завршување, факт е дека во тој дел бадијала има колекторски систем. Тој е изграден, меѓутоа таму не функционира, заради тоа што примарната и секундарната канализациона мрежа не е направена и сеуште како да нема колектор, што значи сеуште функционираат.

Можете да замислите 500 куќи по 2 до 3 септички јами има во секој двор и физички нема место во дворовите да копаат уште една, бидејќи се полнат, тоа е триаголно подрачје, излегува вода, не може да го впива, а и лошо е. Ако го впива сигурно на посебен начин го загадува Охридското Езеро.

Дополнителното прашање, покрај сите овие работи што ги кажа министерот и што се познати, знам дека се потребни средства, потребни се донации, меѓутоа, не само локалната самоуправа не може сама да го заврши но краткорочно, бидејќи за некој месец почнува сезоната, луѓето повторно ќе се соочуваат со тој проблем ем жителите на Пештани како проблем како да ги носат отпадните води, а и загадувањето на Езерото, за жал, ќе продолжи.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Има збор министерот за животна средина господинот Зоран Шапуриќ.

**Зоран Шапуриќ:** Јас кажав како и господинот пратеник дека се работи за не мали финансиски средства.

Овие финансиски средства сигурно се големи и ги надминуваат можностите на локалната самоуправа на општината Охрид. Меѓутоа, големи се и за Владата. Јас кажав дека постојат повеќе програми. Доколку локалната самоуправа има готов проект може да аплицира во Министерството за транспорт и врски каде постои Годишна програма за доделување на овие средства, во Фондот за води кои имаат своја програма и во Министерството за животна средина и просторно планирање како и кај Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Значи, ако се зафати локалната самоуправа да го реши проблемот со проектот, постојат повеќе можности да се аплицира во повеќе програми и тогаш да се види. Се разбира само локалната самоуправа или само едно од овие министерства кои ги набројав не можат да го решат проблемот, се разбира и Јавното претпријатие "Проаква" исто така нема во овој момент, јасно ни е, нема капацитет да го реши.

Постои можност да аплицира месната заедница преку општината до овие наведени 4 програми и да побара средства, согласно можностите, ќе им биде одговорено.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре Шапуриќ.

Второто прашање е поставено до Министерството за здравство.

Има збор министерот за здравство, господинот Владимир Димов.

**Владимир Димов:** Благодарам потпретседателе.

Најпрвин би сакал да кажам дека сеуште нема издадени решенија за укинување на служби или било што во духот на она што претстои како трансформација во примарното здравство.

Од друга страна за конкретниот случај за кој зборуваме, би сакал да ги одвојам поимите ургентна служба и итна медицинска помош.

Овие 2-3 дена треба да излезе Правилникот во "Службен весник" кој точно регулира кои се критериумите на кој број на жители се организира службата на еден или на друг начин, меѓутоа, сигурно е сосема јасно дека згрижувањето на итните случаи се приоритет во здравството и според тоа секоја реформа која би ја правеле кога таквите случаи не би биле згрижени, би било апсолутно без никаков резон.

Во делот на згрижувањето на итните случаи сега во Демир Хисар од каде е упатено прашањето, се згрижува на начин во рамките на Здравствениот дом има извршено организација на кој начин се згрижуваат, што е обврска, 24 часа да се дава здравствена заштита на таквите случаи. Така ќе биде и во иднина во делот на ургентните случаи кои таму ќе се решаваат на начин што матичните лекари и не само таму, туку и во многу други места, бидејќи ја имаат таа обврска да пружаат таква помош речиси сите ќе бидат 24 часа згрижени, но сами себе си во рамките на она што сега го имаат и колку што се, бидејќи нема да се намали нивниот број, ќе се организираат меѓусебно, за тоа постои цел елаборат како тоа ќе функционира.

Уште еднаш напоменувам згрижувањето на тие случаи претставува приоритет и пред било што да се примени, било какви имплементации во секој град посебно да се прават реформски зафати, сето тоа е проследено со елаборат кој ќе ја има и согласноста на луѓето кои работат таму и ќе има комплетно согледување како тоа во суштина ќе функционира.

Тоа ќе биде објаснето на начин како треба и тоа на населението и на здравствените работници. Ним им е сосема јасно на кој начин е регулирано и нема да настане никаков проблем во функционирањето на таа служба. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Господине Китаноски дали сте задоволен од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Илија Китаноски.

**Илија Китаноски:** Од ова што го кажа министерот ако можам да заклучам дека ќе постои ургентна служба, прашањето се однесуваше токму на ургентната служба или формално сеуште не е

укината и оневозможено да постои, тогаш е во ред, а ако не е, тогаш прашањето нека се сфати како една интервенција или ургенција до надлежните кои ги прават тие елаборати и тие реформи сепак да водат сметка за граѓаните на помалите населени места, овде сепак се работи за град, да ги имаат истите можности како што ги имаат граѓаните во Битола, Охрид итн.

**Слободан Најдовски:** Дали имате потреба од дообјаснување господине министре.

Има збор министерот за здравство господинот Димов.

**Владимир Димов:** Немам ништо посебно бидејќи не беше упатено прашање, колку што разбрав, само да го афирмирам тоа дека апсолутно таквата грижа која е сега изразена во Демир Хисар ја имаме секаде и тоа е еден од приоритетите во сите планови што ги имаме и нема да има таму никакви нарушувања.

**Слободан Најдовски:** Третото прашање е до Владата, а се однесува на сместените во Царина.

Молам, кој во името на Владата ќе одговори, или писмено ќе се одговори?

Ќе добиете писмен одговор на третото поставено прашање.

Следен за поставување пратеничко прашање е пратеникот Аднан Јашари.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине потпретседател, почитуван премиер, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Ќе поставам само едно прашање и тоа до Министерството за финансии до Секторот за имотно-правни односи.

Овој Сектор е во рамките на Министерството за финансии и прашањето е до Министерството за финансии. Барам одговор во писмена форма.

Во неколку општини во Република Македонија како и во околината на Скопје и Гостивар живее значителен број на жители кои во 50-тите години емигрирале од Република Албанија во поранешна СФРЈ како политички емигранти.

Во 70-тите години овие лица стекнале државјанство од поранешна СФРЈ и поседуваат државјанство на Македонија.

Од 1996 година со помош на Организацијата на Обединетите нации дадена им е помош во разни облици и од оваа помош овие лица успеаа да изградат куќи, а на некои им е даден друг посед за да можат да садат земјоделски култури. Меѓутоа, овие незаконитости и понатаму се евидентирани во имотно-правните односи на Република Македонија, а актуелните корисници на овие права им е дадено само право на користење преку договор за нивно користење.

Врз основа на овие податоци кои ги поседувам, нормално кои ми ги понудиле овие лица, средствата кои тогаш биле посветени на овие семејства од ООН се наменети за купување на овие недвижности и пренесување на правото на посед.

Меѓутоа, тоа што јас не го знам е дека овие семејства се соочуваат со разни проблеми. Од тој период има многу промени, некои од нив се веќе починати, родени се други луѓе, а проблемот кој е поврзан со имотно-правните односи на овие семејства се уште е нерешен.

Ова прашање е до Министерството за финансии, до Секторот за имотно-правни односи и барам писмен одговор. Ме интересира кое е мислењето на Министерството во однос на оваа проблематика и дали може да се реши брзо или не. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Јашари.

Има збор министерот за финансии господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Со оглед дека се работи за поединечни случаи и акти во управна постапка, нормално јас напамет не можам да знам, ќе доставиме писмен одговор за тие конкретни случаи.

**Слободан Најдовски:** Ќе добиете писмен одговор на поставеното прашање.

Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Љупче Мешков.

**Љупче Мешков:** Почитуван потпретседател, почитуван премиер, членови на Владата, имам две прашања кои се упатени до Министерството за труд и социјална политика.

Првото прашање е следното:

Во текот на 2004 година во јули Сојузот на пензионерите на Република Македонија покрена со писмен допис доставен до претседателот на Собранието - Иницијатива за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Со тој писмен допис бараше претставници од Сојузот да бидат примени од негова страна, меѓутоа, претседателот постапи онака како што налага процедурата, а тоа е оваа иницијатива ја достави до пратениците и до Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија го извести Сојузот на пензионерите дека иницијативата ја доставило во надлежност на Министерството за труд и социјална политика и до Министерството за здравство заради добивање на мислење од соодветните министерства.

Во јули 2005 година Владата го известила Сојузот на пензионерите дека Министерството за здравство дало, така да се изразам, виза за измена на Законот за здравствено осигурување, се разбира согласно предлозите од Иницијативата на Сојузот на пензионерите и на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување.

Од Министерството за труд и социјална политика Владата во овој допис до пензионерите не кажува мислење од причина што претпоставувам дека не добила.

Од јули 2005 година работите стојат во место и покрај сите обиди на претседателот и на членовите на Сојузот на пензионерите да стапат во контакт со надлежните во однос на оваа иницијатива.

Во врска со тоа го поставувам прашањето:

Каква е судбината на оваа Иницијатива во чија содржина се опфатени прашања кои се многу битни од егзистенционална природа за оваа категорија граѓани на Република Македонија и дали Владата по истата ќе предложи измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и на Законот за здравствена заштита.

Ако тоа го планира, кога?

Второто прашање ми е:

Пред скоро една година овој Парламент донесе Закон за измена и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со кој заради надминување на неповолните состојби во оценката на работоспособноста односно во работата на лекарските комисии се измени организацијата на работењето на комисиите. Беа формирани нови комисии, една од нив и во областа на здравството со што, по мое убедување, до крај се комплицира постапката во остварување на правото на инвалидска пензија, а згора на тоа се создадоа извонредни нормативни претпоставки за оддолжување на постапката за остварување на правото на инвалидска пензија.

Исто така од она што јас го имам како сознание за Второстепената комисија за оценка на работоспособност сега како што работи, работи во состав дипломирани правници што значи дипломирани правници решаваат во втор степен по барање на осигуреници кои бараат инвалидска пензија поткрепена со медицинска документација и да бидам конкретен моето прашање гласи:

Колку во просек, сега по измените на Законот од кој има поминато една година, трае постапката за оценка на работоспособност од поднесување на барањето до донесување на решение за право на пензија, а во случаи кога има поднесено жалба до донесување на решение во второстепена постапка.

Едно потпрашање, кој е составот на Второстепената комисија според стручната подготовка.

Само да појаснам, воопшто не ми е интенцијата да полемизирам кој е во право кој не е, меѓутоа, интенцијата ми е како функционираат овие измени и со заеднички напори да најдеме најсоодветни решенија во интерес на корисниците при остварување на нивните права од ова осигурување.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мешков.

Двете прашања се до Министерството за труд и социјална политика.

По однос на првото прашање има збор министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Со оглед на тоа дека до Министерството за труд и социјална политика стигаат многу иницијативи, јас би сакал господинот пратеник да прецизира за која иницијатива точно се работи и за што станува збор во иницијативата. Тоа е по првото прашање.

**Слободан Најдовски:** Господине Мешков имате право, со оглед на тоа што не ги искористивте вашите десет минути, да прецизирате, доколку сакате.

**Љупче Мешков:** Ја имав иницијативата пред мене, но бидејќи знам што стои во неа, иницијативата е во делот на пензиско и инвалидско осигурување околу плаќањето на трошоците за исплата на пензиските примања, а во делот на здравството е околу измена на Правилникот овој што го спомнав, во делот на користење на здравствена заштита во случај кога корисникот на пензија се наоѓа надвор од местото на живеење односно надвор од таму каде им е матичниот лекар.

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Јас морам да кажам дека повторно не ми е прецизирано прашањето и во овој момент не можам да дадам одговор додека немам прецизно прашање.

**Слободан Најдовски:** Дали значи дека ќе добие писмен одговор ако го прецизира.

Господине Мешков тогаш обратетесе писмено до Министерството за труд и социјална политика за која иницијатива се однесува, па да добиете писмен одговор.

**Љупче Мешков:** Не знам како да бидам поконкретен, јас точно кажав кога е поднесена иницијативата во јули 2004 година, па можеби оти е поминато многу време министерот не се сеќава, веројатно тогаш и не беше министер, но точно се знае, јас цитирав што е барано во таа иницијатива од Сојузот на пензионерите.

Барана е измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување и на Законот за здравствено осигурување за оние прашања кои ги спомнав сега.

Ако министерот мисли дека е подобро јас и писмено ќе го доставам, тоа воопшто не е проблем, дури ќе цитирам и број на иницијативата.

**Слободан Најдовски:** По однос на второто прашање има збор министерот Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Прашањето на оценка на инвалидитетот и прашањето на работата на

Комисијата за оценка на инвалидитетот е едно многу битно прашање околу кое често пати се крши копје во рамките и на самото Министерство, Фондот за пензиско инвалидско осигурување, а секако има реперкусии и врз самите граѓани односно правото на остварување на инвалидска пензија.

Морам да кажам дека притисокот врз оваа Комисија за оценка на инвалидитетот е навистина голема во смисла што е можно повеќе граѓани да добијат право на инвалидска пензија и во рамките на тоа се извршени законски измени на Законот за пензиско и инвалидско осигурување. Воспоставени се одредени процедури според кои врз база на искуствата кои биле порано пред донесување на овој закон се случува при оценка на инвалидитетот на Комисијата да дојдат лица со непотполна документација.

Значи со сегашните измени кои се на снага практично лицето не може да започне со процедура за оценка на инвалидитетот доколку нема комплетна и уредна документација и тоа се процедурите кои што ние сметаме дека се во интерес на граѓаните, како не би оделе пред Комисијата, а потоа евентуално ако бидат одбиени, односно се бара дополнителна документација, дополнително практично истите права и трошоци итн, сето тоа да се заврши во една претходна административна процедура. Инаку потребата од оценка на инвалидитет обрвска е да се изврши во рок од 60 дена. Јасно дека оваа Комисија покрај оваа обврска за оценка на инвалидитетот во кои што годишно доаѓаат преку 3.500 лица има обврска и да го утврдува правото за нега од трето лице на кои што минатата година се имаат обратено повеќе од 17 илјади корисници за што ние во Министерството за труд и социјална политика сме на мислење дека уште оваа пролет ќе формираме посебна комисија за оценка на правото за користење нега од трето лице, како би можеле да ја растеретиме оваа комисија.

Што се однесува до персоналниот состав на комисијата, второстепената комисија, ние сметаме дека без разлика што се работи за прашања од областа на здравството, кај нас утврдувањето на евентуално кршење на процедурите итн, оваа комисија ги утврдува согласно персоналниот состав во кој што како што рековме претежно се правници. Меѓутоа, ние имаме една друга комисија која што на репрезентативен основ ги проверува дадените пензии, односно оние кои што се дадени инвалидски пензии и од 222 лица кои што предмети биле ставени на опсервации на оваа комисија, 15 се вратени на понатамошно испитување, односно за утврдување на исправноста на дадените инвалидски пензии, имајќи во предвид дека оваа комисија е во целост составена од стручни лица, односно од областа на медицината.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Господине Мешков дали сте задоволен од одговорот, или саката да поставите дополнително прашање.

**Љупчо Мешков:** Господинот министер точно ја кажа процедурата и како се остварува постапката и тоа воопшто не е спорно.

Моето прашање беше, дали тој законски рок од 60 дена во кој што мора да се реши барањето на осигуреникот, значи постапката од поднесување на барањето до оценката и решението, дали тој рок е испочитуван. Со оглед на фактот дека сознанијата се, со сите овие комисии и процедури и доставување од архива до архива не е можно, објективно не е можно тоа барање да се реши во рок од 60 дена. И сега не е место и време јас да кажувам и примери каде што процедурата трее по 6 месеци и повеќе. Значи, се разбира не сакам со тоа да критикувам некој, но објективно преку сите овие четири, или пет, колку се комисии, додека тоа барање биде прегледано, документацијата комплетноста проверена и преку сите овие, значи, не може да се запази законски определениот рок. Значи, или треба тој рок да го промениме, да биде подолг, или треба да направиме нешто друго што осигуреникот во законски определениот рок ќе може да го оствари своето право. Значи, тоа ми е прашањето, дали објективно е можно да се испочитува и дали се испочитува тој рок од 60 дена?

**Слободан Најдовски:** Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Стевчо Јакимовски.

**Стевчо Јакимовски:** Треба да се прави разлика помеѓу моментот, односно датумот кога осигуреникот дошол на шалтерот пред Министерството за труд и социјална политика и моментот кога тој има комплетна и уредна документација. Значи, тоа се две различни работи. Јас сакам одговорно да кажам дека нормално пропусната моќ на оваа Комисија не е да ги апсорбира сите овие случаи во рок од 60 дена. И од тие причини како што реков ќе правиме одредени измени, со тоа што оваа Комисија ќе ја растеретиме од обврските, значи директно Комисијата за оценката на инвалидитетот ќе ја растеретиме од обврската за утврдување на потреба од нега од трето лице. Со тоа сметаме дека ќе ја зајакнеме нејзината инвентивност. Исто така, сакам да кажам дека минатата 2005 година имаме одобрено некаде над 800 корисници да се стекнат со право на инвалидска пензија. Евидентно дека тој број е редуциран и тоа доста, значи некаде од 2.500 што има во просек во претходните години е сведено некаде на 800. Инаку, јас сум поборник на тоа процедурата нека трае подолго, меѓутоа инвалидска пензија да земаат само оние лица кои што имаат право на неа, односно кои што исполнуваат услови утврдени со закон и кои што навистина имаат изгубена работна способност, или пак нивната

преостаната работна способност е до толку намалена што не можат натаму да учествуваат во процесот на работата. И сето ова е направено во интерес да се елиминираат злоупотребите, митото и корупцијата која што и вие и јас и целата македонска јавност знае дека постоеше и се трудиме максимално тоа да се намали. И сметаме дека сите овие процедури се во интерес на оние осигуреници кои што навистина треба да си го остварат правото и кои се наоѓаат во тешка здравствена состојба и неможат натаму да продолжат со работниот век.

**Слободан Најдовски:** Следен за поставување пратенички прашања, пратеникот Ацо Спасовски.

**Ацо Спасовски:** Благодарам потпретседателе. Јас ќе поставам две прашања и тоа редоследно прво до Министерството за локална самоуправа.

Јавното претпријатие Водовод и канализација од Скопје, односно директорот Миле Јанакиевски како одговорно лице на ова јавно претпријатие, не образложи на јавноста за кои намени го склучил договорот помеѓу Јавното претпријатие Водовод и канализација и маркетинг агенцијата "Република" на износ од 18 милиони денари. Согласно актуелните состојби во Градот, а особено во Јавното претпријатие Водовод и канализација кое се финансира од надоместок на потрошената вода, наплатен од страна на граѓаните на град Скопје, сметам дека износот од 18 милиони денари е преголем за било каков тип на маркетиншки услуги и создава причини за основано сомневање дека директорот Миле Јанакиевски врши злоупотреба на средствата од ова Јавно претпријатие за финансирање на политички активности на ВМРО ДПМНЕ чиј член е и горенаведениот директор. Ова го поткрепувам со фактот дека истата маркетиншка агенција ја изготвуваше промотивната кампања на кандидатот за претседател на ВМРО ДПМНЕ на последните претседателски избори.

Прашањето ми е до Министерството за локална самоуправа, дали Министерството има ингеренции да интервенира во вакви ситуации за преиспитување на вака склучените договори од јавните претпријатија на локално ниво? Тоа е првото прашање.

Второто прашање би го упатил до Министерството за образование и наука и се однесува за санациата на подрачното училиште во село Сопиште при Централното основно училиште Драга Стојанова од село Ракотинци. Подрачното училиште е изградено уште во 1949 година и досега воопшто во ниеден момент не е извршена никаква санација на тоа училиште.

Прашањето ми е до Министерството, дали за оваа 2006 година Министерството во своите планови за санации на училишта го има уврстено и подрачното училиште во село Сопиште при Централното основно училиште Драга Стојанова од село Ракотинци.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Господине Спасовски по однос на првото поставено прашање, ќе ви одговори министерот за локална самоуправа, господинот Ризван Сулејмани.

**Ризван Сулејмани:** Благодарам потпретседателе. Јас ќе морам да кажам овде дека согласно Законот за локална самоуправа и поделбата на власт помеѓу централна и локална власт Јавното претпријатие Водовод и канализација Скопје, основач е Градот и одговара пред Советот на градот Скопје и градоначалникот, нормално согласно законот. Министерството за локална самоуправа има надлежност над надзорот на актите што ги носи Советот на општината, односно градот Скопје. Така што во конкретниот случај не се работи за акт кој е донесен од страна на Советот на градот Скопје, или општината. Инаку, тоа е во надлежност на Советот на градот Скопје и на градоначалникот. Инаку, ако има јасно искажани податоци дека се работи за прекршување на законот, тука се другите органи кои треба да го следат и понатаму да го прецизираат.

**Слободан Најдовски:** Господине Спасовски, дали сте задоволен од одговорот, или сакате да поставите дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ацо Спасовски.

**Ацо Спасовски:** Задоволен сум од одговорот. Во тој случај се надевам дека антикорупциската Комисија и претседателот ќе ја преземат улогата.

**Слободан Најдовски:** По однос на второто прашање кое е поставено до Министерството за образование и наука.

Има збор заменик министерот за образование и наука господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам. За жал, во програмите за 2006 година кои што се дефинирани ова училиште не е опфатено со оваа програма, што не значи дека доколку се процени дека е потребно да се интервенира од фондот за неопходни и итни интервенции, дека не би можело да се интервенира.

Имавме поширок список на училишта во кое што беше и тоа опфатено. Но, заради познатите случувања кои што се јавија за неопходни итни интервенции заради изгорување на училиштето во Радовиш, и заради адаптација на просторот за повторно нормално одвивање на наставата, таа програма, поширока програма мораше да ја стесниме во потесни рамки и ова училиште не е опфатено во конкретната програма.

**Слободан Најдовски:** Благодарам. Господине Спасовски, дали сте задоволни од одговорот?

**Ацо Спасовски:** Задоволен сум.

**Слободан Најдовски:** Немате дополнително прашање.

Овде ќе прекинеме.

Објавувам пауза до 15.00 часот.

(По паузата седницата  седницата продолжи со работа во 15,01 часот)

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа.

Следен за  поставување пратенички прашања е господинот Михајло Георгиевски.

Молам да влезат и претставниците на Владата.

Повелете господине.

А, чекат да дојде претставник на Владата?

Вие го повикувате премиерот но може и било кој од Владата да  одговори. Вие поставете го пашањето. За да не губиме во време, поставете ги трите прашања или прво оние што ви се до надлежните министерства,  па потоа до Владата. Ако дојде премиерот ќе одговори, ако не ќе добиете писмен одговор.

Мораме да продолжиме да рабориме, поставете го прво второто прашање.

**Михајло Георгиевски:** Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Владата, почитувани пратеници,

Дозволете да ги поставам моите три прашања.

Првото прашање е за министерот за култура и министерот за внатрешни работи.

Деветнаесеттиот век и почетокот на  . . .

**Слободан Најдовски:** Ве молам господине Георгиевски, до Министерството за култура или до Министерство за внатрешни работи?

**Михајло Георгиевски:** За дваицата е. Тоа е исто прашање за двајцата. Од самото прашање ќе видите дека е така. Едно прашање е но двајцата треба да дадат одговор. Едно прашање е.

**Слободан Најдовски:** Повели.

**Михајло Георгиевски:** Деветнаесеттиот век и почетокот на Дваесеттиот век е време кога немилосрдно е разграбувано и уништувано македонското културно-историско наследство. Тоа се случува во време кога Македонија била под туѓинско владеење и немала свои национални и државни институции кои би се грижеле за своето културно-историско наследство и тоа станало лесен плен на странските и домашни собирачи и шверцери, така што денеска со македонското културно историско наследство се гордеат големите библиотеки и музеи по големите светски метрополи, како Белград, Софија, Лондон, Париз, Загреб, Виена, Рим и сл.

Ако за тоа време - невреме за Македонскиот народ има изесно морално оправдување какво ли оправдување ќе имаме денес кога Македонскиот народ има своја држава и државна институција кој би требале да се грижат за своето културно-историско наследство, а сепак немилосрдно се разграбува и изнесува надвор од Република Македонија.

Прашањето гласи: Што има направено Министерството за култура во организирањето на чуварска служба на археолошките локалитети од каде што најповеќе се вршат грабежи. А, пак што има направено Министерство за внатрешни работи во фаќањето и казнувањето на шверцерите што го изнесуваат македонското културно наследство надвор од Република Македонија?

Наредното прашање е за премиерот.

**Слободан Најдовски:** До Владата.

**Михајло Георгиевски:** Од неодамна се промовира идејата за формирање слободна трговска зона на Западен Балкан во која се вклопува и Република Македонија. На оваа иницијатива жестоко се спротивстави Хрватска, укажувајќи дека не и е потребна слободна трговска зона на Западен Балкан, туку во ЕУ, од која што доби статус кандидат за член на ЕУ. И Република Македонија доби статус за кандидат на член во ЕУ, така што и Република Македонија и Хрватска се единствени со таков статус во Западниот Балкан. Другите членови се далеку од тој статус. Која повеќе, која помалку.

Република Македонија, без двоумење, со аплаузи ја прифти оваа иницијатива и веќе се вгнезди во Западно-балканската регионална трговска зона, како нејзино соодветно друштво.

Прашањето гласи: Зошто овластените во Република Македонија не ја консултираа наукаа за ползата и штетноста од ваквата економска унија, како и политичките партии и Парламентот, за политичките ефекти или штети од ваква унија. Туку, без никаква анализа, веднаш ја поддржаа оваа иницијатива.

Третото прашање е исто така до премиерот или до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а гласи: Пред осум месеци премиерот на Република Македонија Владо Бучковски даде ветување дека на земјоделските производители на пченица ќе им даде премија по еден денар за секој продаден килограм пченица. Во јануари оваа година, од Битола, премиерот уште еднаш даде ветување дека оваа премија ќе биде исплатена до крајот на февруари.

Еве, февруари веќе заминува. Од ветеното нема ништо. Затоа, прашањето гласи: Кога земјоделските производители на пченица ќе го добијат ветениот денар на име премија и дали оваа премија ќе важи за 2006 година? Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Георгиевски.

По однос на првото прашање, заменик министерот за култура, госпоѓа Мелпомени Корнети. Повелете госпоѓо Корнети.

**Мелпомени Корнети:** Благодарам господине потпретседател,

На прашањето на почитуваниот пратеник Михајловски, прво ќе му го предочам донесуањето и стапувањето во сила на Законот за заштита на културното  наследство, што овој Парламент го донесе во 2004, а стапи на сила во почетокот на 2005 година.

Точно, тргнувајќи од вредноста, непроценливата вредност и значењето на културното наследство за идниве генерации, со овој Закон е формиран посебен орган во состав на Министерството за култура. Тоа е Управата за заштита на културното наследство, како можеби најзначајна новина од таа област, таа Управа е опремена со своја сопствена инспекција, а покрај другите мерки во Законот предвидени се и казнените одредби.

Од друга страна, направен е план, изготвена е анализа за физичката безбедност на локалитетите, археолошките локалитети во Македонија. Предстои натамошна изработка на план и програма за заштита што ќе оди подалеку од досегашните вообичаени стандардни чуварски служби, кои, во современи услови на напади врз локалитетите од диви, софистицирано опремени копачи се немоќни, така што прашањето за заштита на локалитетите, односно на културното наследство на археолошките локалитети во земјава ќе биде третирано не само со поголема сериозност, туку, имајќи ги предвид современите методи и начини на заштита, физичка безбедност на овие значајни наоѓалишта на културно наследство.

Што се однесува до прашањето за однесените предмети, тоа е веќе друга тема. Како што кажа самиот пратеник, пред се тоа е појава што главно течела до Втората светска војна и врз основа на Законот за заштита на културно наследство постојат можности на оргнизиран начин, политички во меѓудржавна комуникација и соработка да започне процес на реституција. Прво на евидентирање на однесеното културно богатство од Македонија а потоа и негова реституција.

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Корнети.

Господине Георгиевски дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Михајло Георгиевски, повелете.

**Михајло Георгиевски:** Јас сум делумно задоволен од укажувањето дека навистина се ставени под чуварски служби чувањето на локалитетите. Но, како може да се стават такви служби, а сепак да не функционираат, понатаму да се разграбува тоа културно наслество? Значи, треба да се засилат, место еден чувар да се ставаат двајца. Тоа е најскапото што го имаме во државата Република Македонија. Да не жалиме, место еден да ставиме два стражари.

Инаку немам дополнително прашање.

Сега очекувам одговор од министерот за внатрешни работи, што направил тој во заштитата.

**Слободан Најдовски:** Тоа на наредна седница господине Георгиевски, кога ќе поставите прашање до министерот за внатрешни работи. Имавте право на три прашања, така што тоа на наредната седница.

Второто прашање е до Владата на Република Македонија. Во името на Владата заменик претседателот на Владата на Република Македонија госпоѓица Радмила Шеќеринска ќе одговори.

Повелете госпоѓице Шеќеринска.

**Радмила Шеќеринска:** Благодарам господине потпретседателе,

Најпрво би сакала да кажам дека Владата, по иницијативата што беше истакната и беше објаснета во Коминикето на ЕУ го кажа својот став. Тој став беше соопштен јавно, тој став беше одбранет јавно. Се работи за став што не е работодавецот езултат на моментална импровизација, туку на нешто што е анализирано веќе подолг временски период.

Имено, можеби на еден дел од јавноста претставуваше изненадување предлог што дојде од страна на Европската комисија, а тоа е да има единствен договор за слободна трговија што ќе се однесува на сите земји од регионот на Западниот Балкан. Меѓутоа, велам за оние кои се занимаваат стручно и политички и административно, тоа е веќе идеја што подолг временски период Пактот за стабилност ја анализираше, дискутираше и преговараше. Така што не претставуваше изненадување кога го видовме во документот на Европската комисија. Заради тоа Владата на Република Македонија можеше да излезе со конкретен и аргументиран став.

Тој став се состои од неколку елементи:

Прво, сметаме дека слободната трговија помеѓу земјите во овој регион може само да ни користи, на сите нас и особено да и користи на македонската економија што е мала како пазар и како таква има интерес да настапи на сите овие пазари.

Второ, Република Македонија и до сега не бегаше од слободната трговија. Всушност, ние имаме поединечни договори за слободна трговија со секоја од овие држави. Може да биде само интрес на Република Македонија доколку нема неконзистентност помеѓу договорите, доколку имаме единствен договор што ќе ги регулира прашањата.

И, на крајот, само да забележам дека апсолутно не е точно дека Република Хрватска се противи на идејата на Договорот за слободна трговија. Тие го поставија прашањето дали ЦЕФТА или СЕЕФТА е модел што повеќе им одговара и тоа пред се од политички причини. Ние, такви политички причини за политичка загриженост немаме. Република Македонија сега го потпишува и станува членка на ЦЕФТА од истиве овие причини и сметаме дека и влучувањето на други држави од Западниот Балкан во еден ваков договор може само да ја оснажи македонската економија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Господине Георгиевски, дали сте задоволни од одговорот или сакате да поставите дополнително прашање?

Има збор пратеникот Георгиевски Михајло.

Повелете господине Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Од одговорот не сум задоволен.

Прво, прашањето гласи - зошто не е консултирана науката, институциите за економија, Академијата на науките, од една страна за економските ефекти, а од друга страна политичкиот момент, Парламентот зошто не е консултиран. Зошто не е поставена на Парламентот? Зошто не е поставено пред партиите да се види што полза имаме ние од тоа. И така рековте дека и до сега си имавме такви договори. Значи не е од економски интерес, туку исклучиво ова е политичко прашање. Да не внесат во Западен Балкан и да чекаме таму како и другите кои чекаат 20 и 30 години, кои се назад од Македонија која што веќе доби статус за кандидат членка за ЕУ. Значи, прашањето е политичко и треба да се разгледува од политички аспект. Под економски се знае дека имаме такви договори. Не ни требаат такви договори.

Самиот факт што Хрватска се противи на тоа, дека не сакаат, не потпишуваат, не се согласуваат, таа бега од Западен Балкан како симбол на заостанатост, како симбол на нешто диво, лошо. Зошто ние да се вградуваме во тој Западен Балкан кога сме веќе како хрватска, веќе сме кандидат за членка. Тоа е прашањето.

Како дополнително прашање барам да се постави пред Парламентот, ако може и пред политичките партии, да се поразговара за политичкиот и за економскиот ефект.

Толку, благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Георгиевски.

Има збор заменик претседателот на Владата на Република Македонија, госпоѓица Радмила Шеќеринска.

Повелете госпоѓице Шеќеринска.

**Радмила Шеќеринска:** Мислам дека е лоша пракса ако одредена држава или политичар ги гради своите ставови врз основа на искажани статови на друга држава, без да прави политичка и економска анализа за која што претходно се залагавме.

Мислам дека е апсолутно авантуристички и апсолутно незрело да кажеме дека Република Македонија требала да има ваков или таков став, заради тоа што Хрватска го има. Тоа зборува за недоверба во сопствените институции, сопственото знаење и сопствените политички проценки.

Македонија реагираше онака како што и доликува на земја кандидат, врз база на своја анализа, своите интереси и она што го има како политички став. Јас само сакам да кажам дека одлуката да се поддржи една ваква иницијатива се темели на два блока.

Едниот е дека ние веќе имаме верификуван став на македонските институции, вклучително и македонското собрание, дека слободната трговија ни одговара. Во ова Собрание и во претходните мандати верификувани се сите спогодби за слободна трговија со секоја од овие држави. За тоа имаме став што не обврзува.

Втората теза дека ваков еден договор, всушност е пречка за интегрирање со ЕУ, можат да го кажат само луѓе што не знаат ниту а од процесот на интегрирање во ЕУ.

Сакам само да ве потсетам дека државите кои во 2004 година, станаа земји членки на Унијата, во периодот и пред да станат земји кандидати и додека беа земји кандидатки, беа дел од тн., ЦЕФТА. ЦЕФТА била добра и не ги спречила да влезат во ЕУ, меѓутоа ЦЕФТА за Западниот Балкан би била проблем. Не гледам тука логика. И, не гледам никакви аргументи во таа насока.

Само да ве потсетам, Спогодбата за стабилизација и асоцијација е верификуана од овој Парламент. Беше предложена тогаш од Владата на која припаѓаше господинот Георгиевски и во таа Спогодба за прв пат се пласираше идејата и концептот на Западен Балкан. Ако тогаш не сметавме дека е проблем, не може тоа сега да ни стане проблем.

Македонија покажа дека дури и постоењето на таква подгрупа, наречена Западен Балкан, ако знаете како да водите политика не треба да претставува хендикеп. Во една таква консталација, со држави кои се уште немаат спогодба за стабилизација и асоцијација, Македонија успеа да стане земја кандидатка. Ниту Западен Балкан, ниту таква Спогодба, никој од овие проблеми што ги лицитирате не не спречи да постигнеме успех тогаш кога знаевме како да работиме. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Третото прашање поставено до Владата на Република Македонија. Во името на Владата ќе одговори заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство господинот Сандре Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам потпретседателе,

Поради намалување на пазарната цена на пченицата во текот на 2005 година,Владата одлучи да подпомогне со еден денар, да издвои од Буџетот, да исплати на производителите на пченица. Во Буџетот за 2006 година се предвидени овие средства и Владата ќе исплати по еден денар за килограм пченица за самите производители. Како Владата, односно Министерството за земјодлество, шумарство и

водостопанство, сака овие средства земјоделските производители да ги добијат на домашна адреса, да не одат преку мелничко-пекарската индустрија, за да не дојде до евентуално одлагање на целата таа работа, ние сме во фаза на прибирање на точни податоци за секој оној кој предал пченица во мелничарско-пекарската индустрија. Веќе сме при крај на прибирање на овие податоци. Исплатата на еден денар наскоро ќе отпочне и брзо ќе заврши, бидејќи средствата се обезбедени.

Што се однесува дали пченицата е предвидена за 2006 година, оваа година за прв пат ја предвидуваме за поддршка на пченицата и тоа по Програмата за поттикнување на развој на земјоделието. Ја вклучиввме пченицата да ја поддржиме од средствата на Буџетот на Република Македонија и тоа по еден хектар како и јачменот, пченката и тн. Значи, и во 2006 година, пченицата ќе биде вклучена во програмата, односно е предвидена во Програмата за поттикнување за развој на земјоделието како поддршка со буџетски средства.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Џамбазовски.

Господине Георгиевски дали сте задоволни од одговорот или имате дополнително прашање.

Има збор пратеникот Георгиевски Михајло.

Повелете господине Георгиевски.

**Михајло Георгиевски:** Од одговорот може сум задоволен, но имам само едно подпрашање - до кога ќе се исплатат, дали до крајот на февруари или некој друг термин. Тие сакаат да знаат дали ќе се почитува она што е речено до крајот на февруари или ќе фати и март. Како дополнително прашање - кога точно ќе се исплаќа тој денар.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Дека се работи за голем број на корисници на овие средства, голем број на производители на средства, до крајот на февруари ќе отпочне исплатата. Јас се надевам дека до 15-20 март најдоцна ќе заврши.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Следен за поставување пратенички прашања е пратеникот Добре Кековски.

Повелете господине Кековски.

**Добре Кековски:** Благодарам господине потпетседателе,

Имам две пратенички прашања и тоа до Министерството за земјодлство, шумарство и водостопанство.

Првото прашање гласи - Кога Владата ќе го исплати денарот за килограм пченица. Ова е особено важно за земјоделците, во овој период, затоа што веќе почнуваат со прихрана на површините засеани со житрици. Средствата им се потребни и за купување на ѓубрива за прихрана а исто така и за купување заштитни средства од плевели.

Бидејќи е веќе одговорено од заменикот министер на ова прашање сметам дека сум задоволен, предвреме со она што е одговорено.

Второто прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Дали има во оваа 2006 година во Македонија увезено пченица. Ако има ме интересира дали тие претпријатија што имаат увезено пченица ја имаат платено пченицата на производителите што ја откупиле во реколтата 2005 година.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Кековски.

За првото прашање рековте дека има одговор претходно.

По однос на второто прашање, има збор заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, господинот Санде Џамбазовски.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Моите сознанија се дека нема увезено пченица во Република Македонија.

Со оглед на тоа што Министерството за економија е надлежно за увоз, извоз и така натаму, предлагам, ако се согласува пратеникот да го постави прашањето до Министерството за економија, бидејќи тие имаат точна евиденција, дали има или нема. Моите сознанија се дека нема.

**Слободан Најдовски:** Господине Кековски имате збор. Повелете.

**Добре Кековски:** Јас се согласувам на ова прашање да ми одговори Министерството за економија.

**Слободан Најдовски:** Има збор заменик министерот за економија, господинот Саша Андоновски.

Повелете господине Андоновски.

**Саша Андоновски:** Нема увоз на пченица.

**Слободан Најдовски:** Благодарам, кратко, концизно и јасно. Вака ако поставуваме и вака ако одговараме на прашањата, ќе можат голем број на пратеници да поставуваат прашања и да им се одговара.

Следен за поставување на пратенички прашања е господинот пратеник Александар Флоровски.

Повелете господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Чекам да седне премиерот да ми укажат таква чест. Имам две прашања.

Првото прашање е поставено повеќе пати, но врз основа на она што го слушнав на Светла точка, кога се соочуваше вашиот министер за здравство, околу судбината на Градската болница, едно време таа се стиша како проблематика. Во

отсуство на министерот може да ми одговори Владата. Во случајот премиерот. Да не се трудите да го прашувате секретарот. Редоследот се знае. Значи, прашањето е, што се случува со Градската болница, која е вашата намера, ќе ја приватизирате ли, ќе преселувате ли во Воена болница, затоа што, следејќи ги сите овие работи и слушајќи ги сонантните тонови од претставниците на Министерството за здравство и сам не можам да се изначудам кој е ставот и на Владата и конкретно на Министерството за здравство. Јас сфаќам дека се зафатени со програма до 2015 година, дека ќе се направат големи исчекори, нашето население да се лекува што подостоинствено и добро би било и оваа Влада и следната Влада колку е тоа квалитетно да продолжи со едно исто темпо, но притоа, да не се заборави дека во главните градови на многу држави, таму каде јас сум роден и пораснат во Будимпешта, имате шест до седум градски болници. Башка државни болници кои беа лоцирани надвор на периферијата на главниот град.

Жал ми е што министерот Димов го нема тука. Прашањето да го конкретизирам: што конкретно планирате со Градската болница и каква судбина ќе имаат тие луѓе. За вработените од медицински персонал, од доктори па до најобични портири, чистачи и така натаму. Тоа е првото прашање.

Второто прашање, јас ќе гледам да се издигнам од она што значи дневна политика, нема да поставам ни прашање за земјоделие, ниту за тутунот, ниту за оризот, ниту за извозот на банани македонски, доколку такви постојат, јас ќе прашам едно најобично човечко прашање, кое мене како човек многу пати ме тангира во разговор, барем во оној круг на луѓе каде што јас се движам. Ме прашуваат, што е со судбината на братот Љубе. Љубе Бошковски како бивш министер, во една бивша влада, човек кој на овие клупи даде заклетва дека ќе го брани територијалниот интегритет во Република Македонија и многу често и самиот се прашувам, што е тоа што се случува меѓу нас Македонците. Се работи за некое проклетие, или се работи за класично предавство, имајќи предвид дека сме христијани, но впечатокот дека Љубе Бошковски се жртвувал на некој начин, се прашувам самиот себе си, дали во овие клупи, во едно минато време, кога му се одзема мандатот, не ли се работи за луѓе кои се антихристи, во контекст на следното: Пред два дена на Македонската телевизија беше обнародена една изјава на еден пратеник по име Фазли Велиу кој, барем за себе лично си препишуваше одредени атрибути, кој не сакам да ги коментирам и не ги познавам доволно добро. Но, она што ме тангира, тоа е сакако како човек и како Македонец беше воениот повик кој го упати на сета јавност овде, без разлика на национална, верска, етничка и секоја друга припадност.

Господине премиере, би ве прашал вака простодушно македонски, човечки, доколку некој од нас Македонците тоа би го направил преку јавен медиум, еве Флоровски да повика дека има голема групација на луѓе и ако не се исполнат некои услови ќе ги мобилизира и ќе се случи втора војна која е максимално непожелна на овие балкански простори, поточно во Република Македонија. А верувам дека и многу од Албанците веќе не сакаат да војуваат. Стремежот кон Европската унија и НАТО пактот е голема заложба на сите политички партии, дали нашето правосудство ќе има храброст, ќе има доблест, ќе има сила и енергија ваквите изјави, нека заврши премиерот, па јас ќе продолжам. Има една српска изрека: "Где ја стадох, ти продужи", а во случајот јас ќе продолжам. Сакав да го сочекам премиерот, затоа што ова се сериозни работи. Мислам сите работи се сериозни, но мислам дека ако државата ни се клима. ако темелите им се рушат треба да заборавиме и на тутунот и на пченката и на оризот, затоа што ако немаме држава, ќе немаме ништо. Значи, ќе продолжам таму каде што застанав.Дали нашето правосудство, нашите правосудни органи, господинот Прчевски, ќе имаат ли доблест, ќе имаат ли сила, ќе имаат ли храброст, таквите изјави од било која страна да доаѓаат, или моќ, да ги санкционираат. Впрочем, во некој член од Уставот, неможам да се сетам кој е тој, говори дека доколку некој повикува на верска, расна, национална, етничка и незнам каква друга, кој атрибут да го употребам, ќе биде казнет според тој и тој член од Казнениот закон на Република Македонија. Се прашувам дали во една ваква дадена ситуација, фактички која ни се случува во државата, дали повторно некој ќе даде сигнал, како што дадовте за време на брат Љубе, вие тогаш не бевте премиер, некој друг беше, да му даде сигнал на претседателот на Мандатно-имунитетната комисија, господинот Кондарко да му со симне имунитетот, за да може нашите правосудни орга ни да превземат мерки.

Значи, прашањето ќе го конкретизирам: што мислите како Влада да превземете во едни вакви дадени случаи, затоа што господинот не е обичен граѓанин, господинот е пратеник, бивш, можеби и сегашен идеолог на таканаречената ОНА и она што е најбитно за мене, оваа Влада има ли храброст, без разлика на можните политички последици, таквите појави од корен да ги исече. Било да доаѓаат од македонска страна, било да доаѓаат од албанска страна, или било која трета страна, за што, верувам таква трета страна не постои, македонската страна мислам дека не се стреми кон таква работа, но, јавниот повик дека доколку не се исполнат барањата што ги пласира господинот Велиу, ќе имаме повторно војна. А тоа значи, повторно крвопролевање, повторно мобилизација, повторно жртви, а Македонија е презаситена од такви работи. Доволно оваа македонска земја трпела крв и жртви. Време е да се стремиме кон прогрес.

Тоа е прашањето господине премиере. Ако сакате можете да ми одговорите и усмено, тоа би било пожелно. Со вашето излагање претпоставувам

дека тоа ќе биде и став на Владата, воедно очекувам да се осудат сите вакви изјави дадени од јавни личности во медиуми на Македонска телевизија на Емисијата на албански јазик. Благодарам.

(Со седницата продолжи да претседава господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието)

**Љупчо Јордановски:** Првото прашање колку што сум информиран, што се планира со Градска болница.

Има збор претседателот на Владата.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Господине Флоровски, јас уште еднаш ќе го потврдам ставот на Владата, кој неколку пати го изнесе министерот за здравство. Значи дел од реформите во здравството е формирање на мрежа на здравствени институции, кој ќе ја опфати и Градската болница. Меѓутоа, тоа не подразбира нејзино приватизирање. Можат да бидат спокојни вработените во Градската болница, ако некој во кампањата која претстои за три до четири месеци понуди поинакво решение за реформите во здравството и на таа платформа добие мандат од граѓаните, можеби ќе прави нешто друго. Но во следните месеци јас ве уверувам,најмалку до периодот кој сите говориме кога ќе биде тоа, до пред годишните одмори, очекувам дека ќе ја почнеме кампањата, зависи кој како толкува кога се годишните одмори, јас на тоа прашање да кажам дека преферирам да е редовна состојбата, да имаме редовни избори во редовните термини кои се од 5 јули до 5 октомври, тогаш ќе разговараме и за Градската болница, и за трансформацијата на здравствените услуги.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски дали сте задоволни од одговорот, или имате дополнително прашање.

**Александар Флоровски:** Доблесно е работите да се кажуваат во очи, онака како што се, без разлика дали мене ми се допаѓале или не. Значи таква судбина ни наменивте. Јас не случајно спомнав дека во големите градови,кои се поголеми од Скопје имаат 5, 6 градски болници. Благодарение на Градската болница 1995 година екс претседателот Киро Глигоров е спасен. И она што значи божја сила која е над сите нас.

Второто прашање ми е исто така многу битно. Не знам дали ќе можете да ми одговорите усмено. Би сакал да ми одговорите, затоа што тоа прашање е побитно од прашањето за градската болница, иако тука се работи за човечки судбини на 400-500 души, но овде се работи за човечки судбини на преку 2.000.000 луѓе.

**Љупчо Јордановски:** Господине претседател на Влада повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе, преферирам да одговорам од говорницата за оние пратеници кои поставуваат пташања од говорницата, да бидеме во ист третман. Не е Владата секогаш научена да седи во фотељи. Се обидуваме во овој период некому му се допаѓало или не, да му кажеме дека Владата може да биде мобилна.

Второто прашање е исклучително сензибилно, вие допревте всушност, две прашања од она што ги тангира сите граѓани на Република Македонија, независно од нивното етничко потекло. Ситуацијата со предметото кој е отворен за Љуботен и двајцата осомничени македонски граѓани, за кои Владата тргнувајќи од начелото за презукција на невиност, не како во некои други држави, каде што паѓаат и министри, заради тоа што проговориле за некои тајни фондови на финансирање, ние тоа го правевме транспарентно. Минатата година ја помогнавме одбраната на овие двајца македонски граѓани, незлоупотребувајќи го тоа и не влегувајќи во кампањата кои ја водеа некои, не вие, некои кои постојано повторуваа дека се големи душогрижници за судбината на тие двајца македонски граѓани. Во духот на она што ние го зацртавме како владина политика, ние подготвивме и јас минатата недела потпишав нова гаранција, државна гаранција, со оглед на препораките што ги даде сега новиот бранител кој има искуство во слични случаи во одбрана на осомничени од Хашкиот трибунал. Ја очекуваме сега разврската. Во меѓувреме врз основа на информациите кој ми ги даде македонскиот амбасадор во Холандија, госпоѓицата Тасковска, таа остварила контакт со господинот Љубе Бошковски кој очекува врз основа на посебно издадената гаранција, ако во меѓувреме заврши разврската и на случајот Раштански лозја, да биде многу појасна правната ситуација околу евентуалното наше барање, издавајќи ја државната гаранција да има сличен третман како некој слични други осомничени од регионот. И врз основа на гаранциите кои ги дадоа државите и врз основа на прифаќањето на такви гаранции да се бранат од слобода. Тоа е првиот дел од прашањето.

За вториот дел од прашањето, јас за разлика од вас, ќе бидам многу поумерен, не заради тоа што сакам да направам некој баланс, заради тоа што имаме разбирање за пратеникот кој директно е засегнат за еден друг случај, кој според мене, тоа е мое лично мислење, има исто така третман на случај за кој треба да има соодветна постапка во нашето правосудство. Станува збор за пратеник кој во еден случај од виорната 2001 година загина неговиот брат. Изјавата може да биде дадена во афект, врз основа на она што беше можеби негово очекување. Затоа јас сакам да потврдам дека во меѓувреме Владата нема намера ништо дополнително да прави ви за ви барањето на пратеникот Велиу. Но, од друга страна, бара начини да размислува уште сега дали може со дел од владината политика која ја имаме, од прилика дали се тоа 150 или 200 семејства, независно дали се тие од албанско етничко

потекло, или се од македонско етничко потекло, кои условно речено се жртви на воениот конфликт од 2001 година, да видиме дали имаме механизми, како да им помогнеме, додека новиот Парламент не смогне сили, па мора да го направи. Мислам дека ќе биде поповолна климата на почетокот од мандатот на идниот Парламент, на идната Влада да се донесе еден закон каде што ќе се обидеме да ги санираме последиците, затоа што имаме и многу декларации, се извинуваме за далечното минато, се враќаме пет или шест децении наназад. Ние треба да смогнеме сили да се погледнеме во очи и за 2001 година, ако неможе на најблиските да им ги вратиме оние кои загинаа, барем на оние кои останаа да најдеме механизам како да им ги обезбедиме социјалните права и вроро, да имаме механизам кој ќе гарантира дека ни еден од нив нема да биде социјален случај затоа што имаме и инвалиди, имаме и семејства за што иако имаме неколку програми, според информациите кои ги имаме, не уживаат никаква заштита. Затоа, јас не би ја подигал тензијата и Владата затоа инсистира. Го респектирам и она што беше изразено како нервоза, затоа што мора да знаеме, јас тогаш бев министер во Владата на големата коалиција, дел од вас овде беа пратеници кога го носевме Законот за амнестија. Го донесе Парламентот. Не е битно дали е потписот на поранешниот претседател Трајковски. Беше донесен акт, кој беше еден од предусловите да влеземе во мирно разрешување на конфликтот. Не сме ги предвиделе сите ситуации. Тоа го потврди, имав прилика да го чујам вчера од Индонезија ми се јави господинот Питер Фејт, кој беше специјален претставник на тогашниот генерален секретар на НАТО на господинот Робертсон кој вели да, има амнестија, но не за воените злосторства. Но самиот призна дека не предвидовме вакви ситуации дека со таа спорост или со таа ефикасност ќе се процесуираат предметите за кои имаше основно сомневање дека има сторени злосторства против човештвото или дека подлежат под ингеренциите на Хашкиот трибунал.

Сега имаме една правна ситуација која се обидува Владата, Министерството за правда со поддршка на Јавното обвинителство и на судството да ги разреши. Ако имаме искуства во другите поранешни републики од поранешна Југославија кои соработуваат со Хашкиот трибунал, да имаме случаи за дела за кои се тврди дека има отворено процес за сомневања за злосторства против човештвото, има процедура и за враќање.

Бидејќи во овој момент многу се злоупотребува во јавноста, ние сметаме и тоа јавно неколку пати го кажав дека Република Македонија ќе биде подготвена до крајот на оваа година да ги процесуира тие предмети, ако еден по еден, како што е договорено, бидат вратени кај нас. При тоа, да се почитува Законот за амнестија, од друга страна да се почитува и нашиот Кривичен законик на меѓународните правила. Значи, за потсетување, ако немаше Хашки трибунал за воените злосторства, според нашиот Кривичен законик имаме кривични дела против човештвото кои предвидуваат најстроги казни, така што претендирам и во Парламентот да не се политизира оваа тема. Ова е исклучително сензитивна тема. Јас верувам во нашето судство, верувам дека со реформите кои заеднички со Парламентот ќе ги завршиме успешно, ќе ги создадеме сите предуслови никој да не се сомнева во мериторната одлука на нашето судство. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Флоровски, вашите три минути да се изјасните дали сте задоволни и ако не сте задоволни, да поставите дополнително прашање. Повелете.

**Александар Флоровски:** Господине премиере, ова е нова работа за мене дека сте дале нови гаранции и е за поздравување, ако е така. Но штом јавно говорите, така е, не може да биде поинаку и јавно кажаниот збор треба да има тежина, ако се работи за доблест и чесност и функцијата која ја вршите не ви дозволува да правите ескиважи. И добро е да е така. Знам дека ги отворивте архивите на новиот бранител и тоа ми е јасно, не од ваши извори, туку од сосема други извори.

Не сакам да ја кревам тензијата и едноставно само прашав дали она што е дадено, како што вие велите, во афект е во духот на заедничкото живеење во Македонија и дали некогаш сме се прашале дали можеме заеднички да живееме. Мое лично размислување, некој пак ќе даде квлаификации на крајно десничар, националист-тоа сум, не можам да се изменам, таков сум се родил, така ме створиле, така сум воспитан. Не можам да судам дали е дадено во афект или не е дадено во афект, но ми се случи една ваква работа на пример од оваа говорница или од било кој медиум Флоровски да ги повика сите "лавови", сите доброволци кои учествувале во војната заради тоа што оваа Влада ги шиканира, ги апси, ги убива, ги ликвидира-не вие конкретно, за вас ова не се однесува, но го носите бремето на некои минати, за жал, но тоа е така. Како кон мене ќе се однесувате? И ние сме живи луѓе и се чуваме и се пазиме што од овде ќе проговориме, да не створиме нездрава клима во државата за да не биде оквалификувано дека Флоровски или било кој друг пратеник ги руши темелите на демократијата. Никој не може да ме убеди дека ваквите изјави, а најмалку вие, тоа треба да го говорите, да браните работи кои не се бранат, затоа што не е еднаш кажано, затоа што оваа работа тече во континуитет и не е добро за Република Македонија. Благодарам.

Може и писмено да ми одговорите ако сакате.

**Љупчо Јордановски:** Дополнително прашање не открив во вашето зборување, освен ако сака премиерот да даде коментар.

Повелете господине претседателе.

**Владо Бучковски:** Почитуван господине Флоровски, може да не се согласуваме затоа што вие дадовте свои коментари околу заедничкото живеење. Можеби јас сум преголем оптимист според вас, но јас сметам дека сум реалист, можеме заеднички да живееме. Заради тоа што имавме доблест пред се пратениците во тогашниот Парламент и покрај тоа што беше поинаков распоредот во Парламентот, многумина кои потоа се срамеа од Рамковниот договор, всушност беа мнозинството без кое не можевме да ги донесеме клучните закони кои значеа имплементација на Рамковниот договор. А тој Рамковен договор, мора да признаеме, и неговата имплементација ни го донесе статусот на земја кандидат за членство во Европската Унија. Иако знаеме дека Европската Унија почива на различностите, нам треба да ни биде дополнителен предизвик овие разлики кои ги имаме сега да ги помируваме.

(дофрлање на пратеникот Флоровски:"Јас само прашав дали може").

Јас немам намера за јавно дадениот збор на било кој пратеник овде од парламентарната говорница да судам, како што не му судев претходно и на господинот Велиу, така и на вас не ви судам, иако може и вие да имате во овој момент доволно револт да говорите кога правите компарација на едни или други. Во секој случај, мојата позиција не дозволува нешто друго да изјавам од ова. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине претседател на Владата.

Господине Илиевски, вие сте на ред и повелете да поставите три прашања за време од 10 минути.

**Владо Илиевски:** Благодарам.

Ќе поставам едно прашање до министерот за образование и наука а прашањето се состои во следното. Основното училиште "Кузман Јосифовски-Питу" е почнато уште 2001 година, а сега и покрај ветувањата не е завршена изградбата на истото. Учениците кои сега учат, учат во услови кои ни најмалку не ги задоволуваат стандардите, така што ни во овој период од 3 години не се добивани средства за реконструкција или за тековно одржување на старото училиште. Во овој момент навистина се многу тешки условите, па моето прашање се состои во тоа дали во оваа година се планираат средства за да се доврши изградбата на ова училиште. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Положани, повелете.

**Азис Положани:** Имајќи ги предвид фактите кои и вие ги спомнавте, оваа година во Програмата за градење на новите училишта еден од приоритетите е ова училиште и е во тек постапката за започнување на доизградбата и завршување на истото, со што се надевам дека ќе се заврши овој долг пат на ова училиште.

**Љупчо Јордановски:** Господине Илиевски, дали сте задоволен од одговорот?

**Владо Илиевски:** Останува заеднички да се надеваме дека ќе се заврши училиштето.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Следниот пратеник по листата е господинот Џезаир Шакири.

Повелете за 10 минути да поставите 3 прашања.

**Џезаир Шакири:** Благодарам господине претседателе.

Имам само едно прашање, а не како моите претходни колеги кои поставуваа повеќе прашања.

Прашањето го упатувам до Владата како ќе се помогне на еден дел од граѓаните од Македонија, или конкретно знам еден случај, да не употребам вулгарен збор или шокантен збор во однос на Владата дека овие прашања се однесуваат на неколку министерства. Имено, станува збор за двајца граѓани од село Танушевци, каде во 2000-та година од страна на АРМ им е узурпиран нивниот имот во Кодра Фура и еве 6 години имаат поднесено две барања за надоместување на нивниот имот од страна на Владата. Што е уште полошо, на овие два имота АРМ има инсталирано антени на Мобимак и Космофон. Во тоа време, непосредно со тогашниот министер за одбрана, а сега актуелен премиер господинот Владо Бучковски разговаравме два пати и ни се вети дека овие пари кои ги има земено АРМ ќе им се вратат за овие две антени, а кои се на приватен имот на двајца селани од село Танушевци. Овде ги имам и имотните листови и во текот на овие 6 години само еден одговор, господине претседателе, имаме од страна на Министерството за одбрана, а тоа е толку шокантно и игнорантно дека по 6 години, кога се врши преобразба на граничните сили кои се заменуваат со гранична полиција, а Министерството за одбрана едноставно одговара два месеци.Значи 6 години немаше време да ги изнајде овие документи и да им одговорат на овие двајца селани од Танушевци, а за 2 месеци ни одговорија и велат ние не сме компетентни за Караулата на Кодра фура, туку треба да се обратите до Министерството за одбрана.

Би сакал премиерот да ни каже, бидејќи е сведок на оваа работа и актуелниот министер за локална самоуправа Ризван Сулејмани беше заменик министер за одбрана, па го знае овој проблем. Моето прашање е едноставно: Дали има покомпетентен орган од Владата, да им одговориме на овие граѓани за нивните елементарни права, бидејќи до сега како што знаеме ништо не е инвестирано во тие села и за тие жители и да им ја земеш корката леб на две семејства, на кои им е узурпирана земјата. И,

замислете, околу Каралулата и други селани немаат можност да ја обработуваат нивната земја, бидејќи немаат право да се приближат до еден воен објект, или полициски објект. Не знам, доколку Владата не ни даде одговор, единствената можност за овие граѓани, јас како пратеник од тој дел, да се обратиме до Меѓународниот суд како што е судот во Стразбург или на некој друг суд меѓународен, за да ги заштитиме правата на овие граѓани, а кои права ги спори Владата и не ги остварува правата на овие граѓани. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Има збор заменик претседателот на Владата госпоѓица Радмила Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Бидејќи се работи за конкретни случаи со име и презиме и спорот кој очигледно е иницира од нивна страна, овде е најсоодветно писмено да одговори Владата.

**Љупчо Јордановски:** Писмен одговор Деловникот не дозволува, но господине Шакири повелете, изјаснете се во врска со ова.

**Џезаир Шакири:** Да, господине претседателе, поминале 6 години и немале време да ни одговарат за овој случај. Во последно време Министерството за одбрана одговара дека не е во надлежност на Министерството за одбрана и сега треба да се обратиме до Министерството за внатрешни работи, да чекаме уште 6 години. Навистина, не е искрено и од премиерот и од министрите да ги оставиме на крстопат овие граѓани со еден писмен одговор кој може ќе го примиме по две три години.

Ве молам, дали имате можност, за да не дојде време кога селаните ќе се приближат до Караулата да им се каже извенете господа полицајци, ова е наше земјиште, оддалечете се од ова земјиште. Сватете го сериозно ова и да не чекате некој некогаш да се закани и тие работи да ги земете предвид. Пред два месеци Министерството за одбрана преку медиумите рече дека има приватен имот, им го додели на Македонската православна црква како подарок , а додека на жителите албанци кои се граѓани на оваа држава да им одговориме писмено по неколку години. Тоа е малку ингорантно и навредувачко. Имајте ги предвид овие работи кои се доста големи и од големо значење. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Шакири Џезаир, кога ќе се каже на седница дека ќе добиете писмен одговор, според Деловникот мора во рок од 20 дена да се добие тој одговор, иако ние ќе инсистираме да го добиеме писмено тој одговор во рок од 20 дена. Така е според Деловникот.

Повелете госпоѓо Поповска, имате 10 минути да поставите три прашања.

**Лилјана Поповска:** Најавена сум уште од сабајле. . .

**Љупчо Јорданoвски:** Овде има листа, секој ја знае листата и доаѓа на време или не доаѓа воопшто. Повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници,

Сакам да поставам прашања, а првото прашање би го поставила општо до Владата, бидејќи не знам кој друг може да ми одговори.

Се работи за случаите на уривање објекти во Гостивар. Имам поплаки од граѓани на Гостивар од различна етничка припадност кои се пожалија дека им биле урнати објекти, а од друга страна за нив Врховниот суд се произнел дека е тоа бесправно. Значи државата ќе треба да плаќа надомест за штетата, меѓутоа, наспроти сето тоа тие се жалат на актуелниот градоначалник Невзат Бејта, нашиот поранешен колега, кој што најавува дека од 1 март ќе урива уште 200 објекти по иста основа.

Граѓаните ме замолија да го поставам ова прашање, со кое право градоначалникот се повикува на Владата и дека има поддршка од Владата за тоа што го прави, кога граѓаните наведуваат дека во најголем број сслучаи тој нема основа за вакво уривање. Би молела за објаснување од Владата дали ги имаат информациите за случаите и каков е нивниот став и што ќе превземат во поглед на овие случаи за кои Врховниот суд одлучил дека се бесправно разурнати, што ќе се прави сега, ќе се надоместат ли граѓаните, ќе му се укаже ли на градоначалникот Бејта да постапува поинаку, да ги чита подобро законите, или ќе преземат нешто трето или ќе продолжат да го поддржуваат во тоа што го прави на начин како што го прави. Јас се разбира сум поборник на тоа да се среди состојбата во урбанизмот, меѓутоа, при тоа треба да се почитуваат законите, законите треба да важат подеднакво за сите, тоа е темелот на една држава и при тоа треба да се води сметка кога се урива некој објект што со луѓето, што со граѓаните кои што остануваат на улица, дури независно дали има основа или нема основа. Колку да потсетам само, на улица "Дижонска" во Скопје на пример, а и во многу други населби во Скопје, Ќерамидница и други има очигледно цели населби од дивоградби, меѓутоа тие не се уриваат туку се бара начин за вклучување во урбанистичкиот план, затоа што се знае дека државата не може да ги згрижи сите тие луѓе кои што ќе останат бездомници. Значи, едно многу конкретно прашање до Владата, колку е информирана за овој случај, што превзема и што ќе превземе граѓаните сакаат да знаат.

Второто прашање го поставувам до Министерството за правда. Се работи за Законот за прогонуваните и осудуватените за македонската државност. Ако се сеќавате, тоа беше Закон кој што беше донесен уште во минатиот состав на Парламентот , на крајот на

минатиот состав на Парламентот, меѓутоа, на Уставен суд паднаа неколку члена и поради тоа тој закон беше нефункционален и со години не функционираше. Подоцна, на предлог на една политичка партија на ВМРО-ДПМНЕ, тој закон беше предложен во Парламентот со преформулирање на некои членови.Настапи еден период на повеќемесечно усогласување на ставовите и со другите политички партии во Парламентот и на крајот со консензус од најголем дел од политичките партии од позиција и од опозиција тој закон  за прогонувани и осудувани за македонската државност беше донесен и усвоен. Меѓутоа, што се случува? Тој закон сеуште и по повеќе од половина година од донесувањето не функциионира, затоа што не е формирана комисијата за која што постоеше услов дека за два месеца треба да се формира меѓуресорска комисија од три министерства. Едното беше Министерството за правда, другото беше од Министерството за труд и социјална политика и третото беше од Министерството за финансии. Врз база на работата на тоа оперативно тело требаше да се утврди кои се луѓето кои што биле жртви на поранешниот систем и биле бесправно гонети за идеите на македонска државност и како и на кој начин треба да се обесштетат тие и нивните семејства.

Значи, прашањето го поставувам на иницијатива на Здружението за прогонувани и осудувани за македонската државност, кое што ми се обрати како на пратеник, бидејки јас посредував во преговорите околу усогласувањето на текстот на конечната верзија и затоа прашањето јас го поставувам до Министерството за правда, меѓутоа и до било кое од овие минситерства што ги спомнав, што може да одговори зошто таа меѓуресорска група сеуште не е формирана и зошто законот не е влезен веќе во нормална процедура, во функција, во имплементација.

Третото прашање би го поставила до министерот за финансии. Се работи за нашиот Буџет. Јас во повеќе наврати прашувам каде се трошат нашите пари, парите кои се собираат во Буџетот, знаеме дека Буџетот за овие 7,5 години е дуплиран и повеќе од тоа, меѓутоа истовремено кога имаме повеќе пари во Буџетот ние имаме и се повеќе рестрикции во јавната сфера, во јавната потрошувачка, па имаме штедење во Секторот на социјалната заштита, здравствена заштита, образование и наука, култура и многу други јавни сектори со образложение дека нема доволно пари и дека мора да се штеди. Значи, мене навистина не ми е јасно ако Буџетот се зголемува, а се штедеи на толку важни функции кои што треба да се покриваат од Буџетот каде тогаш се трошат тие наши буџетски пари, кои се тие нови потреби кои во меѓувреме произлегоа, а кои што не се видливо потцртани во буџетите кои што ние како пратеници ги добиваме на усвојување секоја година. Јас ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Првото прашање е упатено до Владата на Република Македонија.

Има збор министерот Владо Поповски. Има мандат од премиерот, повелете за уривање на објектите во Гостивар.

**Владо Поповски:** Благодарам.

Во однос на првото псотавено прашање на пратеничката Поповска можам да кажам дека Владата на Рм за цело време е во контакт со луѓето за кои зборуваше во Гостивар, ги презеде сите неопходни мерки и во овој момент тие се сместени во приватен смештај за кој Владата на Република Македонија ги сноси трошоците за нивното сместување.

Во првите моменти, до колку се сеќавате имавме неколку средби со нив и јасно објавивме дека Владата на Република Македонија ќе ги почитува судските одлуки како и да се. Во овој случај ја имаме таа одлука за која вие зборувавте и Владата на Република Македонија ќе ја испочитува таа одлука и ќе најде начин да го разреши овој проблем.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете три минути за да се изјасните госпоѓо Поповска дали сте задоволни или не.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе.

Делумно сум задоволна од одговорот на минситерот Владо Поповски, затоа што добро е што се сместени граѓаните, меѓутоа не е добро што се дозволи државата сепак да биде оштетена затоа што ќе треба да плаќа оштета за нанесената штета во сите оние случаи каде што Врховниот суд ќе пресуди дека е бесправно рушењето.

Меѓутоа, не ми е одговорено на прашањето дали Владата го пдоржува навистина градоначалникот Бејта и понатаму да продолжи со ваквиот начин со непрецизно уривање на објекти без претходно да има проценка на штетата која што од тоа ќе произлезе. Значи, ме интересира, како дополнително прашање, дали Владата го подржува градоначалникот во тоа, бидејки тој изјавува дека сето тоа го прави со подршка на Владата.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Дополнителното прашање го слушнавте.

Повелете господине Поповски.

**Владо Поповски:** Се разбира Владата на Република Македонија согласно процесот на децентрализација ќе ги почитува сите успешни градоначалници, но сите градоначалници што ќе работат согласно законските прописи. Се што е надвор од законските прописи и за Владата на Република Македонија и за градоначалникот Бејта и за сите други градоначалници во Република Македонија важат тие прописи и отаму Владата нема да пдоржува такви процеси и ќе ги почитува судските одлуки какви и да се. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Второто прашање е упатено до Министерството за правда.

Има збор замeникот на министерот за правда.

**Субхи Јакупи:** Бидејки се работи за три минситерства,како што спомна пратеничката истата ќе добие писмен одговор.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Значи на второто прашање ќе добиете писмен одговор.

Третото прашање е упатено до Министерството за финансии.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам

Господине претседателе и почитувна пратеничке Поповска и јас сум исправен пред одредена Хамлетовска дилема како да одговорам на прашање кое гласи :не ми е јасно каде одат парите од Буџетот кој во последните 7 години се зголемил за дупло, а нема пари за ништо во Буџетот".

Ќе се обидам да го сегрерирам прашањето на три дела и да го одговорам.

Прво, прашањето за зголемен Буџет дупло во последните 7 години е неточно затоа што Буџетот не е зголмен дупло во последниве 7 години и Буџетот барем во последните години како оваа коалиција е на власт се одржува на ниво на 21% од бруто домашниот производ. Значи толку зафаќам еод централниот буџет секоја година и со се сите социјални фондови на Република Македонија се зафаќаат вкупно 33 до 34% од бруто домашнио тпроизвод. Значи, тој воопшто не е зголемен. Значи не можам да одговорам на прашање зошто е зголемен, затоа што тој не е зголемен.

Второто прашање кое може да произлезе од оваа констатација е дека за ништо не стигнуваат пари тука јас можам да кажам дека за сите намени кои што со Буџетот се утврдени во изминативе години од Собраниеот и објавени во "Службен весник" се исплатени целосно. Апсолутно тврдам дека нема обврска која со закон сме ја превземале или со Буџет сме ја утврдиле, а не сме ја исплатиле.

Тоа дека има многу желби во државата мене ми е јасно, но како и во Америка, ако сте забележале во последниве неколку недели претседателот на САД кој е претседател на најмоќната држава во светот бара стотици милијарди дополнителни пари за нивниот Буџет. Значи и таму има недостаток.

Третото прашање кое произлегува од првите две е "не ми е јасно каде одат парите од зголемениот Буџет", кој не е зголемен и за намени кои за ништо не стигаат, за кои тврдам дека не е вистина.

Госпоѓо Поповска јас љубезно би ве замолил да го прочитате Буџетот кој е објавен во "Службен весник", да го прочитате моето воведно излагање и наместо да се информирате од трибини на некои новоформирани партии кои ја пласираат оваа теза, на која вие сте подлегнале очигледно, да го прочитате моето експозе кое е објавено на ВЕП-сајтот на Министерството за финансии. Експозето овде е изнесено усмено и ги објаснува прашањата, а тоа е она што претходно гокажав. Апсолутно нема потреба со фактите да извлекуваме политички содржиникакви што се изнесени-зголемен Буџет а нема пари за ништо. Буџетот ниту е зголемен, а пари има за се што е одредено. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Поповска три минути за ваш коментар, дали сте задоволни или не сте задоволни.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине претседателе, благодарам господине министер Поповски.

Морам да кажам дека не сум задоволна од одговорот. Испаѓа дека оваа бројка не е бројка. Ако во 1998 година Буџетот беше некаде околу 778 милиони евра, а сега е повеќе од 1,5 милиони евра, тогаш тој е дуплиран практично. Јас не знам во што е мојот проблем. Јас мислам дека во бројки прилично добро се разбирам, имам консултирано и економисти за оваа пробелматика и воопшто не се поведувам од трибини, ниту ги омаловажувам трибините каде што учествуваат стручни лица. Напротив мислам дека треба внимателно да се сослушаат токму тие стручни лица што имаат да кажат и она што го кажуваат, бројките и она што мени ми падна во очи јас само го најдов како потврда во изјавите на стручните лица.

Исто така не се согласувам дека за сите намени стигнуваат пари. Зошто тогаш е намален Буџетот за 30% за здравствените услуги и ќе се кратат и тие и листите на позитивни лекови. Зошто тогаш се штеди на огревот во основните училишта, па часовите им се скратуваат на децата за да стаса тој огрев што е предвиден. Зошто тогаш им се кратат по сите можни основи разни помошти на разни социјални категории граѓани и се оди сеуште со онаа смешна ниска сума од 1700 денари по човек приход како најниско примање кое што е дозволиво за егзистенција или се смета дека е доволно за егзистенција и е основица за пресметување на социјалната помош. Тоа значи дека со 56 денари на ден треба некој да преживее. Тоа очигледно е така за да не им се даде на иљадници други луѓе кои што имаат 1800 или 1900 денари примања. Значи, очигледно не стасува доволно овој Буџет односно не се употребува таму каде што има потреба и мислам дека има потреба за многу, многу други работи. Така што се на се јас не добив одговор на моето прашање, но можеби во некоја друга прилика, на некоја трибина каде што ќе дојдат и претставници на Владата и експерти заедно соочени па ќе може да се дојде до одговор. Мислам дека претставниците на Владата не треба да избегнуваат учество на трибини, затоа што тоа е

најдобар начин за демократска размена н амислења. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете за коментар господине минситре.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Претпоставувам дека нема да има ограничувања.

**Љупчо Јордановски:** Имате три минути, затоа што немате дополнително прашање за да можете да зборувате.

**Никола Поповски:** На поставено прашање јас одговарам и немам ограничување. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Немавте дополнително прашање и можам да не ви дадам збор. Госпоѓата Лилјана Поповска немаше дополнително прашање, но повелете за коментар.

**Никола Поповски:** Да, имам коментар за тоа што беше на моја адреса кажано.

Госпоѓо Поповска ние со експертите се разбираме одлично и ние немаме никаков проблем, меѓутоа проблем е дека не се разбираме со квази експертите.

Инаку со експертите во Република Македонија се разбираме одлично и тоа што јас го зборувам тие одлично ме разбираат. Тие што не го разбираат или не сакаат да го разберат се или квази експерти, или експерти кои не сакаат да го слушнат и да го видат тоа што очигледно е за сите.

Јас не можам да одам зад вашите аргументи кои не се аргументи што овде ги изнесувате набрзина, како што сакавте и се обидовте сега тоа да го направите, меѓутоа еве еден апсурд само од тоа што го изрековте. "Зошто се намалени 30% здравствените услуги во Република Македонија оваа година". Ајде да поразговараме малку.

Буџетот на Фондот за здравство е околу 16 милијарди денари. Ако се намалени здравствените услуги за 30% тоа ќе значи дека Буџетот ќе го намалиме за 5,4 милијарди и тој ќе биде 10,6 милијарди, а со оглед дека Буџетот и минатата година и оваа година е околу 16 милијарди очигледно е дека не дошло до никакво намалување. Меѓутоа, можно е секој да излезе и да каже на Буцетот минатата година 16 милијарди и оваа година повторно 16 милијарди 30% ги намаливме услугите и здравствениот Буџет повторно е намален. 30% се 5,5 милијарди денари и тоа не е намален. Тој Буџет е изгласан во ова Собрание и видете во Службен весник. Сега како да продолжиме да разговараме на таква основа. На крајот на краиштата ние овде сме во ситуација на пратеник и член на Владата, минситер и така разговараме. Нема потреба да го изместуваме разговорот, одете на трибини, објаснете на експерти. Јас имам потреба да одам на тие трибини да објаснувам. Тука сум на пратенички прашања за да одговорам на пратенички прашања на пратеник и затоа вака одговарам, со бројки на Буџет и фондовски буџет кои што ги носиме во ова Собрание. Не треба никој да се покрива со експертите.

Ако продолжам понатаму од ова што го соопштивте вие, бројка по бројка да анализираме за прилично паушални, па дури би рекол, да не употребам тежок збор, не знам со каква намера искажани зборови 30% дека се намалува во здравствените услуги. Таков разговор госпоѓо Поповска е невозможен. Токму тоа се обидов и во првото рпашање да ви одговорам дека со таквите тези, со дисквалификации однапред на фактите во ова Собрание ние практично сме во штопа и во пратенички прашања кои не предизвикуваат расправа, туку предизвикуваат политичка дисквалификација помеѓу луѓето.

Уште едно. Буџетот оваа година е околу 1 милијарда евра или 60-тина милијарди денари. Тој во споредба со минатата година е повисок за милијарда и нешто денари.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Поминаа три минути, не можеме сега да се објаснуваме што е политика за Буџет, како и Буџет. Пратенички прашања се да се постават пратенички прашања, вие во одредено време да одговорите, а бидејќи ова е изборна година може се и сешто да се чуе.

Значи, завршено е со госпоѓа Поповска, одиме...

**Никола Поповски:** Можете ли да ми соопштите вие господине претседателе по кој член од Деловникот ми го одземате зборот.

**Љупчо Јордановски:** Кога ќе бидете пратеник ќе ви објаснат.

**Никола Поповски:** Вие го повредувате Деловникот на овој начин.

Господине Насуфи повелете десет минути за три прашања.

Ова се пратенички прашања, не се прашања по кои се води расправа.

**Џевдет Насуфи:** Благодарам господине претседателе,

Бидејки тука е присутен минситерот за образование токму кон него ќе го псотавам прашањето. Ова е веќе повторено прашање.

Во почетокот на мандатот со понпензос го псотавија и камен-темелникот во селото Горна Долишта, меѓутоа за жал тоа беШе без техничка документација и без дозвола за градење и истата работа ја направивте и со училиштето во Калишта каде што се искрадени неколку столбови и ништо пвоеќе, а сега веќе и тие се рушат полека. Истата ситуација е и со училиштето Љубовјани, со средното училиште Нико Нестор. Воглавном сите се речиси без градежна дозвола. Треба во оваа прилика да се даде одговор дали е вистина или не, дали има техничка документација за овие училишта и кога ќе се изградат. Ова важи и за училиштето Зефљуш Марку за кое средствата биле одамна обезбедени.

Второто прашање е во однос на Министерството за внатрешни работи.

На 11 февруари 2001 година на сред Гостивар во менувачницата "Лири-Дона-Компани" е убиен сопственикот на менувачницата господинот Низафер Таири. Иако поминаа повеќе од 4 години семејството, блиските, роднините, пријателите и до ден денес се прашуваат и прашуваат до каде е изградбата во однос на овој настан, затоа што се случи во времето кога фрекфенцијата на граѓаните била голема и сигурно треба Министерството да има соодветен одговор.

Третото прашање е упатено воглавном до Владата, меѓутоа повеѓе до заменикот на премиерот господинот Муса Џафери и граѓаните на Струга во име на, бидејќи оваа Влада уште на почетокот прогласи војна со непотизмот, граѓаните на Струга евидентирале висок степен на непотизам поради низа податоци, што е поврзано со името на господинот министер за образование и би сакал да се верификуваат овие податоци.

Затоа прашањето го поставувам до Владата, посебно до заменик претседателот на Владата, Муса Џафери, од причини што лично сите овие лица јас не ги познавам, меѓутоа тие се вработени во текот на овој мандат и имаат роднински врски со господинот министер за образование. Се спомнуваат лицата Недим Положани, Халим Положани, братичедите Назмир Положани, Зикри Положани, Неби Арифи, Могни Арифи, Назмир Арифи, сите се братучеди, потоа Илка Алифиса, Миртеза Положани, Неад Куртиши, Елиса Рахмети, Махир Нухил, Могни Положани, исто така браќа, Али Тела, Синдиса Положани, Британ Речи, Менсур Речи, Ранстер Речи и многу други што лично сметаме не треба да ги спомнувам.

За да се тргне овој сомнеж би било добро Владата во писмена форма, бидејќи не мислам дека е во состојба сега тука и премиерот и било кој, прашањето е така адресирано да се вклучи малку и господинот Муса Џафери кој никогаш не ни пружа чест со доаѓање во Парламентот и да одговори што прават неговите министри и т.н. На овој начин ќе дадеме одговор за да се ослободи од оваа хипотека и господинот министер, меѓутоа доколку е тоа вистина треба да има и соодветни реперкусии.

Благодарам господине претседателе.

**Љупчо Јордановски:**Првото прашање е упатено до Министерството за образование, недоградени училишта.

**Азис Положани:** Бидејќи беше спомнато и второто прашање, или третото, во однос на поврзаноста со мене, јас сум подготвен и за тоа да одговорам затоа што нема ништо необјасниво во целата оваа состојба, иако јас ја сфаќам потребата на господинот пратеник Насуфи, во овој момент да наметне таква логика која е во функција на ова време. Сигурно дека сум спремен да одговорам и писмено и сега за сите прашања за кои тој цени дека се вредни тука да се спомнуваат.

Во однос на првото прашање ќе одговорам дека училиштата кои се започнати таму, комплетирани се со техничката документација, значи има техничка документација и сигурно, како што е тоа ред во сите општини, бараме од општините да се ослободат од соодветните давачки, евентуално, за да помогнат во изградбата и на овие училишта кои се во регионот на Струга. А во склоп со приоритетите што ги има Владата и Министерството за образование за спомнатите училишта оваа година се обезбедени средства за да се завршат, а таква беше и динамиката што ја имаше на почетокот, поради можностите што ги има Буџетот, а од друга страна поради големите потреби кои беа и се во континуитет за подобрување на основите на овие, неслучајно останати и од претходни влади, училишта и амбиенти за воспитно образовниот процес. Истото тоа е и за гимназијата "Зеф Љуш Марку". Средствата што беа обезбедени од Телеком , оваа Влада ги зачува, ги префрлаше од една година во друга за да не се изгуби оваа идеја и овој проект на кој добрата страна му беше само единствено тоа што беа одредени тие средства од Телеком, а ние ги зачувавме и сега е во постапка за реализација. А зошто тоа доцни, не еднаш, туку многу пати тука сум го истакнал дека не по грешка на оваа Влада и на Министерството за образование, туку, не би сакал да се повторам, поради фактот што тука беше започнато таа зграда да се направи на едно делче од државна сопственост и ништо друго, а кое беше 1/20 од просторот каде требаше да се гради училиштето и не беше лесно да се надминат сите судски и имотни правни и други проблеми во однос и на претходниот изведувач на работите што беа и за ова училиште и за тоа во Тетово и за тоа во Кичево, што сите беа заостанати, имаше добиено околу 1,5 милиони евра аванс. Мислам дека ги надминавме сите овие проблеми и се надевам дека и гимназијата "Зеф Љуш Марку" каде овие денови веќе се реализира третата плоча, ќе биде реализирана во текот на оваа година, за што, како што реков се обезбедени и средствата, а и динамиката, се надевам, нема да биде спречена од структури кои се заинтересирани ова училиште да не се гради, било тука од локалното место, било од други истанци кои несериозно ја сфаќаат итната потреба за надминување на овој проблем.

Во врска со третото прашање, јас сум спремен и за тоа да одговорам.

**Љупчо Јордановски:** Да одиме прашање по прашање, бидејќи според Деловникот треба да го прашам пратеникот дали е задоволен од одговорот и дали има додатно прашање.

Господине Насуфи дали сте задоволни од одговорот на првото прашање, ако не додатно прашање.

**Џевдет Насуфи:** Не господине претседателе, јас не сум задоволен од едноставна причина што,

доколку министерот и лично признава дека заради неплаќањето на придонесите или на давачките и другите даноци од локалната самоуправа или кон другите институции, тогаш Владата го прекршува законот.

Доколку Владата има донесено одлука за ослободување, тогаш ќе ве молам, документирано, на писмено да ни се донесе и да се верификува, дали постои техничка документација, дали има градежна дозвола.

Второ, ќе ве молам да се опише фазата во која се наоѓаат овие училишта. Овие училишта немаат градежна перспектива уште за неколку години, според сите изгледи. Оваа Влада нема таква можност, нема можност тоа да го заврши во текот на оваа година. Може ние свесно да се мамиме меѓусебе, меѓутоа нема можност. Затоа треба да бидеме искрени, транспарентни. Ова прашање веќе два-три пати го повторувам.

Јас денес не случајно, бидејќи беше присутен министерот, затоа и го поставив тоа прашање, бидејќи писмен одговор на тоа прашање немам добиено.

Што се однесува до третото прашање, јас мислам дека треба да се тргне хипотеката кој а е на товар на министерот. Затоа одговорот го барам од Владата, конкретно од заменикот претседател на Владата, господинот Муса Џафери, затоа што ова е малку и во однос на партијата на господинот заменик претседател на Влада, кој е на власт и сигурно тие се заинтересирани треба да им биде јасно, за да го ослободат или не, од оваа хипотека господинот министер. За тоа нема потреба министерот да го даде одговорот. Тоа треба да ми го даде Владата на писмено, дали има или нема непотизам.

**Љупчо Јордановски:** Кажете дополнително прашање, ако имате. (Нема)

Бидејќи немате дополнително прашање, одиме на одговор на второто прашање, до Министерството за внатрешни работи.

На второто прашање ќе добиете писмен одговор.

И на третото прашање писмен одговор.

**Радмила Шекеринска:** На третото прашање ќе одговориме усмено.

**Љупчо Јордановски:** Добро, имате право да одговорите.

Повелете.

**Владо Бучковски:** Најкомпетентен за одговор на прашањето е прозваниот министер. Министерот за образование ќе одговори на третото прашање.

**Љупчо Јордановски:** По Деловникот може и усмено да се одговори, иако пратеникот бара писмено да се одговори.

Повелете господине Положани.

**Азиз Положани:** Јас реков дека ја сфаќам причината и потребата на господинот пратеник да го покрене ова прашање и не за прв пат. Јас сигурно сум подготвен да дадам одговор и писмено на сите овие работи, а на господинот пратеник сигурно дека му е јасно, во Струга има, да не кажам пола Струга, туку голем дел од Струга има луѓе кои се Положани, но не го носат тоа презиме и нема јас намера за сите тие кои го носат презимето Положани, да се наметне тука тоа како филозофија дека тоа е некој непотизам, или да ме натера мене да се откажам од тоа презиме, па господинот Насуфи да спие мирно поради тоа.

Мислам дека половина од имињата што ги спомна господинот Насуфи, да тоа се луѓе кои дел од нив ги знам, но што ако ги знам и што ако ги спомна господинот Насуфи, кога половина од нив не се во ниедна функција и во ниедна позиција која би можела да произлезе од позиција на непотизам. Ако човек работи, или ако е мој близок кој работел или работи, дали тоа би значело дека е непотизам. Господине Насуфи јас сум од Струга и имам голема фамилија и јас пак ќе се вратам таму, кога ќе заминам од овој Парламент и Влада. Мислам дека и вие тоа го знаете. Јас не сум од некое друго место, јас сум од тоа место и не се срамам тоа што го носам името Положани и што таму има многу луѓе со презиме Положани. Но, мислам дека и вие знаете дека тоа нема никаква врска со вашата теза што сакате да го потврдите тоа, а тоа не ви поминува ни во Струга, затоа што тие знаат кој сум јас, со кого сум и како сум, а не е коректно да спомнувате имиња кои ниту се вработени, ниту се во позиција, ниту ништо не значат во контекст на непотистичкиот контекст што вие сакате сега да го поставите. Нека граѓаните на Струга се одлучат дали вие или јас сум во право, веројатно на следните избори, па до тогаш нека размислат.

**Љупчо Јордановски:** Господине Насуфи го имате одговорот.

Дали сте задоволни?

**Џевдет Насуфи:** Не.

Господине претседателе, во прв ред тоа е неверификувана теза. Јас не дадов верификувана теза за тоа и барав Владата да го верификува ова. Коректно е и од ваша страна да ја обврзете Владата, овде во овој случај, затоа што непотизмот. Доколу се говори за непотизам на конкретно лице, тогаш не може да се очекува одговор од конкретното лице за тој да прифати , на пример такво нешто.

Второ, прв пат јас го спомнувам тоа. Јас не ги познавам тие луѓе, мнозинството од нив, иако сум од Струга. Затоа во интерес и на министерот е тоа да се верификува, меѓутоа не со зборови. Јас познавам некои лица од овие што ги спомнав, можам да ви кажам, значи двајцата негови браќа. И Џевдет Насуфи, на крајот на краиштата бил и во Владата, бил и тука, меѓутоа овде не сте имале друг Насуфи, да речеме, иако може и да има. Јас не сум против тоа некој да се вработи. Меѓутоа, доколку оваа листа што јас сум ја добил од граѓаните се верификува, значи дека имаат

роднински врски со министерот, тогаш непотизмот е неспореден и Владата треба да го верификува, не министерот. Јас тоа не го барав од министерот.

**Љупчо Јордановски:** Ќе имате коментар. Меѓутоа јас сакам да кажам за една работа, сосема деловнички, господине Насуфи, ова што се случи, бидејќи вие побаравте писмен одговор од Владата, но Владата е подготвена усмено да ви одговори, а кого Владата го делегирала, тоа е прашање на премиерот и според тоа тука воопшто немате право деловнички.

Повелете господине Положани, бидејќи немаше дополнително прашање, имате право само три минути.

**Азиз Положани:** Очигледно дека господинот Насуфи има намера која е за него и за јавноста позната, но уште поочигледно е дека тој нема никаков аргумент.

Јас немам намера да се откажам од луѓето што ги познавам, па макар тоа биле и со презиме Положани. Тоа тој добро да го знае.

Второ, јас ќе кажам една работа. Овде има орган кој е надлежен за конфликт на интереси и да ги разгледа можностите од таква работа. Од Владата може да добие одговор кога сака, но постои Антикорупциска комисија, што ако има основа за тоа, јас ја повикувам нека покрене постапка и да ја расчисти оваа работа, бидејќи и јас сакам оваа работа да биде чиста.

Трето, само еден случај. Тој има имиња, или сака да аргументира теза дека некој човек е тој што тој го наведува. Еве рековте Зикри Положани. Да тој се вика Зикри и се вика Положани. Што? Што е Зикри Положани? Што има врска и тоа со непотизам? Тој е жител на Струга, има свој приватен бизнис, вие имате смелост тука со име да ми се обраќате, тој не е јавна личност и што? Тој е Зикри Положани, што сакате со тоа да докажете, каде тој работи, каде е наместен и т.н. И уште други имиња. Но што? Кажете што Зикри Положани. Очигледно дека сами се поставувате пред една дилема со што очигледно сакате да докажете нешто, но ниту имате аргументи ниту имате морално кредо тоа да го покренете. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Рамадани имате 10 минути и 3 прашања.

**Исмет Рамадани:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван премиер, почитувани министри.

Нашите јавувања се проблематични во оваа изборна година. Некој ќе го сфати тоа како маркетинг, но ние сме пратеници и се среќаваме со граѓаните па сме принудени да поставуваме прашања.

Првото прашање е до премиерот.

Во 2003 година општините Арачиново и Липково добија дописи од Амбасадата на САД , ОБСЕ и Европската унија дека се општини кои припаѓаат на еден кризен регион. Се разбира, броејќи ги сите моменти на дестабилизација и т.н., таму покрај другото е кажано дека ќе се доделат инвестиции, ќе се прекинат и проектите. Според тоа што се гледа на терен, врз основа на разговорите со граѓаните, изгледа на еден начин тоа и се случува. Но, честопати во нашите јавувања и од страна на Владата и ние како пратеници, мислејќи , доколу го карактеризираме и квалификуваме тој регион како кризен регион, речиси подобро ќе се помогне или повеќе ќе се инвестира и т.н. а се случи спротивното. Затоа, од разговорите со граѓани овие денови имаше една идеја на еден граѓанин која ми се допадна и идеја која сакам да ја поставам како прашање до Владата.

Дали може Владата да излезе службено со кфалификација, овој регион да не се именува кризен регион. Значи да нема квалификација како кризен регион, бидејќи доколку и понатаму остане оваа квалификација, тогаш од ова ќе произлезе дека не можат да продолжат инвестициите односно не може да се помогне на тоа население.

Второто прашање е наменето до Министерството или до министерот за транспорт и врски.

Едно подолго време почнаа неколку проекти од инфраструктурата во неколку населби, општини и т.н., во однос на канализација и водовод. На пример Сингелиќ со канализацијата која поради промената на локалната власт и поради раководството на градот и децентрализацијата или разните надлежности, не проодлжи работата во однос на канализацијата и водоводот. Тоа исто важи и за водоводот и канализацијата во Арачиново каде исто така се прекинати работите поради финансиски средства. А што е карактеристично за Арачиново мноштвото финансии се доделени на пример од МЦМС, од КАРДС програмите и од продажбата на Телеком, додека Владата или надлежните министерства многу малку реагираше овие работи да се завршат. Истото се случи и со канализацијата во село Опае, општина Липково.

Прашањето е дали ќе се продолжи со работите да се завршат во овој дел на инфраструктурата.

Следното мое прашање е до Министерството за внатрешни работи.

Јас како пратеник треба да го поставам тоа прашање. Имено, на 2.8.1932 година е роден еден граѓанин, Ракип Теќа, изгубен на 2.3.2005 година. Значи веќе една година е изгубен. Сите заложби кои се направени за овој државјанин на Макеоднија, од неговиот син Ќемал Теќа, од разни полициски станици и други државни институции не е добиен никогаш точен одговор каде се наоѓа ова лице. Значи, лицето е изгубено, исчезнато не во времето на конфликтот туку во 2005 година. Еве сега сме 2006 година.

Затоа, поставувам прашање до Министерството за внатрешни работи, нека биде и писмен одговорот, ако не може усмено да ми се одговори.

Дали има можности и податоци за овој граѓанин кога е изгубен, каде се наоѓа и дали е жив. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Првото прашање е до претседателот на Владата.

Повелете господине Бучковски.

**Владо Бучковски:** Ја респектирам сугестијата на пратеникот Исмет Рамадани во официјалната комуникација на Владата, единствено што се користи при добивањето на дел од странската помош, која е наменета за поранешните кризни региони, е тој термин. Во ниту една друга комуникација официјална, ние не го користиме овој термин и препорачува ако ова е усогласено и со градоначалниците на Арачиново и на Општината Липково, никој да не го користи во Парламентот, имајќи предвид дека и едната и другата општина во потрага по потенцијални инвеститори за локален и регионален развој, претендираат кризата од 2001 година да не им биде пречка во нивните намери. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:**Господине Рамадани, дали сте задоволни и дали имате дополнително прашање?

**Исмет Рамадани:** Да, господине претседателе. Доколку вака овој став или овој говор на премиерот истовремено значи дека се отстранува хипотеката на кризниот регион, тогаш мислам дека треба да се земе и овој одговор на премиерот дека дефинитивно овој регион е регион каде што треба да почнат инвестициите и треба да отпочнат градбите, да се завршат проектите и да се направи една работа која ќе докаже дека веќе не е кризен регион.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам. Нема дополнителни прашања.

Второ прашање до Министерството за транспорт и врски.

Повелете господине Мехази.

**Џемали Мехази:** Почитуван господине претседателе, почитувани пратениц,

Во однос на инвестициите односно дотациите до локалната власт во делот на изградба на Водовод и канализации во 2005 година од Буџетот дотации до локалната власт само од Министерството за транспорт и врски беа доделени 150 милиони денари, од кои исто така имаше доделено и средства за водоводот во Арачиново.

Исто така, во изградба на Водовод и канализации до локалната власт и од други институции од централната власт се префрлаат средства и тоа од Министерството за локална самоуправа и од Бирото за недоволно развиени подрачја, исто така со владините програми КАРДС и другите програми кои инвестираат во овој дел. Значи, само за Арачиново има доделено средства од страна на Министерството за транспорт и врски и од страна на Министерството за локална самоуправа тендерот е во завршна фаза за трафостаницата, така што во делот на водоснабдување на Аарачиново веќе е завршен проектот.

Во делот на инвестирање, на започнатите и во делот на канализација на "Хасан Бег" и генерално до сите општини, Владата секоја година одвојува средства, дотации со кофинасирање со локалната власт. Исто така и за 2006 година имаме одвоено 120 милиони денари дотации до локалната власт и процесот е во завршна фаза во тој дел, што значи се прибрани сите барања од локалната власт и евалуацијата на прибраните понуди и распределбата на средствата во текот на месец март со одлука на Влада треба тоа да помине.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Рамадани.

**Исмет Рамадани:** Во ред е.

**Љупчо Јордановски:** Задоволни!

Третото прашање, бидејќи конкретно име и презиме е и беше писмено побарано, ќе го добиете по писмен пат.

Следниот пратеник од 10 минути со три прашања е господинот Илија Србиновски.

**Илија Србиновски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувана Влада.

Ќе поставам три прашања, меѓутоа првото прашање нека биде до Министерството за здравство, ако може некој нека одговори, а ако не може, тогаш Министерството за здравство. Другите две прашања ќе ги доставам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Првото прашање е до Министерството за здравство. Сакам да кажам дека во Битола Клиничкиот центар, болницата е втора по големина во Република Македонија, но сакам да кажам дека болницата е во голема агонија т.е. состојбата е многу лоша, да не кажам дека нема веќе ни медицински нараквици, нема затоплување, условите се многу лоши, а пред 20-тина дена министерот за здравство Димов беше присутен во посета на болницата во Битола и кажа дека добро се работи и дека е задоволително.

Прашањето на сето тоа згора, директорот на Клиничкиот центар е во притвор. Е, сега, на сето тоа прашањето гласи, кој ја доведе оваа лоша ситуација во овој Клинички центар. Зошто е лоша состојбата, кога пред малку, пред десетина дена министерот беше таму и кажа дека состојбата е задоволителна и добра. Тоа е прашањето.

Второто прашање, кажано е на многу пати дека оваа Влада во својот буџет има доволно пари за да ги исплати земјоделските култури, па пак се поставува прашањето, што претходно многу се поставуваше, дали ќе најде, ќе смогне сили Владата на Република Македонија, дали

Министерството за финансии, да им помогне на преработувачките капацитети на мелничките капацитети да им плати некој денар и да им помогне како тие да ја исплатата пченицата, затоа што веќе не се моќни. Тие не можат да ја исплатат пченицата и би рекол дека пченицата не е исплатена во цела Република Македонија, ниту премија, ниту е исплатена пченицата. На сето тоа згора кога вели дека Владата има во Буџетот пари, дали ќе се плати навреме грозјето, дали ќе се плати тутунот, дали ќе се плати во догледно време или не, нека одговори Владата.

Трето прашање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, јас се извинувам што ќе го постовам втор пат, а тоа е поставено како прашање, не е одговорено. Имено, се работи за Земјоделскиот комбинат во ЗИК Пелагонија и прашањето гласи, колку овој Комбинат плаќа концесија на Република Македонија за тоа земјиште, колку години му е земено под концесија и колку хектари има ослободено со Законот за земјоделско земјиште, ослободено земјоделско земјиште од тие површини, согласно со класите на површините, дали е тоа прва, втора, трета класа и дали соодветно пристапило според тој закон. Благодарам,

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Првото прашање е упатено до Министерството за здравство, за Клиничкот центар во Битола.

Дали има некој да одговори.

Има збор заменик министерот за здравство, господинот Ќамил Ќамили.

Повелете господине заменик министре.

**Ќамил Ќамили:** Благодарам претседателе.

Бидејќи во Битола во Клиничкиот центар работат посебни органи во врска со директорот, не би сакал предвреме да излезам со зборови кои би можеле да придонесат за добро или за лошо за самиот директор и Клиничкиот центар. Само можам да речам дека во нашата политика, општо без разлика за кого се работи или за кој директор или за кое име или презиме, ако веќе нешто е згрешено, ќе се води постапка по законот и ќе се преземат соодветни мерки, што значи секој ќе одговара пред закон ако веќе има такви проблеми и има такви процедури и работи, за кои се разговара по медиуми или се зборува. Затоа, предвреме не сакам повеќе зборови да кажувам тука, а може и писмено да одговориме на ова прашање.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Србиновски, повелете, вашите три минути.

**Илија Србиновски:** На одговорот од ова прашање не сум задоволен, затоа што јас кажав дека Клиничкиот центар во Битола навистина не ги задоволува условите за работа. Кажав дека едни медицински нараквици нема таму. Не станува збор за човекот. Ние го сметаме за чесен човек, меѓутоа, не може тоа во еден ден ситуацијата да се сведе ваква каква што е во болницата. Ситуацијата во таа болница е ваква веќе три години. Тоа да се каже и кој е виновникот, дали тој човек е виновен, Владата или Министерството за здравство. Тоа е работата.

**Љупчо Јордановски:** Дали имате дополнително прашање или само констатирате.

**Илија Србиновски:** Не е одговорено на прашањето.

**Љупчо Јордановски:** Немате дополнително прашање.

Второто прашање е упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазџовски:** Благодарам господине претседателе.

Јас еднаш денес го објаснив, па претпоставувам дека пратеникот не бил во салата кога објаснував за поддршката за пченицата, но пак ќе го повторам одговорот.

Поради намалената пазарна цена во 2005 година на пченицата во однос на 2004 година, Владата одлучи да ја надокнади со еден денар по еден килограм предадена пченица. Тој денар во текот на 2006 година, односно оваа година ќе биде исплатено со тоа што ние сакаме средствата од вој денар по килограм пченица да ги добијат производителите на домашна адреса, односно да ги добијат дома, а не да ги даваме на Мелничко-пекарската индустрија, па тие понатаму да ги уценуваат со давање сточно брашно и тн., поради нивната неликвидност, па затоа сакаме дома да ги добијат. Поради тоа во ек сме на подготовка на списоци и адреси на оние кои што ја предале пченицата и овие денови ќе почнеме со исплаќање на тој денар, по еден денар по килограм.

Во буџетот на Министерството за семјоделство, шумарство и водостопанство нема средства за поддршка на Мелничарско-пекарската индустрија, бидејќи тие се во ресорно Министерство на економија и јас колку што знам и таму нема некои посебни средства за некаква нивна поддршка.

Што се однесува за плаќањето на пченица, апсолутно не се сложувам со тоа дека пченицата не е целосно платена. Пченицата е делумно неплатена, предадена неплатена. Најголем дел од пченицата е платена. Благодарам,

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Србиновски. Дали сте задоволни.

**Илија Србиновски:** За ова прашање јас реков, а и Владата кажуваше дека има во Буџетот пари. Претходно кажа дури и министерот за финансии дека овој Буџет има пари за се да се плати. Меѓутоа, не е точно, да не се изразам многу лошо, навистина, не е платена пченицата во Република Македонија, стои во амбарите и во мелничките претпријатија и не е платена. Илузија е ако каже

Владата дека пченицата е платена, никаде не е платена. Ако сакате ќе ви доставам пример до цела Македонија дека пченицата навистина не е платена. Дојдете во Жито Битола, ќе видите какви штрајкови, а дури доаѓа и до полиција. Значи, пченицата не е платена. А, како вие се договоривте тогаш, а се сеќавам дека се договоривте Влада-мелнички претпријатија дека ќе се помогне со тоа што ќе се плати за оваа култура.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема дополнително прашање.

Третото прашање е повторно до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ЗИК Пелагонија, концесија на колку години.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Што се однесува до ЗИК Пелагонија, таа е компанија која е приватизирана, значи не била ниту под стечај, ниту под ликвидација, туку по Законот за трансформација на претпријатијата е приватизирана. По тој Закон сите тие претпријатија кои што се приватизираа по тој Закон, по член 62 имаат право да го добијат земјиштето кое што во тој момент го имаат на располагање. Значи, ЗИК Пелагонија по тој основ користи земјиште, односно по тој основ е дадено земјиштето на користење на ЗИК Пелагонија. ПО тој Закон ЗИК Пелагонија и не само ЗИК Пелагонија, туку сите други компании кои така се приватизираа имаат право без надокнада четири години да го обработуваат земјиштето, а после четири години да плаќаат надокнада во тоа време донесена со одлука да се плаќа по 300 кгр. вредност пченица по хектар. По тој основ е задолжена и ЗИК Пелагонија да плаќа. Колку хектари, која класа, не можам сега да дадам одговор, а ако тоа го интересира пратеникот, можеме на писмено тоа да му го одговориме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Србиновски повелете.

**Илија Србиновски:** Делимично сум задоволен, последно нешто кажа дека ќе одговори писмено колку. Меѓутоа, во ЗИК Пелагонија се знае колку илјади хектари има и мора еднаш да се каже колку Комбинатот плаЌа концеси на државата, затоа што во времето ЗИК Пелагонија беа 5000 вработени, сега се 500 вработени. Каде се тие пари од таа површина? Затоа, јас прашав колку државата има корист од ова земјиште таму што се користи. Затоа што, 500 вработени, а 20 илјади хектари. Тоа беше прашањето.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Нема дополнително прашање или имате некој коментар? (Нема).

Господине Ванчо Стаменков, имате збор 10 минути за три прашања.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, почитуван премиер, министри, пратеници.

Јас имам три прашања и не се со помала важност, иако мора да имаат приоритет.

Првото прашање е до министерот за локална самоуправа, а се однесува на барање поднесено од Месна заедница Село Пашаџиково, тоа е кочанско. Барањето е поднесено пред две години до Бирото за неразвиени подрачја за електрификација на истото село. Значи, некаде од село Лешки до Пашаџиково треба да се донесе струја до тоа село.

Прашувам зошто не е одговорено сеуште по барањето, барем да им ње каже на луѓето дека нема да ги електрифицираат, а ќе ве електрифицираме во 2010 година. Не прифаќаме одговори дека тоа ќе биде во програма или ќе биде надор од програма, се работи за три километри електрични столобови што треба да се постават за електрична енергија. А, срамота е во 21 век да имаме неелкрифицирани села. Молам, да ми одговорите конкретно на прашањето, дали ќе заврши таа работа или не.

Второто прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. По обичај тука е заменикот на тоа Министерство, затоа што министерот на ова Министерство е повеќе отсутен и сега не е тука.

Ова прашање се однесува на пчеларството. Дали министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство има пресек на состојбата во пчеларството, дали има стратегија за развој на оваа гранка од земјоделството, дали има некој елаборат или некоја студија направено кои се перспективите на пчеларството во Република Македонија и дали едноставно ние во Република Македонија имаме природни ресурси да ја развиеме оваа дејност. Кои се тие перспективи кои што би и донеле на Република Македонија еден раст, зголемување на бруто домашниот производ. Дали ние имаме такви можности во областа на пчеларството. Дали вие во Министеството за земјоделство, шумарство и водостопанство сте работеле нешто на оваа тема. Ако имате нешто такво како информација, ќе ве замолам да биде доставена до нас како пратеници, за да ја видиме таа состојба. Затоа што, јас лично мислам како пратеник дека перспективите на Република Македонија во пчеларството се, може да се каже доста силни. Или, ние можеме во оваа област да направиме добар развој кој што би придонел многу фамилии за егзистенција, дали како прва дејност, дали како втора дејност, со која што ќе си го пополнат нивниот буџет. Што правиме ние односно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да им помогнеме на пчеларите во Република Македонија, како е тоа решено во другите држави во близина, не мора да одиме подалеку, да кажеме на Балканскиот полуостров.

Значи, сакам еден целосен одговор, бидејќи сметам дека министерот за земјоделство не обрнува доволно внимание на пчеларството во Република Македонија.

Третото прашање е исто до министерот за земјоделство, но не е тука, заменикот е тука, а се однесува на концесиите кои издавате за земјоделско земјиште.

Вие како Министерство располагате со земјоделското земјиште во Република Македонија и имате дискреционо право да решавате на кого ќе го доделите земјоделското земјиште. Ова ваше дискреционо право го узурпирате и го доделувате земјоделското земјиште на луѓе или фирми кои воопшто не се занимаваат со земјоделие ниту имаат можност да се занимаваат, немаат средства за работа. Тоа е случај со повеќе земјоделски задруги кои беа ликвидирани, ликвидирани или продадени на лицитација и сегашните газди кои се сопственици или фирми кои ги купија тие задруги се доведуваат во ситуација да останат без земјиштето кое, ако го изгубат, ќе немаат предмет за работа. Вие, без окото да ви трепне го давате истото земјиште на луѓе кои потоа го издаваат под наем за 1000 денари по декар.

Дали чувствувате некоја грижа за штетата која ја правите на Република Македонија воведувајќи вакви потези кои се прават во момент кога Република Македонија има недостиг на храна или преведено во бројки 170 милиони евра дефицит - увоз - извоз. Факт е дека земјоделското земјиште во Република Македонија со оваа населеност што ја имаме како држава од два милиони жители да не можеме да се прехраниме, дека лошо ја планирате работата и останува една огромна површина на земјоделско земјиште воопшто необработена, незасеана, благодарејќи на министерот за земјоделие, затоа што ја има доделено на луѓе кои немаат никаква допирна точка со земјоделието.

Сакам да ми одговорите колку такви случаеви имаме на доделување на земјиште на вакви луѓе дури и фирми кои не се занимаваат со земјоделие.Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Првото прашање е до министерот за локална самоуправа.

Повелете господине Сулејмани.

**Ризван Сулејмани:** Благодарам претседателе.

Прво, Министерството за локална самоуправа не е надлежно за електрификација на селата, претпоставувам дека пратеникот сакаше да постави прашање дали селото спаѓа во една од категориите неразвиени ридско - планински или погранични места за да може да биде опфатено со Законот за недоволно развиени подрачја. Конкретно, дали тоа село спаѓа во една од трите категории кои би можеле да бидат третирани во Фондот за недоволно развиени подрачја не можам да ви кажам и вториот услов, за да може евентуално да биде опфатено прво треба да се поднесе барање и проект.

Барањето се поднесува до Бирото за недоволно развиените подрачја и на основ на Програмата која Владата ја усвојува, Бирото за недоволно развиени подрачја помага во одредели случаеви ако, како што реков, спаѓа во една од овие три категории.

За конкретниот случај, за конкретното село не би можел да кажам дали ги исполнува условите кои ги напоменав, со оглед на тоа што тоа е во Бирото за неразвиени подрачја. Во тој дел писмено ќе ви одговориме.

**Љупчо Јордановски:** Господине Стаменков дали сте задоволен од одговорот?

**Ванчо Стаменков:** Се извинувам што не бев прецизен, испуштив да кажам дека селото е во оние неразвиени на кота 600, мислам дека беше, значи припаѓа во неразвиените подрачја, неразвиените села и според тоа има поднесено, тоа го кажав многу прецизно, барање односно проект до Бирото за неразвиени подрачја.

Ве молам да ми одговорите дали конкретно ќе се реализира тоа барање или кога ќе се реализира, која година би било тоа.

**Љупчо Јордановски:** Писмено ќе ви биде одговорено.

Второто прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам претседателе.

Пчеларството е значајна гранка која има перспектива многу поголем отколку е моменталната состојба.

Со пчеларство се занимаваат луѓе на кои им претставува дополнителна дејност, има многу малку луѓе на кои пчеларството им претставува животна егзистенција.

Од тие причини, поради квалитетот на производите од пчелите, а тоа е медот и производи од мед се многу важни за исхрана на луѓето и поради начинот на нивното производство најголем дел се продава на пазарите и многу тешко се води евиденција која е таа количина на производство која се произведува во Република Македонија.

Владата на Република Македонија преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство води посебна грижа за пчеларството со тоа што секоја година во Програмата за поттикнување на развојот на земјоделието издвојува одредени средства, не многу големи, меѓутоа, во границите на можностите, издвојува средства за развој на пчеларството и со тоа го поттикнува пчеларството како дејност.

Сега имаме еден проект заедно со Република Турција каде во Источниот дел, тоа е Проект со неповратни средства значи грант каде учествува Владата на Република Македонија со сопствено учество. Со Проектот е предвидено покрај набавка на пчелни сандаци, едукација на населението кое сака да се бави со таа работа, Турција нудеше да се увезат пчели од Република Турција, меѓутоа, нашите стручњаци тврдеа дека

не треба да се увезува пчела од Турција, бидејќи таа била поарогантна, да не навлегувам во стручност, затоа прифативме само помош во другиот дел кој ќе даде голем придонес во развојот на пчеларството и сметаме дека со тој проект и не само тој, бидејќи тој проект сигурно ќе повлече и други проекти да можеме да го развиваме пчеларството.

Во таа насока е регистрирана фирма која ќе може да извезува мед и во Европската унија. Очекуваме дека со тој пласман во Европската унија, најверојатно со некоја инвестиција во подобро пакување на медот и другите производи од мед, очекуваме дека во наредниот период ќе имаме поинтензивен развој во оваа гранка и апсолутно сметаме дека оваа гранка е перспективна од повеќе аспекти и треба да ја поддржиме поинтензивно во наредниот период, но бидејќи прашањето беше што до сега, апсолутно и до сега ја поддржувавме, сакаме да ја унапредуваме, а и финансиски ја поддржуваме со неповратни буџетски средства.

За развојот на пчеларството имаме многу добри здруженија на пчелари како што е Здружението на пчелари во Куманово, Битола, каде преку тие здруженија вршиме едукација на млади пчелари кои сакаат да се бават со таа работа, има редовни саемски манифестации на тие производители каде можат граѓаните да се запознаат со вредностите од производството на мед.

Ние како Министерство ги спонзорираме тие манифестации, ги поддржуваме и апсолутно правиме максимум на она што може да се направи во насока на пчеларството во Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Дали господине Стаменков сте задоволен од одговорот?

**Ванчо Стаменков:** Претседателе, заменик министерот одговори, јас сакам да ми достави стратегија за развој на пчеларството во Република Македонија. Дали имаме подготвено такво нешто од која ќе видиме што работат во Министерството во оваа област.

**Љупчо Јордановски:** Дали имате дополнително прашање?

**Ванчо Стаменков:** Тоа е, да ми достави стратегија.

**Љупчо Јордановски:** Се повтори второто прашање како дополнително дали Министерството работи стратегија за пчеларството.

**Санде Џамбазовски:** Со секое доаѓање на министри во нашето Министерство имаме стратегија, тоа значи дека имаме повеќе стратегии и можеме на пратеникот да му дадеме која сака стратегија.

Меѓутоа, сакам да потенцирам дека сега работиме една стратегија која го опфаќа, покрај другото, и пчеларството. Значи, целокупното земјоделско-сточарско производство, во сточарството спаѓа и пчеларството. Тоа е стратегија за петгодишен период која ќе биде со оперативен план, прв пат правиме стратегија со оперативен план како ќе ја реализираме таа стратегија.

За изготвувањето на оваа стратегија ангажирани се, покрај домашни експерти и странски експерти и таа треба да биде, првиот материјал е веќе излезен, очекуваме да ја пуштиме во расправа некаде во март и до јуни да се донесе таа стратегија. Таа ќе биде најновата стратегија која ќе имам прилика да му ја дадам на господинот пратеник.

**Љупчо Јордановски:** Третото прашање исто така до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Се работи за концесии за земјиште.

Повелете господине Џамбазовски.

**Санде Џамбазовски:** Во Република Македонија има два вида на сопственост на земјиште. Едното е приватно, другото е државно.

Државното земјиште е сса 20%, зборувам за обработливо земјиште. Државното земјиште воглавно го обраборуваа или користеа досегашните комбинати и задруги.

Еден дел од комбинатите и задругите во меѓувреме се трансформираа и тие го задржаа земјиштето да го обработуваат и понатаму, но сега веќе со надокнада. Порано беше без надокната, а сега со одредена надокнада во Буџетот на Република Македонија за користење на површините.

Еден дел од комбинатите и задругите кои отидоа под стечај и ликвидација земјиштето остана слободно и може Министерството да го доделува на други корисници кои сакаат да го обработуваат. Затоа постои Закон за земјоделско земјиштo по кој закон се утврдени критериуми по кои може да се добие државно земјоделско земјиште на користење.

По тој Закон земјиштето може да се издава на една година, на пет години, на 30 години итн, или на плодоуживање. Значи, имаме една нова мерка која пред два години ја користевме во Овчеполскиот реон која се покажа како позитивна и ќе го продолжиме тој начин на делење на земјиштето таму каде имаме поголема површина на слободно државно земјиште.

Плодоуживањето се донесува со одлука, се утврдува површината, бројот на хектарите кои можат да се издаваат на користење, тоа се прави на јавен оглас и имаат право да користи исклучиво одредена категорија на граѓани т.е. стечајни работници, невработени, да не ги редам сите. Земјиште на плодоуживање не може да добие било кој, туку само одредени категории кои се пропишани во одлуката.

Земјиштето кое се дава на оглас, во оглас се пропишуваат критериумите кој може да добие

земјиште. Се даваат понуди по огласот, понудите се затворени, во Министерството се формира Комисија која одлучува, а по одлука на Комисијата министерот потпишува. Тоа значи дека по тој основ се доделува земјиштетот и за да некој добие земјиште, бидејќи тоа Законот го бара, ако е физичко лице да е регистриран земјоделец, ако е правно лице основната дејност да му е земјоделие. Тоа се основните критериуми кои мора да се задоволат, а понатаму следуваат другите критериуми во однос на Програмата за развој на земјоделството односно тие површини кои ќе ги добие треба да понуди програма за опременост на правното или физичкото лице кое конкурира на тоа земјиште, за бонитетот на фирмата ако е правно лице и по сите тие критериуми кој ги исполнува условите тој го добива земјиштето за кое конкурира.

Можно е да се случи, тоа не е ништо страшно, ако некој формира фирма која се бави со основна дејност земјоделство или некој се регистрира со дејност земјоделство физичко лице и тој може да добие земјоделско земјиште, бидејќи сака да се бави со таа работа доколку ги исполнува условите подобро од другите.

Значи, постојат критериуми, нема давање на земјоделско земјиште со некои дискрециони права. Имаше дискрециони права давање на една година каде можеше министерот да го издава на една година, ние сметавме дека тоа не е добро решение и покрај тоа што стои во Законот, нашиот министер тоа не го користи како право, туку исклучиво земјиштето се дели на оглас.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стаменков.

**Ванчо Стаменков:** Почитуван претседателе, моето прашање на крајот го сублимирав само во една реченица. Прашав конкретно, колку и на кои фирми или луѓе е дадено земјиште, а да не ги исполнуваат условите да го добијат земјиштето. Такви постојат, па барам да ми се достави список. Вие проверете кои добиле, како добиле и да доставите список кои се тие и зошто добиле, да ми одговорите, а не го исполниле условот од Законот кој го цитиравте тука што треба да се исполни. Има многу такви случаеви.

**Љупчо Јордановски:** Ова е дополнителна констатација, можеби е точна можеби, не повелете господине заменик министре.

**Санде Џамбазовски:** Мислам дека прашањето не е добро поставено. Ние сметаме дека нема неправилно делење на земјиште. Доколку пратеникот има такво сознание дека некој добил земјиште без да ги исполнува критериумите, добро е да ни посочи, да го откриеме и да му го одземеме правото на користење на земјиштето.

Апсолутно, ако имаме такво сознание имаме право веднаш да му го раскинеме договорот за користење на земјиштето така што такво сознание до сега немаме. Ако има ќе пратиме инспекција и веднаш тоа ќе го откриеме.

**Љупчо Јордановски:** Што ако е негов комшија, не сака да кодоши човекот.

Повелете господине Халими имате 10 минути за три прашања.

**Иљаз Халими:** Благодарам господине претседател, имам две прашања до Министерството за надворешни работи и едно до Министерството за транспорт и врски.

Првото прашање е до Министерството за надворешни работи.

Пред извесно време конзулот на Република Македонија во Тирана господинот Шукри Сабриу, како што знаеме сите, има издадено привремен документ на една граѓанка чие живеалиште го има напишано на албански јазик. На албански јазик има напишано Крчова.

Овој негов факт се претвори во афера од страна на амбасадорката Елеонора Каранфиловска Ретклиф која е толку трогната што наместо топонимот Кичево има напишано Крчова така што ова го драматизираше како повредување на дипломатската процедура барајќи да се повлече од позицијата амбасадор во Република Албанија.

Госпоѓата Елеонора го има поништено ова негово делување како делување на дипломат како една од големите неправилности во функционирање на амбасадата во Тирана.

За овој случај на 14 февруари 2006 година специјалната Комисија при Министерството за надворешни работи на господинот Сабриу му изрече казна со намалување на платата од 20% и негово повлекување како конзул во Тирана.

Ова, за жал, се случува во време кога врз основа на Охридскиот договор и Уставот покрај македонскиот јазик друг службен јазик во Македонија е и албанскиот јазик.

Јас не се чудам толку на ваквите реакции кога се знае од каде доаѓаат тие. Меѓутоа, ме вознемирува фактот, заначи нереагирањето на владиниот партиципиент на ДУИ која што ги претставува албанците во Владата и за ова е најмногу одговорна за реагирање кога не се имплементира Рамковниот договор и Уставот. Значи, овде не се говори само за штитење на господинот Сабриу од казна, туку повеќе од потребата за една општа заштита која што беше една од многуте причини според врвовите на ДУИ зошто почна конфликтот во 2001 година. Имајќи го предвид ова што го кажав, барам од госпоѓата министер, или од Министерството за надворешни работи, или претставникот на Министерството за надворешни работи што е тука присутен да разјасни зошто се случи ова на еден албански кадар кој што не направил никаков грев, освен што го има спроведено Уставот, како и кои се тие други нерегуларности кои што нему му се упатуваат со кои што тој се товари.

Второ прашање, во списанието "Теа" во бројот од месец февруари 2006 година државниот советник во Министерството за надворешни работи Данчо

Марковски говори за значењето на дипломатските претставништва што ги има Република Македонија во светот. Тој меѓу другото вели дека е голем успех за Македонија што за краток период од 15 години од осамостојувањето во светот има 42 дипломатско конзуларни претставништва каде што се вработени околу 150 луѓе. Во ова нема ништо спорно и нормално дека нас не радува овој факт што сме постигнале да имаме толку претставништва, меѓутоа и број на вработени кадри. Имајќи го предвид Рамковниот договор и амандманот 6 алинеа 1 од Уставот која што предвидува правично и соодветно застапување на граѓаните кои што припаѓаат на сите заедници во органите на власта и јавните институции и тоа на сите нивоа, прашувам оваа уставна определба колку е почитувана во ова Министерство. Значи, ме интересира, сакам да знам каква е националната структура на овие 150 вработени во дипломатско конзуларните претставништва и тоа според нивото на работите што ги вршат тие. На пример, од сите возачи колку се Македонци, Албанци, Турци, Срби, итн, или од сите први секретари колку се Македонци, Албанци, Турци итн.

И третото прашање до министерот за транспорт и врски. Ова е веќе трет пат, или четврти пат, самиот веќе сум заборавил, што го поставувам истото прашање кое што во однос на Законот за безбедност во сообраќајот донесен во мај 2002 година. Според измените и дополнувањата на овој ист Закон што се направија во мај 2002 година се предвидува ознаките во сообраќајот за сигнализација и дополнителните табели на магистралните и регионалните патишта да бидат напишани на македонски јазик и на кирилично писмо, додека на териториите на единиците на локалната власт каде што најмалку 20% од граѓаните говорат на друг јазик, друг службен јазик освен македонскиот и на тој јазик и на писмото на тој јазик. Од одговорите што сум ги добил досега од Министерството за транспорт и врски овој Закон не е оспоруван, меѓутоа оправданијата за неспроведувањето на истиот во целост биле разни. Тие оправданија воглавно се во однос на недостаток на финансиски средства или неможност за изготвување на истите. Меѓутоа, целта на пролонгирањето на спроведувањето на ова право кое што се предвидува во Законот всушност според мене не е до финансиските средства, туку ова се прави намерно. Според мене, всушност одговорноста за ова паѓа врз раководните лица во Министерството за транспорт и врски, Фондот за магистрални и регионални патишта, како и во Македонијапат кои што за среќа или за жал ги раководат кадри на ДУИ. Дека е така како што велам најдобро се гледа од последниот одговор што го добив од ова Министерство каде што се вели, цитирам: Фондот за регионални и магистрални патишта на Република Македонија работи според годишната програма за одржување на патиштата. Во таа програма се предвидуваат финансиски средства и редовни инвестиции за одржување на сигнализацијата во сообраќајот. Со тие средства се инвестира во магистралните и регионалните патишта според приоритетите. Најголемиот дел од овие средства се предвидени за хоризонталната сигнализација што се прави секоја година. За спроведувањето на два јазика на вертикалната сигнализација во сообраќајот во Македонијапат одпочнато е изготвување на еден ваков тип на проект. Со тоа завршува одговорот. Овој одговор сум го добил на поставеното прашање на 25 март 2004 година. Иако поминале две години од добивањето на овој одговор и 4 години од измените што се направија во овој Закон, повторно ништо ново нема на ова поле. Пред 3, 4 дена намерно излегов на пат од Куманово до Струга и никаде не наидов на ниту еден натпис во сообраќајот каде покрај македонскиот јазик е напишано и на албански јазик.

Затоа поставувам прашање до кога ќе манипулирате со неспроведувањето на овој Закон и навистина дали ќе го спроведувате, или ќе продолжите вака како што е? Исто така, барам од државниот обвинител Прчевски, или од другите органи да покренат судска постапка против сите оние што се одговорни за неспроведувањето на овој Закон.

**Љупчо Јордановски:** Првото прашање е поставено до Министерството за надворешни работи.

Има збор господинот Фуад Хасановиќ.

**Фуад Хасановиќ:** Благодарам господине претседателе. Прво да кажам дека така наречениот случај на дипломатот Шукри Сабриу не е објавен во јавноста преку амбасадорот Каранфиловска, туку тоа е објавено на прес коференција на една политичка партија.

Второ, поведена е постапка која е сосема во согласност со законските прописи и внатрешните акти на Министерството за надворешни работи и решението во потполност кореспондира со утврдената фактичка состојба.

Трето, барањето на амбасадорот Каранфиловска да биде ослободена од должноста амбасадор на Република Македонија во Република Албанија не може да се доведе во никаква врска со така наречениот случај на дипломатот Шукри Сабриу.

**Љупчо Јордановски:** Дали сте задоволен од одговорот господине Халими?

**Илјаз Халими:** Нормално дека не сум задоволен и претставникот на Министерството за надворешни работи не одговори за другите нерегуларности со кои што се терети конзулот Сабриу. Тоа е прво. И второ, не знам дали во Уставот го има прочитано амандманот 5 алинеа 2 што пишува. Таму меѓу другото стои: друг службен јазик во Република Македонија е и оној јазик што го говорат над 20% од населението. Овој услов освен македонците го исполнуваат само албанците. Доколку е така, тогаш има право

секој албански дипломат, секој албански претставник да одговори на еден од овие два јазика, било македонски, било албански, дури и во овој случај конзулот не погрешил што наместо Кичево напишал Крчова. Мислам дека треба да се интерпретира правилно Уставот, бидејќи ние сме го донеле истиот и нормално сносиме одговорност доколку не се почитува.

**Љупчо Јордановски:** Колку што разбрав немаше дополнително прашање. Евентуално ако имаме коментар? Немаме коментар.

Второто прашање е поставено до Министерството за надворешни работи, во врска со правичната застапеност во рамките на МНР.

**Фуад Хасановиќ:** Благодарам господине претседателе. Јас во овој момент ги немам точните бројки и не би било сериозно да импровизираме, бидејќи се работи за точни податоци кои ги има Министерството и Владата на Република Македонија за правичната застапеност, односно застапеноста на етничките заедници во Министерството за надворешни работи. Господинот Халими знае дека во 2002 година во месец септември беа примени над 30 припадиници на етничките заедници во Министерството за надворешни работи. Според ПАЦЕ програмата исто така дојдоа определен број на припадници на етничките заедници во рамките на Министерстото со средна стручна спрема и постоечкиот број што беше и пред 2002 година, мислам дека нашето Министерство односно Министерството за надворешни работи е една институција на државата која според бројките кои ги има, односно според застапеност на етничките заедници е во рангот на институција каде што застапеноста се приближува кон оптималниот број, со оглед на тоа дека се работи за процес, за динамика која и со планираните кадри кои треба според Програмата на Владата да дојдат во наредниот период, мислам дека во скоро време бројката на припадници на етничките заедници во Министерството ќе биде оптимална.

Што се однесува до застапеноста на етничките заедници во дипломатско конзуларните претставништва, морам да кажам дека се води сериозна грижа за застапеноста на етничките заедници во нашите ДКП. Само во овој момент можам да кажам дека сите поголеми дипломатски центри во светот се застапени, имаат претставници на етничките заедници во Вашингтон, Лондон, Берлин, Париз, Рим, во нашите мисии во ЕУ и НАТО исто така има припадници на етничките заедници. Се води грижа за застапеност на професионални дипломати во тие претставништва и во другите претставништва на Република Македонија, Македонија надвор. Да потсетам дека согласно внатрешните акти дека е потребно најмалку две години да се биде вработен во Министерството за да може да биде еден професионален дипломат упатен на работа во странство. Сега јас во овој момент не можам да кажам каква е структурата внатре во рамките на ДКП како што спомена господинот пратеник, советници, први секретари и другите звања во ДКП, но тоа можеме да го направиме и по писмен пат и да биде информиран за структурата на дипломатите во овој однос. Инаку, што се однесува и за кадарот со средна стручна спрема ќе доставиме писмена информација за тоа како се застапени етничките заедници, со оглед на тоа дека голем дел, како што спомена господинот пратеник, на пример возачи, и други услужни дејности во рамките на ДКП, ние ги обезбедуваме преку ангажирање на локал-став.

**Љупчо Јордановски:** Господине Халими, дали сте задоволен од одговорот?

**Илјаз Халими:** Бидејќи претставникот на Министерството за надворешни работи нагласи дека ќе одговори во писмена форма за етничката застапеност по овие ДКП, тогаш јас го прифаќам ова и очекувам писмено да ми одговори на ова прашање што го поставив.

**Љупчо Јордановски:** Третото прашање е поставено до Министерстото за транспорт и врски.

Има збор Џемали Мехази, министер за транспорт и врски.

**Џемали Мехази:** Што се однесува на прашањето, според пакетот на закони за децентрализација и Законот за јавни патишта, назначувањето на локалната власт веќе е обврска и надлежност на локалната власт. Што се однесува во делот на регионалните и магистралните патишта веќе е општо познато дека тоа се прави со годишна програма донесена од Владата на Република Македонија, на Фондот за патишта, а имплементатор за конкретното прашање е Јавното претпријатие Македонијапат. Во оваа година веќе се превземени мерки и во делот на средствата што се одвоени од Буџетот на Република Македонија за одржување и инвестиции во ЈП Македонијапат се одвоени 1 милијарда денари и плус и сопствени средства, други средства кои ги остварува Македонијапат, ќе се постапи во делот на имплементација на законската обврска, како што кажа и пратеникот со посебни програми и проекти.

**Илјаз Халими:** Овој одговор го добивам веќе три пати. Значи, на истиот начин се прават обиди, значи се прават програми, се предвидуваат средства, се подготвуваме, меѓутоа за жал, веќе 4 години одкога е донесен овој Закон, тој не се спроведува што се однесува на спроведувањето на двојазичноста на маѓистралнита и регионалните патишта што е надлежност на Министерството за транспорт и врски, конкретно на Македонијапат. Затоа јас барам точно да ми се каже, значи, до овој месец, или оној месец ќе се заврш оваа работа, дали за 5, 6, или незнам колку месеци и дека на крај фактички нема да имаме можност повторно да поставиме прашање и да добиеме ист одговор. Всушност,

Законот не се почитува, не се превземаат мерки за истото, значи почнувајќи од Куманово до Струга е истата ситуација.

**Љупчо Јордановски:** Дали ова последново како барање да кажат точно временски период, е дополнително прашање?

**Џемали Мехази:** Конкретно за да се одговори со временски рок не е можно во смисол на комплетно промена, затоа што тоа е процес. И според првичните проектирани направени анализи од страна на Македонијапат, потребни за комплетно имплементирање средства над 400 милиони денари. Така што во Буџетот, значи за имплементирање на проектот, тоа е процес кој ќе трае, со оглед на тоа колку средства е можно да се одвојат освен за другите потреби, значи за одржување, инвестирање на јавните патишта и за оваа намена. Така што тоа е еден процес кој ќе трае и ќе оди парцијално секоја година.

**Љупчо Јордановски:** Господинот Аднан Ќахил, десет минути, три прашања.

**Аднан Ќахил:** Пред да ги поставам моите три прашања, само една кратка сугестија до Владата, бидејќи пред месец дена поставив прашање во врска со состојбата во Телеком и побарав писмен одговор. До ден денес не добив таков одговор. Заради тоа што луѓето очекуваат да им го пренесам одговорот и да се пренесе преку Владата, би требало тој одговор да го имам. Зошто не е даден тој одговор, пак поставуам прашање и би требало тој одговор да го имам во писмена форма за да денеска тоа го дискутираме. Се надевам дека во иднина ќе ни удостои Владата со тој писмен одговор во врска со прашањето за Телеком.

Јас ќе поставам три прашања.

Првото прашање ми е до премиерот, или заменик министерот за земјоделие да одговори. Се работи за состојбата со производство на млеко во Република Македонија. Состојбите со производство на млеко во Република Македонија од година во година се повеќе се влошуваат. Имаме увоз на евтино млеко од државите што за овој производ даваат премија од 5 до 7 денари за литар, како што е на пример во Хрватска, Словенија, Србија и Маџарска и извоз и стимулации во износ од 20%. Ова очигледно ги уништува нашите сточари и нашето производство и секоја зима поминува со млечна криза. И зимава очигледно се најавува проблемот со откупот на млеко што прочем имаше и со други земјоделски производи. Оттука произлегува и основното прашање, што ќе превземете за надминување на овој проблем и стопирање на колежот на кравите. Имам сознание дека од 2003 до 2006 година во Македонија не е отворена ниедна краварска фарма. Напротив, кравите се колат, или се продаваат во соседните земји, како што е во Србија и во Косово, дел и во Албанија одат. Затоа прашувам, дали Владата има стратегија за развој на краварството, или пак се откажува од оваа сточарска гранка што живот значи за околу 50 илјади земјоделци. За млекото порано имаше премија. Дали мислите и размислувате да дадете премија од 5 денари за литар на нашите сточари, исто како на пример во Србија, или ќе дозволиме да пиеме млеко од Србија како до 1993 година.

Значи, моето прашање е упатено до премиерот, ако не, може и до заменик министерот за земјоделие, бидејќи се работи за стратегија, што мислите да направите во овој домен. Би сакал да ми одговорите за оваа работа.

Второто прашање се однесува до министерот за животна средина и просторно планирање. Ќе поставам многу кратки прашања.

Второто и третото прашање ќе ги поставам до Министерството за животна средина и просторно планирање, прашањата ќе ги поставам многу кратко, а во врска со одговорот ќе дадам евентуално мои дополнителни коментари.

Второто прашање се однесува за она што во јавноста протече информацијата дека се увезени големи количини гуми за согорување во Цементарницата УСЈЕ или ТИТАН од Скопје, над 8 илјади тони. Што преземавте за тоа, дали е тоа дезинформација, јас лично сметам дека не е дезинформација, ќе објаснам зошто е тоа така и што во таа насока мислите да направите, бидејќи согорувањето на гумите, без соодветна контрола, без соодветна заштита и заштитни механизми, очигледно претставува "најголем криминал" за уништување на здрава животна средина, воздухот.

Би замолил за одговор од Министерството во врска со овој проблем.

Третиот проблем веќе еднаш поставив, очекував дека во тој период, како што се договоривме, дека ќе добијам одговор или ќе имаме консултации, јавна расправа, во врска со депонијата во селото Чојлија, во врска со громобраните и складирањето на громобраните што зрачат. Истовремено, во последно време, во јавноста почна да се шпекулира и во новините пишува дека сеуште постојат громобрани кои се користат и кои зрачат и се опасни за средината.

Поставувам прашање, до каде е стасан проектот во Чојлија, дали е при крај, до каде е и на кој начин се мисли да се заштити средината, пред се во тоа село, па потоа и она што се нарекува складирање на громобрани што зрачат, а очигледно и ден денеска се користат во некои средини.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Претставник на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за краварството, млекото. Повелете.

**Санде Џамбазовски:** Благодарам господине претседателе.

Краварството е една од значајните гранќи во земјоделството во Република Македонија и

Владата на Република Македонија прави напори како оваа гранка да биде што подоходовна, односно создава одреден амбиент како да биде подоходовна. Краварството, за тоа Владата прави неколку напори во интерес на развојот и во интерес на заштита на кравјото млеко.

Во Република Македонија, ако се избалансира на годишно ниво, имаме поголема потрошувачка отколку домашното производство на млеко. Говорам на годишно ниво со тоа што во одредени периоди имаме недостиг на млеко, а во одредени периоди имаме вишок на млеко. Вишокот го имаме на пролет, кога е најголема количина млеко по единица грло и тогаш имаме вишок.

Како Република Македонија не е затворена држава, таа има и увоз и извоз и тн., водиме посебна сметка преку договорите за слободна тутунопроизводителите ргровија, како со земјите со кои што ги склучуваме, се разбира и со ЕУ, каде што никаде млекото без царина не може да се увезува во Македонија или од некаде има, со мали количини да може да се увезува без царина во Македонија. Тоа е едниот механизам, од механизмите што Владата ги прави, може да го прави и го прави во однос на заштита од увоз на евентуално поевтино млеко во Република Македонија, што може да го наруши домашното производство на млеко.

Во последниве две години, посебно после нова година, имаме добар извоз во соседна Грција, каде што Битолската млекара секојдневно извезува кравјо и овчо млеко. Меѓутоа, и покрај тоа што битолската млекара извезува секојдневно млеко за Грција, со овчото млеко нема проблем, бидејќи Грција го прима млекото во неограничени количини, меѓутоа кравјото млеко не може да го прими во неограничени количини и во одредени периоди имаме вишок на млеко.

Краварството се поддржува од Буџетот на Република Македонија. Не по литар млеко, него по крава. Така што, во Програмата за поттикнување на развојот на земјоделието, краварството е предвидено со поддршка на средствата од Буџетот. Како и секоја, така и оваа година е предвидено поддржување со средство од Буџетот. Таквата поддршка никогаш нема да биде доволна доколку не успееме да најдеме начин како да произведеме поефитина храна за да може да биде поефитино происводството на млеко за самите производители.

Тука морам да кажам дека имаме релативно мала продукција по единично грло крава по однос на другите земји, сакате со соседните, а уште е полошо со Европските земји па дури и со Америка, какде што има многу поголеми количини на млеко по една крава, за разлика од кај нас, каде имаме помали количини.

Имаме недостаток на сточна храна од домашно производство. Тука правиме други напори во однос на склучувањето на договорите за слободна трговија, каде што целата сточна храна што влегува во Република Македонија доаѓа без царина. Значи и тој амбиент Владата го прави во насока на олеснување или поевтинување на сточарското производство, во дадениот случај краварството.

Не би можел да се согласам дека целото кравroutarство оди во Албанија, во Србија и тн., дека масовно се колат кравите, што не е исклучено. Секогаш има определени луѓе кои сакаат да чуваат или не сакаат да чуваат. Секогаш има промет, меѓутоа, денеска во Република Македонија имаме 150 илјади грла крави. Тоа е бројка, регистрирана, обележана и е апсолутно точна. Затоа ја кажувам како бројка.

За оваа година нема предвидено одредена премија по литар млеко. Има само по грло крава. Во наредните години како тоа ќе биде, ќе видиме.

Во однос на прашањето дали имаме стратегија за развој на краварството, да имаме стратегија, со тоа што правиме, на едно од петходните прашања кажав, правиме друга, најнова стратегија што сакаме со оперативен план да ја направиме, со точно време и кога треба да се реализира  таа програма. . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Џамбазовски, молам да бидеме пократки, нема да имаме време, има уште два прашања. Коментарот е три минути, а знам дека заменикот министер за економија знае подолго да зборува.

Повелете господине Аднан имате три минути.

**Аднан Ќахил:** Благодарам за одговорот.

Ќе се согласам само со една констатација дека краварството, како што се и другите земјоделски дејности е  комплексно прашање и треба комплексно да се решава. Тоа е очигледен приоритет.

Но, на прашањето не ми одговоривте, затоа што јас конкретно кажав, од 2003 до 2006 година ниту една краварска фарма не е отворена. Во тој временски период, најодговорно тврдам, а можеме и да провериме заедно дека многу ситни краварски фарми, не зборувам за големи комплекси, се на работ на уништување, ги продаваат кравите и нема да конкурираат. Очигледно ека сме пазарна економија, во даден момент имаме вишок на млеко, во даден момент недостиг. Со сите со кои имаме договори за слободна трговија, одговорно можам да ви кажам, тие работи ги знам, порано делевме квоти и контингенти. Но, сега е прв дојден, прв услужен. Но, тоа се внесува без царини. Внесување без царини не значи дека во тие земји тие луѓе не добивале субвенции во своите држави, со што нивното млеко станува поефитино. Зборувам за таа ситуација, за да може нашето млеко да биде поевтино, како што реков дека импутот во производството на млеко е многукратен, имаме скапа сточна храна, во тој дел очигледно стратегијата изостанува. Иако сме транзициона економија или пазарна економија, сеуште пазарните механизми на економијата не се

усталени во Република Македонија, па затоа треба да има стратегија.

Од она што го констатирав во овој период, од 2003 до 2006 година не видовме никаква стратегија во однос на производството на кравјо млеко. Сведоци сме секоја година, како што впрочем и за другитер производи, дека имаме е дноставно проблем со пласманот на нашето млеко. Некаде, некогаш инцидентно некои фирми пласираат во Грција, но очигледно дека тоа не е стратегија на една држава. Стратегија на една, како што е стратегија на другите држави во ЕУ, а ќе ви дадам пример не само во соседниве земји, во Франција и Холандија, особено за млекото се даваат огромни субвенции да нивното млеко биде конкурентно. Од млекото се произведува се и сешто. Иако млекото е најиспитувана супстанца, тоа е единствена супстанца што не може да се произведе по синтетички пат.

Затоа е многу важно, за општото добро, за исхраната, за нашата дејност земјоделието млекото да биде субвенционирано и да има стратегија за развој на млекото. Тоа не се прави и тоа не е видливо во оваа стратегија.

Немам дополнително прашање, но коментарот останува. Ќе видиме како во иднина вашата стратегија каква ќе биде во овој дел.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Како што рековте, немате додатно прашање.

Тогаш одиме на второто прашање, упатено до Министерството за животна средина и просторно планирање.

Тоа е прашањето за користење на гуми за согорување. Тука има две прашања. Одберете на кое ќе одговорите. Дали е тоа вистина, тоа е првото прашање и второто прашање што преземате, претпоставувајќи дека е тоа вистина?

Повелете, одговорете.

**Драгољуб Матовски:** Ќе одговорам на двете прашања, но не во таа конотација, туку во вистината.

Прво, сакам да укажам, со полн респект на поставените прашања од страна на ценетиот пратеник, бидејќи се насочени со најдобра намера во надминување на одредени дезинформации што се во јавноста за исклучителни прашања што може да имаат наместо позитивна, за жал лоша конотација.

Пред се, навистина, неконтролираното горење на гумите е едно од најголемите загадувања во државата, не само тука,туку и во други земји. Токму за тоа Министерството направи напори да го реши овој проблем, бидејќи до крајот на 2006 година, согласно Конвенцијата за складирање на гуми по сите отпади, истиот мора да има стратегија за нивно согорување.

Светот познава еден од начините на согорување на гуми на температура поголема од 800 степени, дури над илјада степени и со филтри што не би дозволиле загадување во просторот над дозволените граници за гасовите.

Морам да кажам дека во соработка, во кординација со УСЈЕ беа направени напори, бидејќи е тоа единствената печка во Македонија од овој тип, каде што слични случаеви биле и се користат и во поразвиените земји во Европа, да не набројувам по ред поради времето, Австрија, Франција, Германија итн., начин на согорување на гуми во цементарите. Беа направени напори, за оваа немена се увезоа, со одобрение на Министерството за животна средина 2000 тони во Цементара. Факт е, точно е дека се увезени само 2000, а 8000 е дезинформација. На четири пати се увезувани. Но вкупно 2000. Ова имајте го апсолутно како точно и верувам дека ми веруватет, бидејќи добро се познаваме.

Втората работа е што за тестирањето на целиот процес беше моритирана екипа на ТЕСО, овластена Чешка фирма што направи, за време на пробните согорувања, тестирање, а истите резулати беа потврдени и верифицирани од Технолошкиот факултет во Скопје. Според тоа, сето она што беше со согорувањето е во границите на дозволеното. На крајот на краиштата, самиот технолошки процес во УСЈЕ не дозволува употреба на поголеми количини во процесот, од 5 до 7 максимум 9% бидејќи се нарушува квалитетот. Според тоа, целата постапка и целата работа е во една контролирана форма е манифестирана за време на согорувањето во присуство на експерти, новинари, граѓани од месноста и е целата, навистина, во една голема транспарентност.

Еве толку, не би сакал повеќе да должам. Бидејќи времето не ми дозволува, ако можам да одговорам и на третото прашање, а доколку имате додатно прашање, можам да одговорам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Аднан, повелете.

**Аднан Ќахил:** Една работа е да имаме согорување на гуми, за тоа што нашите гуми нема каде да ги фрлиме, а друго е да увеземе гуми и ги согоруваме, бидејќи се работи за гориво за УСЈЕ. Тоа се две различни работи.

Ви верувам дека две илјади тони се, но верувам на моето искуство и она што пред неколку дена, кога излегов во Трговскиот центар имаше страшна миризва во градот, а тоа се мирисот фурани, а фурани поттекнуваат од согорување на гуми. Не сакам да кажам дека тоа се прави. Едноставно, зошто давате дозвола да се увезат гуми за согорување? Правите експеримент или дозволувате да се употреби како материјал за согорување? Друго е да имаме ние потреба во Македонија да немаме каде да ги фрламе гумите, па да создаваме услови за согорување, бидејќи само таму постојат. Тоа се две различни работи.

Инаку, јас не сум против тоа и тврдам дека согорувањето може да биде безопасно, да биде добро во контролирани услови, но под услов да

имаме навистина таква ситуација. Најодговорно кажувам, и неколку други луѓе кои ги знам, се жалеа на таа работа. Инаку, немам никакви забелешки ако тоа се прави во контролирани услови, ако има соодветни филтри, разно-разни контролни системи за согорувањето, така што тоа е нешто што во цел свет се прави. Тоа не е спорно. Благодарам.

**Драгољуб Матовски:** Уште едно дополнување.

Увезените две илјади тони гуми, сецкани се од тоа што буквално целата апартура, да се согорува цела гума во димензии какви што се, од најмали автомобилските до тракторските бара исклучително голема инвестиција. Согорувањето на сецканата гума дава можност на одреден начин а се реши проблемот.

Ова беше чисто како пробна работа. Со никаква работа за додатно увезување. Дури, иницијативата е да се направат активности, а се соберат гумите, сецканите гуми, па понатаму да се трошат во УСЈЕ. Тоа е филозофијата на увезувањето.

**Љупчо Јордановски:** Навистина, тука завршуваме. За третото прашање ќе добиете писмен одговор. Нема време.

Благодарам.

Писмено ќе одговорите.

Ја заклучувам 126 седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 18,00 часот).